# МАПИРАЊЕ И СТУДИЈА ЗАСНОВАНА НА ИСТРАЖУВАЊАТА ВО ЗАЕДНИЦА НА АДОЛЕСЦЕНТИ ПОД НАЈГОЛЕМ РИЗИК ОД ХИВ/СИДА/СПИ

Скопје, декември, 2007

*Истражувањето е направено од тим на истражувачи од Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје*

**ИСТРАЖУВАЧКИ ТИМ**

**Главен истражувач:**
Доц. д-р Љупчо С. Ристески, Институт за етнологија и антропологија

**Асистенти истражувачи:**
М-р Даворин Трпески, дипл. етнолог, Институт за етнологија и антропологија
Марија Тошева, дипл. социјален работник, НВО ХОПС, Скопје
Вања Димитриевски, дипл. етнолог, Институт за етнологија и антропологија

**Ментори на теренското истражување:**
Зоран Јорданов, НВО ЕГАЛ, Скопје
Светлана Војновска, дипл. социјален работник,
Институт за социјална работа и социјална политика
Влатко Деков, дипл. социјален работник, НВО ХОПС, Скопје

**Теренски истражувачи:**
Зоран Јорданов, НВО ЕГАЛ, Скопје
Катерина Партинова, НВО ХОПС, Скопје
Мила Царовска, НВО ХОПС, Скопје
Фроска Нанова, НВО Избор, Струмица
Билјана Мицева, НВО Избор, Струмица
Стево Димушевски, НВО ХОПС, Скопје
Никола Недески, дипл. социјален работник, НВО ХОПС, Скопје
Кирил Пенов, лекар, НВО ХОПС, Скопје
Александар Ситниковски, дипл. социјален работник, НВО ХОПС, Скопје
Роберт Јовановски, НВО ХОПС, Куманово
Соња Алексиевска, дипл. психолог, НВО ХОПС, Куманово
Петар Петрески, НВО ХЕЛП, Гостивар
Иван Стојаноски, дипл. социјален работник, НВО ХЕЛП, Гостивар

**Администратор на Проектот:**
Елизабета Павковиќ, дипл. етнолог, Институт за етнологија и антропологија

**Меѓународен консултант ангажиран во дизајнот на истражувањето, ревизија на финалниот работен извештај, текст на извршното резиме и препораките од извештајот:**
Јоана Буша, предавач, Центар за популациони студии,
Лондонска школа за хигиена и тропска медицина, Лондон, Велика Британија

**Надзорен комитет на истражувањето**
Д-р Гордана Кузмановска, епидемиолог, Републички завод за здравствена заштита
Д-р Сандра Кузмановска, Министерство за здравство,
раководител на проектот поддржан од Глобален фонд за ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија
Проф. д-р Весна Димитриевска, социолог, Институт за социологија
Славица Шекутковска, претседател на Здружение на социјални работници на град Скопје
Катерина Миовска, претседател, НВО Х.Е.Р.А - Асоцијација за здравствена едукација и истражување
Нора Стојановиќ, Македонска мрежа за намалување на штети
Миодрага Стефановска, НВО Македонска интеретничка асоцијација
Д-р Силвана Ончева, локален ревозор на проектот
поддржан од Глобалниот фонд за ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија
Д-р Игор Вељковиќ, раководител на програма, Канцеларија на УНИЦЕФ во Скопје

Истражувањето беше направено со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје. Соопштенијата во оваа публикација се ставови на авторите и не мора да ги рефлектираат политиката или ставовите на УНИЦЕФ. Публикацијата не е издадена според стандардите на УНИЦЕФ.

# РЕЗИМЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ

## ВОВЕД

Иако распространетоста на ХИВ во ПЈР Македонија[1] останува сконцентрирана во рамките на посебни маргинализирани популации кои се впуштаат во ризични однесувања, како: употреба на дрога со инјектирање, размена или продавање сексуални услуги и незаштитен анален однос на машко со машко, изминатите години, во земјата расте загриженоста дека адолесцентите (според дефиницијата на СЗО, возрасна група од 10-18 години) и младите луѓе (10-24 години) можат да бидат занемарени и дека не добиваат задоволителна услуга од соодветните служби за превенција и лекување. Со цел да се посочат потенцијалните празнини во обезбедувањето услуги за најмладите членови на ризичните групи и да се дефинираат нивните потреби, УНИЦЕФ нарача тематско/целно истражување на состојбата на адолесцентите од најризичните групи во Македонија, дефинирани како млади луѓе под 18 години, кои се впуштаат во една од следните активности познати по зголемувањето на ризикот од заболување и пренесување на ХИВ: инјектирање дроги (ИД), сексуална работа (СР) и незаштитен секс со лица од ист пол помеѓу мажите (МСМ).

Разгледувањето на претходните студии покажува дека постојат значајни податоци за структурните фактори што можат да ги доведат во ризик младите луѓе (одбивање на здравствено осигурување и посебни служби за намалување на штети, наменети за лица помали од 18 години), како и за некои норми и пристапи што влијаат на нивните избори. Првото истражување, започна од перспектива на „здравствените системи", се фокусираше на познавањето или употребата на службите и не содржеше информации засновани на сопствените перцепции на адолесценти под највисок ризик на ХИВ/СИДА/СПИ (АПНР) што би можеле да го зголемат сфаќањето на нивната локална средина и социјалните мрежи, како и зошто донесуваат некои одлуки и кои им се потребите, од нивна гледна точка. Оваа студија беше дизајнирана како квалитативно истражување на заедницата на АПНР и нивните ставови и однесувања, поврзани со превенција од ХИВ и други негативни последици по здравјето.

Истражувањето беше координирано од Институтот за етнологија и антропологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, во соработка со повеќе национални институции за јавно здравство и истражување, како и невладините организации (НВО) чие огромно искуство е засновано на истражувања во заедницата со зависници од дрога, сексуални работници и мажи што имаат секс со мажи.

## ЦЕЛИ НА СТУДИЈАТА

Примарните цели на мапирањето иступдијата засновaна на истражувањата во заедницата на адолесценти под најголем ризик од ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија беа следните:

1. Да се откријат податоци за постоење на АПНР и да се опишат нивните локации, однесувања, социјален контекст и проблемите со кои се соочуваат.
   - Да се лоцираат различните подгрупи на АПНР и да се соберат информации за нивните искуства, на ниво на поединец, заедница и структурално ниво, со информации од самата заедница.
2. Да се проследат случаите што прикажуваат како, законските рамки, социјалните програми, јавните институции и достапните иницијативи за намалување на штети, олеснуваат или поставуваат бариери за оптимално користење на услугите соодветни на АПНР.
   - Да се анализира информацијата добиена од АПНР што ги одразува факторите кои влијаат на нивното индивидуално ризично однесување, и мерките за барање на здравствени услуги или превенција.

[1] Земјата е примена во Организацијата на Обединетите Нации (ООН) под референцата: „Поранешна Југословенска Република Македонија". Во понатамошниот текст , заради поедноставно следење ќе се користи името Македонија

# МЕТОДИ

Бидејќи главен приоритет на студијата беше да се добие квалитетно тематско/целно истражување за АПНР, што може да документира и да опише како тие се вклопуваат во рамките на повозрасните категории адолесценти и специфичните високоризични групи, беа избрани квалитативни методи со кои може да се истражува начинот на живеење, односите и грижите на АПНР. Акцентирано беше извлекувањето на сопствените уверувања и перспективи на учесниците.

### *Истражувачки примероци и регрутирање*

Главната целна група на истражувањето беа АПНР, дефинирана според УНИЦЕФ како адолесценти што се карактеризираат со едно од следните однесувања:

- » адолесценти - мажи кои имаат секс со мажи (МСМ), со посебен акцент на оние што имаат незаштитен секс со мажи;
- » адолесценти кои нудат сексуални услуги за надокнада (АНСУ);
- » адолесценти кои инјектираат дроги (АИД).

Во Македонија, УНИЦЕФ ја користи дефиницијата за адолесценти што се однесува на младите луѓе на возраст од 13 до 18 години. Меѓутоа, бидејќи оваа возрасна група тешко се идентификува (и, можеби не признава дека извршува незаконски или стигматизирани дејности), во студијата беа вклучени и малку постари членови од ризичните заедници (на возраст од 19 до 22), кои можат да дадат ретроспективни податоци за сопствените искуства, кога самите биле помлади, или за помладите пријатели или контакти од истата возрасна група. Во истражувањето беа вклучени и други клучни информатори (КИ) како: такси возачи, макроа, теренски работници на НВО и персонал од хотели и кафе барови. Овие поединци се избираат врз основа на контактите или вмешаноста со АПНР.

Истражувачите вклучуваа учесници преку (1) истражување на местото на настанот, каде локациите се идентификувани, мапирани и третирани како поединечни истражувачки единици. Секое место беше посетено неколкупати, за да се набљудуваат присутните луѓе и активностите, директно им се пристапуваше на учесниците и се покануваа да учествуваат во студијата; и (2) избор на истражувачки примерок по принципот на снежна топка, што подразбира дека, од првичните информатори на целните групи (често познати како теренски работници на НВО), се бараше да посочат други АПНР од нивните социјални мрежи, за да се регрутираат во студијата.

### *Места на истражување*

Истражувањето се изврши на следните локации:

| ГРУПИ НА АПНР | ГРАДОВИ |
|---|---|
| Адолесценти мажи кои имаат секс со мажи (МСМ) | Скопје, Струмица, Гостивар, Тетово |
| Адолесценти кои нудат сексуални услуги за надокнада (АНСУ) | Скопје, Струмица |
| Адолесценти кои инјектираат дроги (АИД) | Скопје, Гостивар, Куманово |

Местата беа избрани така да ги одразуваат локациите со голема застапеност на популации од целните групи и докажуваат дека истражувачкиот тим е во можност да открие и контактира АПНР; ова, најчесто, се однесува на присуството на НВО која работи со целната група и има воспоставено добри односи и доверба со тешко достапните заедници. Најголем број НВО се активни во главниот град, Скопје, и повеќето имаат иницирано некои програми во внатрешноста на Македонија, но тие се од помал размер и зависат од расположивите средства.

### *Методи и техники*

Се користеа низа квалитативни методи за собирање податоци, со цел да се зголеми продлабоченоста и покриеноста на истражувањето, и да се триангулираат и вреднуваат помеѓу различните информатори:

(1) *Мапирање:* Во секоја локација опфатена со Студијата, беа идентификувани, мапирани и посетени местата кои се посочени како простор во кој се одвиваат ризични активности. Местата се дефинирани според луѓето кои ги посетуваат, интеракциите што се одвиваат и демографскиот состав на членовите на заедницата.

(2) *Запишување белешки од теренските работници:* Во текот на собирањето податоци, теренските работници ја запишуваа локацијата која ја истражуваат, видовите на учесници и нивните активнос-

ти, достапноста и условите на објектите, времето на собирањето податоци и емотивната состојба/расположението на учесниците.

(3) *Длабински интервјуа:* АПНР и другите клучни информатори беа поканети да учествуваат во длабински интервјуа што траеа од 1-2 часа. Со дозвола на учесниците, интервјуата се снимаа со дигитални диктафони, а потоа беа транскрибирани и внесувани во Atlas.ti за анализа.

(4) *Групни дискусии:* Кога е можно, беа собирани врсници на АПНР, заедно, во неформални дискусии, за да дадат дополнителни контекстуални податоци во кои се вклопуваат поединечните искуства добиени преку интервјуата.

Следната табела ги сумира собраните податоци:

| Однесување на АПНР | Интервјуа со целна група | Интервјуа со клучни информатори | Белешки од набљудувања и мапирање | Групни дискусии |
|---|---|---|---|---|
| **Мажи што имаат секс со мажи (МСМ)** | 36 | 1 | 5 | 1 |
| **Адолесценти кои нудат сексуални услуги за надокнада (АНСУ)** | 17 (+ 4 животни биографии) | | | 3 |
| **Адолесценти кои инјектираат droги (АИД)** | 33 | 2 | 3 | |
| **ВКУПНО** | 86 | 3 | 8 | 4 |

### *Етички прашања*

Институтот за етнологија и антропологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е акредитирана наставно-научна институција каде, покрај образованието на кадри од областа на етнологијата и антропологијата, се реализираат научно-истражувачки и апликативни проекти. Согласно важечките законските одредби во Македонија, не се потребни никакви дополнителни дозволи од други тела во државата, особено поради фактот што природата на истражувањето е етнографска и нема карактеристики на био-физиолошки, медицински или бихејвиорални истражувања, во кои истражувачите-експерименталисти имаат подоминантна улога отколку оние во општествените науки.На учесниците им беа внимателно објаснети постапките за информирана согласност, а особено тоа дека одбивањето да учествуваат во студијата нема да влијае на нивниот пристап кон расположивите служби и квалитетот на нега што го добиваат. Во текот на студијата се почитуваа и доверливоста и анонимноста, и не се откриваа запишаните информации. Собраните теренски материјали се архивирани и соодветно се чуваат во Архивот на Институтот за етнологија и антропологија и нивно користење е возможно само согласно законските прописи за користење архивски материјали во научноистражувачки цели. Сите учесници добиваа надомест од 150 македонски денари (околу 2,40 EUR), за потрошеното време.

## КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

### *Адолесценти - мажи кои имаат секс со мажи (МСМ)*

Во контекст на превенција од ХИВ, терминот МСМ најчесто се користи во врска со сексуалните дејствија помеѓу мажи, особено оние што претставуваат висок ризик за пренесување на болест, како незаштитен анален однос. Од епидемиолошка перспектива, не се разликуваат однесувањата на оние МСМ што го признаваат својот сексуален идентитет (често етикетирани како геј, хомосексуалци, бисексуалци или трансексуалци), од оние кои сметаат дека имаат хетеросексуална ориентација. За оваа студија, се истражени сопствените асоцијации на младите луѓе со истополови машки сексуални однесувања, без претходни претпоставки за сексуалниот идентитет или ориентација.

До 1996 година, во Македонија беше незаконски сексуалниот контакт со ист пол, но сѐ уште се смета за многу стигматизирано однесување. Поради тоа, оваа група е тешко достапна, а адолесцентите, потенцијално се дури поскриени и не сакаат да ја признаат машката истополова сексуална активност. Сепак, во студијата се вклучени дваесет и седум информатори, од 13-18 години, и се интервјуирани уште десет од повозрасната група.

Припадниците на МСМ популацијата во Македонија се среќаваат на различни места, вклучувајќи ги и „виртуелните" геј-френдли локации:

» Интернет (сајтови како Gaymacedonia)
» Геј и геј-френдли клубови;
» фреквентни „крузинг" (cruising) места (места за крстарење);
» преку пријатели
» во приватни куќи/станови каде живеат и се дружат МСМ

Повеќето испитаници го држат во тајност своето сексуално однесување, и пред своето семејство или пријателите, поради страв од дискриминација или, понекогаш, од сериозни репресалии. Младите луѓе чувствуваат дека можат да го откријат својот геј идентитет, вообичаено на доверлив брат/сестра или друг близок роднина (но, сепак не на родителите). Сите испитаници имаат искусено негативни последици кога нивното сексуално однесување е откриено, или директно или слушнале за такви примери од пријатели. Полицијата е повеќепати спомнувана во смисла на дискриминаторско вознемирување.

Младите МСМ имаат обичај да не ги договараат средбите со сексуалните партнери на cruising местата, и претпочитаат места како клубови или забави. Се впуштаат во секс со повеќе партнери и во некои случаи кажуваат дека имале само една улога за време на аналниот секс, или само *активна* (пенетрирачки партнер) или само *пасивна* (рецептивен партнер), иако мнозинството е *уни* (сака да биде рецептивен и пенетрирачки). Оние кои најчесто се дефинираат себеси како само *пасивни* или *флексибилни* или *уни,* најчесто се самоидентификувале како дел од ЛГБТ популацијата (лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци и трансродни/транссексуалци), додека тие што изјавувале дека практикуваат исклучиво активна улога во сексот, не сметале дека сексуалните дејствија на МСМ ја одразуваат сексуалната ориентација.

Испитаниците изјавиле дека нивното прво сексуално искуство се случило на возраст од 9 до 18 години и во повеќето случаи биле со партнер од машки пол. Во некои случаи, претежно кај ромското население, првото сексуално искуство на МСМ било насилно, присилено од роднина (како братучед) или пријател на слична возраст, а во други случаи било доброволно. Некои испитаници првото сексуално искуство го имале со жена. Повеќето МСМ во оваа студија изјавиле дека имале сексуално искуство со жена.

Знаењето за ХИВ и начинот како се пренесува е прилично големо, иако МСМ покажуваат послабо разбирање за другите СПИ и за начинот на нивно пренесување. Мнозинството изјавило дека скоро секогаш користи кондоми за време на аналниот секс, а користењето опаѓа кога имаат еден парнер подолго време. Кондомите не се користат за орален секс. Наодите од студијата на оваа популација не укажуваат на преголема употреба на алкохол или дроги, ниту за влијанието на тие супстанции во сексуалното однесување и ризикувањето.

Младите МСМ одбегнуваат користење на било каква здравствена или превентивна служба, поради неподготвеноста да ги откријат своите МСМ однесувања. Во моментот, три НВО работат со МСМ популацијата во Скопје. Тоа се ЕГАЛ (Еднаквост за геј и лезбејки), ЦГЧП (Центар за граѓански и човекови права) и МАССО (Македонска асоцијација за слободна сексуална ориентација). МСМ имаат слушнато за некои од нив, претежно за МАССО, потоа за ЕГАЛ, а ЦГЧП воопшто не се споменува. Тоа е веројатно поврзано со фактот што МАССО често е претставувана во медиумите, а ЕГАЛ делува директно преку теренските работници кои делат кондоми и лубриканти и сексуално образование. Свесноста за кондомите и лубрикантите и нивното користење, зависи повеќе од образовното, општественото и економското ниво на МСМ, отколку од моменталната изложеност на пораките за подобрување на здравјето. Се чини дека има разлика помеѓу испитаниците од македонската заедница, која покажа поголемо знаење, во однос на МСМ од ромската заедница. Сепак, дури и со соодветно знаење, испитаниците изјавиле дека не ги сакаат кондомите и велат дека го намалуваат задоволството.

### *Адолесценти кои нудат сексуални услуги за надокнада (АНСУ)*
За оваа студија беа интервјуирани дваесет и еден испитаник (5 од машки и 16 од женски пол), четири ја раскажале својата животна приказна. Мнозинството на интервјуираните во Скопје се намерно избрани од ромската заедница, поради сознанијата на истражувачите дека има значителен број сексуални работници, поради сиромаштијата, ниското образовно ниво и слабите економски можности.

Еден испитаник бил принуден да почне со давање сексуални услуги, три се впуштиле во сексуална работа за да дојдат до дрога, за себе или партнерот, а останатите 17 се впуштиле во сексуална работа заради заработка, за себе или за своето семејство. Во некои случаи за да ги задоволат основните домаќински потреби, а во други, за да си дозволат купување потрошувачки стоки како, облека, козметика и да платат за рекреативни активности. Две лица од машки пол изјавиле дека доброволно услужуваат машки кли-

енти, за да ги зголемат своите приходи. Тие немаат идентитет на МСМ или геј и изјавуваат дека немаат задоволство од својот удел во сексуалната работа.

Сексуалната работа се одвива на повеќе локации вклучувајќи на улица (во близина на железнички станици, во паркови, под мостови), во приватни станови, и на места како: кафе барови, кафеани и хотели. Клиентите, исто така, се различни: бизнисмени, странци, сограѓани, возачи, војници итн. Договорањето на средбите со клиентите и преговарањето за плаќањето, е зависно од градот/населбата каде што се нуди услугата и видот на сексуална работа. Во Скопје, дел од женските лица изјавиле дека работат сами и се поврзани со едно лице, кое е и партнер/дечко, со кого се емотивно поврзани, но се јавува и како посредник/заштитник кој наоѓа и обезбедува клиенти, го заштитува сексуалниот работник и чека во близина кога АНСУ е со клиентот, и со него ја дели заработувачката.

Од друга страна, во Струмица испитаниците го одвојуваат својот емотивен партнер/дечко од улогата на посредник. Таму, АНСУ, не го открива начинот на кој заработува пари пред својот емотивен партнер, туку работи одделно со посредник кој наоѓа и договара клиенти за надокнада, но не му служи како заштитник, ниту добива поголем дел од заработувачката. Во Струмица, сексуалната размена е понеформално организирана. АНСУ често одлучуваат да започнат сексуална размена, работејќи заедно, и користат „макроа" само кога сакаат полесно да најдат клиенти. Макрото/посредникот ги чува телефонските броеви на АНСУ и кога има заинтересиран клиент повикува АНСУ, го препраќа бројот на клиентот или го закажува местото и времето на средбата. Клиентите ги плаќаат АНСУ, кои подоцна го исплаќаат макрото. Макроата/посредниците не ги заштитуваат АНСУ, но ги казнуваат од игнорирање на сексуалниот работник т.е. не препраќање на нови клиенти, преку вербални, до физички напади, (тепање, кубење коса или шлаканици), ако клиентите не се задоволни.

Некои АНСУ работат во групи, заради лична безбедност и за да не изгледаат сомнително пред средината, си даваат алиби, едни на други, вклучително и пред своите родители (кога се враќаат доцна), разменуваат облека, шминка итн. Повеќето групи се формираат спонтано, помеѓу пријатели кои одлучуваат да разменуваат секс за надокнада, или една девојка ја убедува другата, но има и групи кои се основани од трети лица, за профит и добивање процент за посредување и заштита. Тие групи може да бидат мали, од две до десет лица, девојки или момчиња.

Миграцијата е составен дел од сексуалната размена. АНСУ од ромските населби во Скопје патуваат во Гостивар, Тетово, Кичево и Охрид, заради повеќе пари, повеќе „клиенти" и поголема дискреција, или бидејќи не сакаат некој од Скопје да дознае како ги заработуваат парите. АНСУ кои работат во други градови често работат во кафеани или барови, како келнерки или танчарки, и истовремено нудат сексуални услуги. Таму остануваат од неколку дена до 6 месеци. Често патуваат и се враќаат неколку пати, кажувајќи им на своите дома дека работат како келнерки. Има докази за миграција на сексуални работници помеѓу Македонија и Бугарија, ноќе, во двата правци, преку границата.

Во врска со ризиците по здравјето, АНСУ имаат доживеано висок степен на насилство. АНСУ од Скопје изјавиле особено тешки проблеми со насилни клиенти, вклучувајќи искуства од силување, тепање и ограбување. Најизложени се оние АНСУ кои работат на улица. Иако испитаниците не сакаат да разговараат и го негираат насилството помеѓу партнерите и макроата, теренските работници - клучни информатори на НВО изјавуваат дека регистрирале докази за насилство, преку личните контакти со сексуалните работници и непосредното присуство на терен.

АНСУ тврдат дека имаат добра информираност за кондомите, и дека набавката и достапноста не им е проблем. Повеќето добиваат бесплатни кондоми од НВО или ги купуваат во киосци или аптеки. Учесниците во оваа студија тврдат дека употребуваат кондоми со клиенти, но фактот што 8 од 14 женски испитаници биле бремени, укажува на слабата употреба на средства за контрацепција или кондоми. Како и МСМ, и АНСУ користат кондоми повеќе со комерцијалните отколку со своите партнери со кои имаат емотивна врска; тоа е делумно јасна стратегија да ги одделат нивните професионални од нивните лични животи.

Постои само една организација што дава услуги само за сексуални работници, ХОПС - Опции за здрав живот од Скопје. Услугите се фокусираат на намалување на штетата во сексуалната работа, не само на превенција од ХИВ/СИДА/СПИ, туку и на откривање на насилството, употреба на droги и алкохол, стигма и дискриминација. Заради законските разлики во третманот на продавање секс, како возрасен (над 18 години) и како малолетник (под 18 години), не постојат програми и системи за поддршка наменети да ги задоволат потребите на адолесцентите.

Во оваа студија, постојат измешани докази за употребата на достапните услуги од страна на АНСУ. Три испитаници побарале помош поради употреба на дрога (двајца со помош на ХОПС), а три поради психички нарушувања (анорексија/булимија и депресија, вознемиреност и невроза, психоза). Други, редовно ги по-

сетуваат здравствените установи заради полесни заболувања (настинки и повреди и слично), додека некои никогаш не одат на доктор. Младите сексуални работници ја имаат воочено разликата помеѓу приватните и државните здравствени институции, покажуваат поголема доверба во приватниот сектор и веруваат дека таму лекувањето е поквалитетно. Сите испитаници се некако запознаени со услугите за унапредување на здравјето (информации, кондоми, печатени материјали, совети и тестирање, помош при добивање на лични исправи и здравствено осигурување, гинеколошки прегледи), достапни преку НВО, и за повеќето од нив, овие организации се единствените места каде можат отворено и искрено да зборуваат за работите што им се важни, и да добијат помош и поддршка без да се чувствуваат осудувани.

Во однос на потребата од специјализирани здравствени услуги, наменети само за лицата што разменуваат сексуални услуги, испитаниците се поделени, едни мислат дека тоа е добра идеја бидејќи можат без срам да побараат информации и лекување поврзано со нивната работа, други сметаат дека тоа е дискриминирачко, не сакаат да се одделени и да се чувствуваат различно од другите пациенти.

### *Адолесценти кои инјектираат дроги (АИД)*

Адолесценти кои инјектираат дроги претставуваат посебна група помеѓу лицата што инјектираат дроги (ЛИД), воопшто. Тие почнале да инјектираат дроги многу рано, а во Македонија се посебно ранливи како резултат на сегашното законодавство, кое ги ограничува можностите за имплементирање на најдобрите практики од програмите за намалување на штети, за да се заштити нивното здравје.

Во оваа студија се интервјуирани триесет и три лица што инјектираат дроги, и речиси сите (30) имаат завршено основно образование, а тројца успеале да се запишат на факултет. Околу половина (17) завршиле средно образование, 6 во моментот посетуваат средно образование, а 4 го прекинале средното образование, како директна последица од пристапот на наставничкиот колегиум кон земањето дрога. Повеќето живеат со своите родители, неколкумина живеат со еден родител, старател или брат/сестра.

Дваесет и четири испитаници почнале да инјектираат дроги кога биле помлади од 18 години. Изјавуваат дека дрогата е лесно достапна и може да се купи на повеќе локации низ градовите. Кога има недостаток од дрога, ЛИД обично патуваат во околните села или бараат дрога од соседните градови. Младите луѓе изјавуваат дека, иако локациите за продавање дрога се дискретни, скриени од полицијата и другите граѓани, тие се познати и достапни за адолесцентите што инјектираат дроги, кои се информираат преку мобилни телефони. Локациите каде младите луѓе инјектираат дроги се, исто така, тајни. Се користат домовите на АИД, кога родителите не се дома, домовите на пријатели и дискретни места како: напуштени згради, подруми, автомобили, паркови и домови на дилерите. Хроничниот страв од полицијата прави АИД редовно да ги менуваат локациите на инјектирање. Повеќето изјавуваат дека сакаат да има постојани и легални места каде ќе можат слободно и сигурно да инјектираат дроги, нешто приватно и слободно од малтретирањето на полицијата, каде може да добијат стерилни шприцеви и игли, совет, потребна медицинска нега и социјални услуги.

Во моментов, АИД опрема за инјектирање набавуваат од аптеките и преку програмите за размена на игли но, не е ретка, практиката за користење на претходно користени игли и шприцеви. Испитаниците знаат за можните ризици од позајмувањето на приборот за инјектирање, иако потребата од инјектирање дроги ја уочуваат како посилна од стравот заради последиците. Земањето дрога се случува во социјални мрежи и АИД чувствуваат дека заедничкото инјектирање го зајакнува пријателството и врсничките групи кои се одржуваат во разни ситуации и активности. На инјектирањето во друштво на двајца или повеќе АИД, се гледа како на социјално дружење, и тоа е придружено со заедничко подготвување на дрогата.

Кога се запрашани за искуствата при барање на здравствени услуги, испитаниците даваат примери на други ЛИД на кои им била одбиена лекарска помош, иако никој од нив лично нема искусено таква дискриминација. Многу АИД немаат информации за организаци што даваат услуги и поддршка на зависниците од дрога, ниту очекуваат такви услуги. Тие што знаеја за НВО што работи во областа на дрогата имаат ограничено знаење за она што им е достапно, покрај намалувањето на штети и советување. Употребувањето на постоечките услуги помеѓу АИД е многу мало, првенствено се должи на законските старосни граници за давање услуги но, исто така, и на тоа што многу АИД не се самоидентификуваат како проблематични корисници на дрога. Понатаму, репресивните мерки од полицијата се причина АИД да се кријат и да се плашат од секаков контакт со властите, вклучувајќи ги и превентивните програми за ХИВ/СИДА, хепатит Б и Ц и други ризици по здравјето.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Како најризични групи за пренесување на ХИВ во Македонија, се идентификуваат: мажи што имаат незаштитен секс со мажи, луѓе што нудат сексуални услуги за надокнада, лица што инјектираат дрога, адолесценти што живеат со постари членови на заедницата и заедно споделуваат повеќе од истите искуства и ранливости, и ги прикажуваат специфичностите за нивната возрасна група. Сепак, се чини дека има посебни бариери помеѓу АПНР во пристапувањето кон соодветните превентивни и тераписки активности, поврзани како со законските ограничувања во обезбедување услуги на адолесцентите, така и со претпазливоста на организациите за намалување на штети кои работат со ризичните групи, за да избегнат да бидат критикувани заради искористување или злоупотреба на младите луѓе. Овие бариери се совпаѓаат со преовладувачките општествени ставови кои ги демонизираат и ги маргинализираат АПНР, заради нивното учество во стигматизирачки активности. Репресивните полициски дејствија, кои младите поединци ги сметаат како особено заканувачки, посебно ако постојат различни закони за нив како малолетници уште повеќе ги обесхрабруваат адолесцентите да ги признаат можните ризици и да побарат помош. Исто така, АПНР се ставени во скриени социјални простори, во кои не може лесно да се пристапи, а тоа ги прави уште понепријателски расположени за контакти со властите.

# ПРЕПОРАКИ

***Односи со полицијата:***
Сите три групи на АПНР трпат значително малтретирање од полицијата. Насилната и дискриминаторска репресија од полицијата е контрапродуктивна на ефективните национални напори за намалување на штети и само ја зголемува ранливоста од ХИВ и други негативни последици. Не постојат докази дека рестриктивното полициско делување го намалува нивото на незаконските однесувања (како употреба на дроги или сексуална работа); туку е поверојатно дека тие дејствија ги туркаат во „подземјето" каде, понатаму не може да се набљудуваат. Треба да се склучи договор помеѓу институциите за превенција од ХИВ и системот за кривично право, заради охрабрување на толеранцијата, и активна соработка на заедницата и теренските проекти за унапредување на здравјето (размена на игли, делење на кондоми, центри за згрижување). НВО треба да се обидат да развијат плодни партнерства со локалните полициски власти и да им помогнат на поединците во преземањето легални активности против полициското малтретирање, особено во случаи на малтретирање на МСМ, зашто полицијата нема никаква законска основа за тоа.

***Пристапите на намалување на штети наспроти мобилизација на заедницата:***
Сите членови на високоризичните групи не го споделуваат истото ниво на ранливост, односно немаат исти потреби. Оваа студија прави разлика помеѓу МСМ кои *се идентификуваат* дека сексуално ги привлекуваат мажи и оние кои се впуштаат во секс со мажи без да сметаат дека тоа е дел од нивната сексуална ориентација. Веројатно е дека многумина од првата група, сакаат да ги поддржат напорите на организациите кои работат со ЛГБТ, и имаат план за поддршка на зголемување на свесноста за истополните врски, застапување за човековите права и активизам за еднакво учество во општеството. Капацитетот на овие организации треба да се зајакне, да се охрабрат да дојдат до младите мажи кои експериментираат со различни сексуални активности и на кои им треба поддршка; во моментот некои организации на ЛГБТ во регионот, се плашат активно да ги повикаат младите луѓе како корисници, за да не бидат обвинети за „промовирање на хомосексуалноста" или експлоатирање на младите.

Во случаите кога мажите *не* се самоидентификуваат како припадници на ЛГБТ, информацијата и тестирањето за СПИ, кондоми и лубриканти, треба да бидат достапни во оние локациии и заедници, во кои се знае дека има МСМ (вклучувајќи и затвори и поправни центри за малолетници), во рамки на намалување на штети, без тоа да се поврзува со промовирање на посебен сексуален идентитет или да се асоцира со ЛГБТ „заедница".

Сексуалните работници јасно се диференцираат на оние кои уочуваат потреба од посебни служби за давателите на сексуални услуги за надокнада, и други кои не сакаат да бидат одвоени од општата популација. Ова, исто така, може да ја одрази разликата на (1) поединци што се идентификуваат како даватели на сексуални услуги за надокнада, и во оваа студија искажуваат благодарност на НВО што им понудиле место за средба, каде ги дискутираат нивните приоритети и имаат пристап до услуги во една неосудувачка средина и (2) оние што, одвреме-навреме, разменуваат сексуални услуги за да го надополнат својот приход, но не сметаат дека тоа е нивна примарна професија или контекстот во кој склопуваат пријателства и врски. Веројатно, треба да се прави разлика помеѓу олеснувањето на достапноста до кондомите и контролата на здравјето (на работните места, преку мобилни клиники, во погодни објекти за примарно здравство на „сексуалниот работник") и обезбедувањето поопфатни објекти за сексуалните

работници (центри за згрижување, советници, достапност на тушеви и машини за перење алишта, групи за самопомош, градење на вештини итн). Мора да се посвети внимание на сите сексуални работници што се идентификувани дека работат и живеат во насилни и експлоататорски околности.

### *Учество на АПНР*

Поради тоа што некои искуства и потреби на адолесцентите подразбираат поинаков ризик, во однос на постарите групи (поради односите со родителите, послабо разбирање на достапноста на ризиците и услугите, различни дневни распореди, на оние кои одат на училиште итн), АПНР треба да се придобијат во подготовката и прилагодувањето на планираните интервенции за да се осигури нивната соодветност и привлечност. Кога се воспоставува контакт преку постоечките организации, од АПНР може да се побара да придонесат како волонтери, платен персонал, регрутирачи на врсници итн. Ако изборот на истражувачки примерок, по принципот на снежна топка, се смета за ефективно средство за да се допре до АПНР, истиот метод треба да се применува и во известувањето на заедниците за новите услуги, да се изградат нови врски и доверба, и да се охрабри нивното присуство. Исто така, општествените настани (како што се организираните забави) може да бидат добар начин за воведување на нови услуги или на нови објекти за ризичните групи. Ако АПНР има јасни социјални мрежи, тие можат да се искористат за да се добие поддршка помеѓу помалите групи и да се зајакне интервенцискиот приод пред интервенцијата да се прошири понатаму.

### *Застапување за законски промени*

Законските промени можат да бидат долг и мачен процес. Сепак, ова истражување разјаснува дека законските ограничувања за пристап до здравствените служби според возраста , како на пример, центрите за намалување на штетни последици од употреба на droги, само ја зголемуваат подложноста на ХИВ, помеѓу најранливите. Треба да се направи обид за законски промени во таа насока, преку употреба на проследените случаи и јавно изложување на штетата што може да ја предизвика важечката законска рамка. Во меѓувреме, онаму каде може законски тоа да се изведе, обезбедувачите на услуги треба да избегнуваат да ја запишуваат возраста на пациентите.

## СОДРЖИНА


**РЕЗИМЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ** ........ v

**КОНТЕКСТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА МАПИРАЊЕТО И СТУДИЈАТА ЗАСНОВАНА НА ИСТРАЖУВАЊАТА ВО ЗАЕДНИЦА НА АДОЛЕСЦЕНТИ ПОД НАЈГОЛЕМ РИЗИК** ........ 12

- Контекст ........ 13
- Цели и предмет на мапирањето и истражувањето ........ 14
- Методологија ........ 15
- Методи и техники за собирање на податоците ........ 21
- Бележење на теренските податоци ........ 23
- Етички прашања ........ 24
- Позитивни и негативни страни на употребената методологија ........ 27

**АДОЛЕСЦЕНТИ - МАЖИ КОИ ИМААТ СЕКС СО МАЖИ (МСМ)** ........ 29

- Вовед ........ 30
- Општи демографски податоци за истражуваната МСМ-популација ........ 31
- Опис на сцената ........ 32
- Индивидуални карактеристики и влијанија на заедницата врз ризикот од ХИВ/СИДА/СПИ помеѓу МСМ ........ 33
- Институции кои нудат услуги на МСМ популацијата ........ 38
- Законската регулатива во Македонија во корелација со ризичното однесување на МСМ ........ 39

**АДОЛЕСЦЕНТИ КОИ НУДАТ СЕКСУАЛНИ УСЛУГИ ЗА НАДОКНАДА (АНСУ)** ........ 40

- Вовед ........ 41
- Општи демографски податоци за истражуваната АНСУ популација ........ 44
- Опис на сцената ........ 46
- Индивидуални карактеристики и влијание на заедницата врз ризикот од ХИВ/СИДА/СПИ помеѓу АНСУ ........ 52
- Институции кои нудат услуги на АНСУ ........ 56
- Законска регулатива во Македонија во корелација со ризичното однесување на АНСУ ........ 59

**4 АДОЛЕСЦЕНТИ КОИ ИНЈЕКТИРААТ ДРОГИ (АИД)** ........ 60

- Вовед ........ 61
- Општи демографски податоци за АИД ........ 61
- Опис на сцената ........ 64
- Индивидуални карактеристики и влијание на заедницата врз ризикот од ХИВ/СИДА/СПИ помеѓу АИД ........ 65
- Институции кои нудат услуги на АИД ........ 70
- Законската регулатива во Македонија во корелација со ризичното однесување на АИД ........ 71

**Референци** ........ 72

**Листа на кратенки** ........ 74

**Историјат на проектот** ........ 75

**Извадоци од снимените теренски материјали** ........ 78

# КОНТЕКСТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА МАПИРАЊЕТО И СТУДИЈАТА ЗАСНОВАНА НА ИСТРАЖУВАЊАТА ВО ЗАЕДНИЦА НА АПНР

# КОНТЕКСТ

Досегашните податоци за ХИВ/СИДА во Македонија, добиени низ повеќе различни истражувања и проценки, се покажуваат како неадекватни во смисла на добивање информации што подетално ќе ги опишат и објаснат причините, начините и општествено-културниот контекст во кои, како резултат на животните навики, индивидуите се изложени на ризиците од пренесување на овие инфекции (Министерство за здравство, 2003-2006). Исто така, во повеќето извештаи од направените истражувања, повеќе отколку што тоа се покажува низ квантитативните истражувања, Македонија се смета за ранлива и подложна на забрзано ширење на ХИВ и други сексуално преносливи инфекции (СПИ), поради неколку важни причини кои, главно, се поврзани со општествено-политичката и економската транзиција, како и поради нејзината географска положба – раскрсница на поважните патишта за пренесување на дроги и трговија со луѓе. Прелиминарните истражувачки проценки и извештаи покажуваат дека, одредени групи луѓе се наоѓаат под висок ризик од ХИВ инфекција, поради нивниот специфичен стил на живеење. Најголем процент од оваа популација се младите луѓе. Поради овие причини, се смета дека групите: адолесценти - мажи кои имаат незаштитен секс со мажи, адолесценти кои нудат сексуални услуги за надокнада и адолесценти кои инјектираат дроги, се едни од најризичните категории, а во Македонија, за нив не постојат издвоени и продлабочени истражувања, за идентификување на околностите кои ги зголемуваат ризиците од ХИВ/СПИ. Оваа категорија адолесценти под најголем ризик (АПНР) кон ХИВ/СПИ не се вклучени, како издвоена целна група, ниту во втората генерација бихејвиорални и серолошки истражување за ХИВ/СИДА од 2005 (Министерство за здравство, 2005; 2006).

Поради овие причини, според приоритетите на УНИЦЕФ, АПНР се ставени на високо место во преземањето мерки за превенција од ширење на ХИВ/СИДА/СПИ.

Оттаму, истражувањето „Мапирање и студија заснована на истражувањата во заедницата на АПНР од ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија" треба да претставува база на податоци која ќе понуди продлабочени и детални информации за карактеристиките и поврзаноста на однесувањето со потесниот, односно поширокиот општествен контекст, како и за варијациите на ризичното однесување на АПНР.

На тој начин, ќе се создаде коректна основа за планирање на интервенциите за намалување на ширењето на ХИВ/СИДА/СПИ помеѓу АПНР во локалните заедници.

### *Досегашни истражувања на АПНР во Македонија*

Во Македонија постои базична литература во врска со карактеристиките на живеење на трите целни групи вклучени во истражувањето: мажи кои имаат секс со мажи, лица што нудат сексуални услуги за надокнада и лица кои употребуваат дроги. Од списокот референци, во прилог (Чонева, 1994; Арнаудовски и др., 1996; Чонева, 1994; Ангелески, 1994; Трајковски, 2003; Јовев, 2002; Томовски, 1994; Тулевски, 1997; Велјанов – Куновска, 1996; Тодоровска-Ѓурчевска, 1996; Гајдаѕис-Кнежевиќ и други, 2003; Тулевски – Шекутковска, 2004), може да се види дека последниве години се зголемува интересот а, во голема мерка, забележливи се и промените на дискурсот на гледање и елаборирање на овие проблеми. Се разбира, тука нема да навлегуваме во елаборирање на овој посебен истражувачки проблем. Последниве години, со општествено-политичките промени и со започнувањето на функционирање на повеќе меѓународни и невладини организации во Македонија, интензивирани се активностите околу подетално согледување на ситуацијата со овие целни групи, од што произлегле и соодветени публикации (Тошева - Докузовски, 2005; Деков и останати, 2006). Заради актуелноста на проблемите, овие целни групи стануваат се повеќе фокус на интересирање, како за практичната, така и за истражувачката работа на многу институции.

Врз основа на класификациите на некои меѓународни здравствени организации (УНИЦЕФ, СЗО) се спроведуваат специјализирани и фокусирани истражувања на специфични категории припадници на овие целни групи, какви што се, во случајов, адолесцентите (УНИЦЕФ, 2002). Така, во последниве години се реализирани истражувања на неколку специфични аспекти од живеењето на адолесцентите, припадници на некои од овие целни групи, во врска со поврзаноста на животните навики и зголемените ризици за пренесување на ХИВ/СПИ, како на пример Проценка на служби достапни до младите (УНИЦЕФ, 2006), во која е вклучен посебен дел за достапноста и квалитетот на здравствените и социјалните служби кон АПНР.

Сепак, до овој момент, во Македонија не е реализирана специфична истражувачка студија, посветена на АПНР кон ХИВ/СПИ, од аспект на фокусирано и продлабочено проучување, со детална анализа на начинот на живеење, причините и поврзаноста на нивниот животен стил и пошироката општествена заедница, како и факторите кои влијаат на зголемување на ризиците од инифицирање со ХИВ/СПИ. Исто така, досега не е реализирана студија заснована на истражување во локалната заедница, во која активно би биле вклучени припадници на целните групи или други лица најнепосредно поврзани со нив (теренски работници на различни превентивни здравствени програми).

## ЦЕЛИ И ПРЕДМЕТ НА МАПИРАЊЕТО И ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цели на истражувањето:

I. Главна целна група во истражувањето се адолесцентите кои се под најголем ризик (АПНР) од ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија, на возраст од 13 до 18 години. Со оглед на специфичностите на целната група која спаѓа во т.н. тешко достапни целни групи, а во овој случај (поради општествениот и културниот контекст во кој се реализираше истражувањето), може да се каже *исклучително тешко достапни целни групи* (посебно кога станува збор за некои од специфичните целни групи и за работа во помалите места), беше потребно да се вклучат и повозрасни припадници на целните групи, на возраст од 19 до 22 години. Врз основа на претпоставките дека нивните информации може да бидат од големо значење за резултатите, во истражувањето се вклучени и други клучни информатори (КИ), без оглед на возраста и полот (адолесценти со лидерски или други специфични позиции во рамките на целните групи, лица кои работат на терен со овие целни групи, лица кои на било кој начин се во некаков контакт со припадниците на целните групи).

II. Во мапирањето и студијата заснована на истражувањата во заедницата, вклучени се следните поткатегории АПНР на ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија:
   а. Адолесценти - мажи кои имаат секс со мажи (МСМ), со посебен акцент на оние адолесценти кои имаат незаштитен секс со мажи;
   б. Адолесценти кои нудат сексуални услуги за надоместок (АНСУ);
   ц. Адолесценти кои инјектираат дроги (АИД).

Основните цели на мапирањето и студијата заснована на истражувања во заедницата на АПНР на ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија се:

1. Да се откријат податоци за постоење на АПНР и да се опишат нивните локации, однесувања, општествен контекст и проблемите со кои се судруваат.
   а. Да се лоцираат различни подгрупи на АПНР и да се соберат информации за нивните искуства, на индивидуално ниво, на ниво на заедницата и на структурално ниво, со податоци што произлегуваат од самата заедница
2. Да се проследат повеќе случаи кои илустрираат како законската регулатива, полициските активности или постоечкиот општествен контекст, создаваат пречки при оптималното искористување на услугите за АПНР
   а. Да се анализираат податоците собрани од АПНР кои ги рефлектираат факторите што влијаат врз нивното индивидуално ризично однсесување, како и ризичното однесување на ниво на заедницата кое е поврзано со структурните фактори.

Крајната цел на истражувањето е, врз основа на добиените резултати и препораки, да се предложат соодветни совети за подобрување на општите услови на популацијата АПНР во однос на ризиците и ризичните ситуации за пренесување на ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија:

- Развивање соодветни стратегии за интервенции што ќе ја подобрат превенцијата од ширење на ХИВ/СИДА/СПИ кај АПНР;
- Помош во процесот на донесување промени во законодавството и креирањето политика со цел да се создадат што поблагопријатни услови во користењето на услугите што им се нудат на АПНР во процесот на заштита од ХИВ/СИДА/СПИ.
- Помош во процесот на создавање кампањи кои треба да го зголемат нивото на свесност за степенот на ризик од ХИВ/СИДА/СПИ, вклучувајќи ја тука и локалната заедница.
- Помош во процесот на зајакнување на капацитетите на засегнатите страни и партнерите вклучени во процесите на имплементација на соодветни стратегии и интервенции за превенција на ширење на ХИВ/СИДА/СПИ кај АПНР.

# МЕТОДОЛОГИЈА

### *Зошто квалитативна студија заснована на истражувања во заедницата?*

Имајќи ги предвид целите на истражувањето и природата на очекуваните резултати од студијата, недвосмислено е утврдено дека треба да се користи квалитативниот пристап и анализа на податоците. Се тргна од претпоставката дека квалитативното истражување, со сите негови методолошки пристапи и техники, овозможува добивање појасни, подетални и потемелни податоци. Со квантитативно истражување, се разбира, не би можеле да се постигнат посакуваните цели. Квалитативната студија е особено погодна кога се истражуваат процесите, знаењата, ставовите и однесувањата на припадниците на одредена заедница во специфични услови (Neuman Lawrence, 2003: 140). Овој тип истражување овозможува согледување на општествените и културните процеси во локалната заедница, како и позиционирањето на индивидуалците во неа. Низ квалитативното истражување детално се анализираат случаите, нивниот јазик и контексти, се создава бриколажот, се испитуваат општествените процеси и случаи во општествен контекст, а потоа се истражуваат интерпретациите или значењата во специфични општествени и културни услови. Низ овој тип истражување, со методите што се користат при негова реализација, може да се истражува општествениот живот од повеќе аспекти, објаснувајќи притоа како поединците и групите ги создаваат своите идентитети. Во ваквите истражувања не е релевантно претворањето на општествениот живот во броеви и проценти (карактеристично за квантитативните истражувања). Квалитативните податоци, без нивна квантификацијата, не се сметаат за непрецизни или недостаточни туку, напротив, исклучително исполнети со значења. Така, наместо квантификација на општествената и културната реалност, во квалитативните истражувања се користат идеите на истражуваните поединци, без тие да се извлечат од нивниот поширок контекст. Оттука, во квалитативните студии се истражуваат мотивите, темите, разликите и идеите на луѓето, при што главните теориски истражувања се развиваат во текот на собирањето и обработката на податоците. Тоа значи дека, теориските заклучоци се создаваат по индуктивен пат и потекнуваат од локалната заедница. На тој начин квалитативното истражување станува многу пофлексибилно и поинтерактивно, а квалитативните истражувачи остануваат отворени за неочекувани резултати, спремни да ги менуваат во текот на самото истражување (Neuman Lawrence, 2003: 145-146; Esterberg Kristin, 2002: 4-22).

Основите на истражувачката методологија на проектот „Мапирање и студија заснована на истражувањата во заедницата на АПНР од ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија" беа, во општи рамки, дефинирани на заедничката обука за квалитативна студија на АПНР во Битола, а операционализирани во нацрт протоколот за предложениот проект.

Со цел истражувањето да биде добро методолошки засновано, на почетокот, се пристапи многу внимателно кон утврдувањето на основниот истражувачки пристап, како и кон методологијата во изборот на истражувачкиот примерок.

### *Локации на истражувањето*

При изборот на локациите за реализација на истражувањето беа детално разгледувани повеќе аспекти на специфичностите на истражуваниот проблем, при што се почитуваа неколку важни методолошки начела. Со цел да се утврди дали постојат некакви индикации за големи разлики во ситуацијата на трите целни подгрупи од избраните локации, најнапред беа разгледани карактеристиките на целните групи во различни градови во Македонија, врз основа на постојните сознанија, објавени или на некој друг начин достапни до истражувачите. Податоците со кои располагавме, извлечени главно од сознанијата на невладините организации кои имаат теренски искуства во работата со овие целни групи, укажуваат на тоа дека не постојат некои драстични разлики во ситуацијата и во однесувањето на АПНР во различни градови во Македонија. Значи, не постоеја некои претпоставки за важни регионални варијации на ситуацијата со АПНР во Македонија, иако на оние кои работат со некои од целните групи им се познати извесни варијации.

Се разгледуваа и прашања за постоење зголемена фрекфенција на одредени подгрупи на АПНР во некои градови во Македонија, поради некои специфичности на просторот (патишта по кои се пренесува дрогата, места каде што е подостапна, места или градови каде што МСМ имаат поголема слобода на изразување, локации каде може почесто да се сретнат АНСУ и сл.). Секако, во фазата на планирање на методологијата и изборот на локациите, не е многу лесно да се претпостават сиве овие прашања, а посебно да се знаат одговорите на сите нив, од едноставна причина што вакви истражувања и сознанија за АПНР во Македонија се исклучително ретки, а објавените податоци за нив се некомплетни. Беа изнесени одредени претпоставки дека во некои градови, кои лежат на патиштата на дрогата, адолесцентите се поизложени на употреба, или дека во поголемите градови, како што е Скопје, однесувањето на МСМ е послободно заради можноста да се излезе од стегите на општествените норми на помалите и позатворени заедници, или дека во градовите во Западна Македонија има поголема фрекфенција на АНСУ, отколку во Источна

Македонија. Се разбира дека сите овие претпоставки, кои допрва треба да се докажуваат или побиваат, не беа одлучувачкиот критериум при изборот на локациите за реализирање на истражувањето.

Така, сакајќи во истражувањето да вклучиме локации од различни краишта на Македонија главно, се водевме од една друга важна работа. Со цел да добиеме подетални податоци за ситуацијата со некои од целните групи, се обидовме да селектираме локации каде и досега биле реализирани или се реализираат проектни активности поврзани со АПНР. Интересно е да се забележи дека во неколку градови во Македонија веќе постојат сериозни, релативно континуирани и практични програми за работа со АПНР, главно преку невладиниот сектор. Најголемиот дел НВО се активни во главниот град, во Скопје, при што, повеќето од нив, програмски дејствуваат и во внатрешноста на Републиката, но по системот на интервенциски програми (ХЕРА). (Повремено, кога за тоа постојат финансиски и други услови, се дејствува во различни места). Други невладини организации дејствуваат по друг систем, повторно најчесто во Скопје, меѓутоа формирајќи свои локални ограноци во внатрешноста (МИА - Ресен) или формирајќи организации - ќерки, кои по добиената помош за подигање на капацитетите од страна на организацијата - мајка од Скопје, дејствуваат самостојно во локалните заедници (ХОПС - Куманово). Релативно еднаквата географска распространетост на истражувачките локации на територијата на Македонија не треба да биде сфатена во смисла на постигнување *репрезентативност на примерокот на национално ниво.* Кај квалитативните студии од овој обем, тоа едноставно не е можно.

Исто така, во некои градови во Македонија, постојат невладини организации кои самостојно реализираат програми поврзани со целните групи. Може да се забележи дека најголем број од овие организации се насочени кон работа на превенција од ХИВ/СИДА/СПИ помеѓу младите, а најчесто нивна целна група се лицата кои користат droги, посебно оние кои инјектираат (Скопје, Куманово, Струмица, Гостивар). Помал е бројот на организациите кои се занимаваат со лицата кои нудат сексуални услуги за надокнада (Скопје) кои, иако сè уште немаат посебни програми (Струмица), сепак, преку други форми на практична реализација на интервенциите, имаат допирни точки со оваа категорија. Во внатрешноста на Македонија речиси нема организации кои работат со МСМ популацијата, посебно во врска со превенцијата од ХИВ/СИДА и СПИ.

Имајќи ги предвид досегашните искуства при работата со овие целни групи, уверени сме дека истражувањето ќе биде многу отежнато или невозможно, доколку во изборот на локациите за реализација на истражувањето бидат избрани неидентификувани локации, односно локации каде не постојат развиени мрежи за контакти и работа со припадниците на овие целни групи. Поради тоа, важен критериум при изборот на истражувачките локации беше постоењето на веќе востановени организации и мрежи за работа со некоја од истражуваните целни групи. Притоа, ги имаме на ум и фактите дека добиените резултати од овие локации ќе може многу полесно да се преточат во реални предлози, а потоа и во практични интервенции за промена на состојбата на АПНР.

Исто така, при утврдувањето на местата каде ќе се реализира истражувањето, се водевме од уште една важна цел на овој проект (како и од активностите што ќе следат подоцна), а тоа е јакнењето на капацитетите на локалните организации и заедници. Вклучувањето на локалната заедница, локалните невладини организации и поединците во обуките и во практичната реализација на Проектот, значеше влегување во еден перманентен процес на едукација и јакнење на истражувачките и организациските капацитети за успешно реализирање на проектите.

Конечно, друг важен критериум, во изборот и бројот на локациите вклучени во истражувањето, беше буџетот на Проектот, според кој мораше да се прилагодат и истражувачките локации.

Истражувачкиот тим, согласно горенаведените критериуми, одлучи истражувањето да се реализира на следниве локации:

| ГРУПИ НА АПНР | ГРАДОВИ |
|---|---|
| Адолесценти мажи кои имаат секс со мажи (МСМ) | Скопје, Струмица, Гостивар, Тетово |
| Адолесценти кои нудат сексуални услуги за надокнада (АНСУ) | Скопје, Струмица |
| Адолесценти кои инјектираат дроги (АИД) | Скопје, Гостивар, Куманово |

### *Истражувачки примерок (методологија за избор на испитаници, број, возраст)*

Утврдувањето *репрезентативен примерок*, при реализација на квалитативни истражувања, е невозможно поради неколку причини. Најнапред, природата на квалитативната студија и прибирањето на теренските

податоци, кои подразбираат длабинско проучување на проблемите, оневозможуваат да бидат испитани репрезентативен број испитаници, како што е случај при реализирањето на истражувања преку анкети, прашалници и сл. Второ, во Македонија речиси воопшто не постојат, ниту официјални, ниту неофицијални, податоци за постоењето на АПНР, а особено не за трите специфични подргрупи АИД, АНСУ и МСМ. Оттука, не може ниту да се претпостави застапеноста на овие специфични групи за да може да се планира избор на репрезентативен примерок.

Овие ставови им беа добро познати на реализаторите на истражувањето уште на самиот почетокот на планирањето на истражувачката стратегија, па поради тоа релизирањето на квалитативна студија се планираше да се направи преку намерен избор на примерокот, а *теоретската репрезентативност* да се постигне (во случаите кога броењето не помага) на тој начин што се избираат поединци за кои се смета дека се најсоодветни информатори во врска со истражуваната тема.

Исто така, однапред определените критериуми за избор на испитаниците, во смисла на број, пол, возраст, место на живеење и сл., може да ја ограничат реализацијата на истражувањата, особено на квалитативните, и да предизвикаат непотребни пролонгирања, дури и прекинување на реализацијата на истражувањето. Добиените резултати може да бидат ригидни, само поради нефлексибилната методологија на истражувачкиот примерок. Ова посебно го потенцираме кога се работи со исклучително тешко достапни групи, какви што се целните групи на Проектот. Од друга страна, при подготвувањето на истражувачкиот протокол, неопходно е да се направи методолошка рамка за изборот на истражувачкиот примерок и да се утврдат методите низ кои истражувачите ќе дојдат до нив.

Како што спомнавме на самиот почеток, главна целна група на истражувањето се *адолесцентите кои се под најголем ризик (*според стандардите на светските организации кои се занимаваат со овие проблеми, млади луѓе на возраст од 13 до 18 години). По разгледувањето на фактите за реалната состојба со АПНР до 18 години, на подготвителните работилници беше заклучено дека, поради исклучителната прикриеност и „маскираност/мимикрираност" на припадниците на оваа група, реално е да се очекува истражувачите да имаат тежок пристап до поединци - припадници на оваа група, во онолкав број колку што би било потребно за да се постигне релевантност на истражувањето.

Поради тоа, во истражувачкиот протокол е предвидено да бидат вклучени и младинци кои се под најголем ризик, припадници на целните подгрупи, на возраст од 19 до 21 година. Се претпоставува дека оваа категорија испитаници може да придонесе за олеснување на достапот до адолесцентите на возраст од 13 до 18 години но, и да ги изнесе своите искуства од времето на адолесцентските денови.

Исто така, во истражувањето се вклучени и претставници на други засегнати страни кои на било кој начин се во врска со АПНР и можат да придонесат за добивање што порелевантни податоци за нив. Во оваа категорија се вклучени сите поединци кои се во секојдневен и непосреден контакт со припадниците на АПНР (семејство, другари, врсници), потоа лица кои работат на разни програми со АПНР (владини и невладини организации), органите на државата кои по разни основни се во контакт со припадниците на АПРН (полиција, судство, здравство, социјални грижи, образование и сл.), како и сите други поединци кои, пружајќи некакви услуги на АПНР или на нивните клиенти, се во посреден или непосреден контакт со нив (такси возачи, хотелски работници, продавачи на дрога, посредници, клиенти и сл.).

Во основа, претпоставените испитаници се поделени во две категории: *информатори* (лица кои добро ги познаваат или ги извршуваат секојдневните рутински однесувања на АПНР) и *клучни информатори* (лица кои многу добро ги познаваат АПНР или ги извршуваат нивните секојдневните рутински однесувања, но многу добро го познаваат и поширокиот контекст во групата, мрежата, локалната заедница или во општеството).

Исто така, во врска со изборот на методологијата за селекција на истражувачкиот примерок, се разгледуваа различните можности за регрутирање испитаници од трите целни групи.

Најголем број испитаници се регрутирани во истражувањето со директен контакт од страна на теренските истражувачи кои, како што е спомнато погоре, се активисти на некои од НВО кои подолго време активно дејствуваат во локалните заедници, помагајќи им на различни начини на целните групи, додека пак останатите теренски работници се актуелни или поранешни припадници на истражуваните целни групи.

За истражување и работа со тешко достапни групи, сметаме дека е најсоодветен изборот на примерок по методот на снежна топка (Snowball sampling), со оглед на фактот што, на друг начин, истражувачите тешко може да стапат во контакт со испитаниците. Овој метод подразбира вклучување на лица кои се припадници на целните групи и кои, веќе имаат воспоставени мрежи со лица од истата целна група, така што тие многу полесно ќе можат да регрутираат нови лица што ќе бидат вклучени во истражувањето. Овој метод на регрутирање лица за истражување е доста ефикасен, но досегашните искуства покажуваат дека

лицата од кои започнува и продолжува ланецот или топката на регрутирани треба да бидат почитувани и сериозни, така што ќе бидат доволен поттик и мотивација за вклучување на останатите. Се разбира, досегашните искуства при работата со АПНР (посебно кај подгрупите кај кои комерцијализацијата на интерперсоналните односи е дел од секојдневното живеење, АИД, АНСУ), покажуваат дека влијанијата на овие лица не се доволни, туку дека се потребни дополнителни поттикнувања. Поради тоа, уште при планирањето на истражувањето, беа предвидени средства за подароци и поттикнување на лицата кои се вклучуваат во истражувањето, како и на оние лица кои ќе успеат да поттикнат други лица, да одделат определено време и да се посветат на истражувањето. Со методот на снежна топка се регрутирани повеќе од половина од испитаниците од сите целни групи.

Исто така, при контактирањето со можните испитаници од страна на теренските истражувачи предвидено е да се користи методот на регрутирање испитаници според местото на движење односно случување (Venue-based sampling). Овој метод, во основа, се користи во истражувања во кои веќе постојат одредени податоци за локациите каде, припадниците на целните групи, се собираат и ги извршуваат нивните секојдневни активности. На некој начин, истражувачите се на местото на случувањето, што во најголем број случаи (имајќи во предвид дека најголемиот дел од активностите на АПНР се или незаконски или општествено неприфатливи) претставува скриено место или место со зголемен ризик за сите учесници. Од друга страна, лицата кои учествуваат во регрутирањето на нови испитаници, доколку се припадници на испитуваната целна група, всушност, се на „свој простор" во кој други лица многу тешко имаат пристап. Сепак, во пракса се покажа дека овој метод за регрутирање испитаници е тешко остварлив, посебно во случаите кога не станува збор за случувања на „отворена сцена". Теренските истражувачи се судруваа со потешкотии во регрутирањето нови испитаници на овој начин, дури и кога станувашe збор за „отворена сцена", со оглед на специфичностите на нивното однесување. Така, со овој метод се регрутирани само неколкумина испитаници.

Погоре веќе истакнавме дека (кога станува збор за бројот на истражувачкиот примерок), при изборот на испитаниците, е проблематично доколку бројот е стриктно определен без можност за флексибилност. Во процесот на подготовка на методолошката рамка се согледа дека е невозможно да се утврдува бројот на испитаниците во студијата, туку дека резултатите од теренската работа се квантификуваат врз основа на бројот на *истражувачките единици* (ИЕ). Истражувачка единица е изворен теренски, односно истражувачки материјал, произлезен во процесот на теренската истражувачка работа на теренските истражувачи, кој освен изворниот теренски материјал (аудио снимка и транскрипција), содржи и теренски запис (згуснати и проширени теренски белешки, авторефлексивни белешки на истражувачот и прелиминарна анализа со интерпретација). Значи, врз основа на овие критериуми е утврден апроксимативниот број на ИЕ што треба да се направат, за секоја од истражуваните целни групи, во текот на истражувањето.

Сумарно гореелаборираните податоци се прикажани на долната табела:

**Рамка на стратегијата за определување на истражувачкиот примерок**

| Рамка на истражувачката стратегија | Возраст | Истражувачки техники | Стратегија за избор на истражувачки примерок | Теренски истражувачки единици (ИЕ) |
|---|---|---|---|---|
| ***Целна група на АПНР*** | | | | |
| **а) Адолесценти кои инјектираат дроги (АИД)** | | | | |
| Скопје | 13-18 | Интервјуа;<br>Дискусии со фокус групи;<br>Набљудувања | Непосреден контакт;<br>Метод на снежна топка;<br>Метод на местото на случувањето | 30 |
| Гостивар | 13-18 | | | |
| Куманово | 13-18 | | | |
| **б) Адолесценти мажи кои имаат секс со мажи (МСМ)** | | | | |
| Скопје | 13-18<br>13-18 | Интервјуа;<br>Дискусии со фокус групи;<br>Набљудувања | Непосреден контакт;<br>Метод на снежна топка;<br>Метод на местото на случувањето | 30 |
| Струмица | 13-18 | | | |
| Гостивар/Тетово | 13-18 | | | |
| **в) Адолесценти кои нудат сексуални услуги за надокнада** | | | | |
| Скопје | 13-18 | Интервјуа;<br>Дискусии со фокус групи;<br>Набљудувања | Непосреден контакт;<br>Метод на снежна топка;<br>Метод на местото на случувањето | 35 |
| Струмица | 13-18 | | | |
| ***Целна група на младинци*** | | | | |
| **а) Младинци кои инјектираат дроги** | | | | |
| Скопје | 19-22 | Интервјуа;<br>Дискусии со фокус групи;<br>Набљудувања | Непосреден контакт;<br>Метод на снежна топка; | 5 |
| Гостивар | 19-22 | | | |
| Куманово | 19-22 | | | |
| **б) Млади мажи кои имаат секс со маж** | | | **Непосреден контакт;** | |
| Скопје | 19-22 | Интервјуа;<br>Дискусии со фокус групи;<br>Набљудувања | Непосреден контакт;<br>Метод на снежна топка;<br>Метод на местото на случувањето | 5 |
| Струмица | 19-22 | | | |
| Гостивар/Тетово | 19-22 | | | |
| **ц) Младинци кои нудат сексуални услуги за надокнада** | | | | |
| Скопје | 19-22 | Интервјуа;<br>Дискусии со фокус групи;<br>Набљудувања | Непосреден контакт;<br>Метод на снежна топка;<br>Метод на местото на случувањето | 5 |
| Струмица | 19-22 | | | |
| ***Целна група на други вклучени страни*** | | | | |
| Професионалци што работат со АПНР | | Интервјуа;<br>Дискусии со фокус групи;<br>Набљудувања | Непосреден контакт;<br>Метод на снежна топка;<br>Метод на местото на случувањето | 18 |
| Клучни информатори поврзани на различни начини со специфичните целни групи (такси возачи, персонал во хотели, дилери на дроги) | | | | |

Во текот на теренските истражувања реализирани се вкупно 122 истражувачки единици, од кои 89 интервјуа со информатори и клучни информатори, 4 разговори со фокус групи, снимени се 4 биографски животни приказни, 9 набљудувања и мапирања и 5 проверки на регистри.

Во долната табела се дадени подетални податоци за реализираните истражувачки единици, според целни групи, градови и употребени техники за собирање на податоците.

| МСМ ПОПУЛАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Истражувачка техника** | **Истражувачки единици по градови** | | **Вкупно истражувачки единици** |
| Интервју | Скопје | 22 | 36 |
| | Струмица | 9 | |
| | Тетово со Гостивар | 5 | |
| Интервју со клучен информатор | Скопје | 1 | 1 |
| | Струмица | 0 | |
| | Тетово со Гостивар | 0 | |
| Набљудувања и мапирања | Скопје | 2 | 5 |
| | Струмица | 0 | |
| | Тетово со Гостивар | 0 | |
| | Општо за МК | 3 | |
| Интервју со фокус група | Скопје | 0 | 1 |
| | Струмица | 1 | |
| | Тетово со Гостивар | 0 | |
| **ВКУПНО** | | **43** | **43** |

| АНСУ ПОПУЛАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Истражувачка техника** | **Истражувачки единици по градови** | | **Вкупно истражувачки единици** |
| Интервју со АНСУ | Скопје | 11 | 17 |
| | Струмица | 6 | |
| Автобиографска животна приказна на АНСУ | Скопје | 3 | 4 |
| | Струмица | 1 | |
| Фокус група | Скопје | 1 | 3 |
| | Струмица | 2 | |
| Интервју со клучен информатор (3 теренски работници НВО, таксист, вработен во хотел, вработен во кафе бар) | Скопје | 6 | 11 |
| (макро, вработен во кафе бар, таксист, социјален работник од ЦСР, претставник од НВО) | Струмица | 5 | |
| Набљудување | Скопје | 1 | 1 |
| | Струмица | 0 | |
| Проверка на регистри (МВР, ЦСР, СОС линија на Меѓаши) | Скопје | 3 | 5 |
| | Струмица | 2 | |
| **ВКУПНО** | | **41** | **41** |

| АИД ПОПУЛАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| Истражувачка техника | Истражувачки единици по градови | | Вкупно истражувачки единици |
| Интервју | Скопје | 17 | 33 |
| | Куманово | 7 | |
| | Гостивар | 9 | |
| Интервју со клучен информатор | Скопје | 2 | 2 |
| | Куманово | 0 | |
| | Гостивар | 0 | |
| Набљудување | Скопје | 2 | 3 |
| | Куманово | 1 | |
| | Гостивар | 0 | |
| **ВКУПНО** | | **38** | **38** |
| **Вкупно за сите АПНР** | | **122** | **122** |
| | Куманово | 1 | |
| | Гостивар | 0 | |
| **ВКУПНО** | | **38** | **38** |
| **Вкупно за сите АПНР** | | **122** | **122** |

## МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Со цел да се постигне релативно стандардизирано теренско истражување, обуката на теренските истражувачи беше една од најважните работи при подготовката на реализацијата на студијата, со оглед на фактот дека повеќето од припадниците на локалната заедница се лица кои или имаат непосреден контакт со целните групи (работејќи на практични програми), или се актуелни или поранешни припадници на целните групи.

### *Мапирање и брза етнографска проценка (БЕП)*

Теренското истражување, согласно поставените цели, најпрво опфати мапирање на АПНР, односно целните подгрупи, со цел да се утврдат основните демографски податоци во врска со географската распространетост и просторната дистрибуција на секоја од целните групи, на макро и на микро план, во локалните заедници, како и проценка на бројната состојба на секоја од нив. За реализација на мапирањето се користеа методите и техниките на мапирање со визуелизација и прикажување на просторните планови на локалните заедници, како и утврдување и презентирање на актуелните податоци за секоја од целните групи. Меѓутоа, позначаен дел од информациите во врска со мапирањето се постигнати низ употреба на другите техники за собирање податоци како што се: набљудување на местото на случување, интервјуа и разговори со фокусните групи. Техниките на водење разговор со фокус групата се покажаа како доста продуктивни во мапирањето на основните демографски податоци за истражуваната популација.

Брзата етнографска проценка (БЕП) произлегува од фактот што интензивните техники, како: *набљудувањето, интервјуата со информаторите и клучните информатори (КИ), како и групните дискусии со фокусните групи,* овозможуваат продлабочено согледување на општествените проблеми, идентификување на факторите и поврзаноста на одредени појави. Со БЕП се обезбедува брз и целосен преглед на заедницата или супкултурата, како и увид кој ќе помогне во планирањето и дизајнирањето на идните програмите. БЕП се покажа како особено корисна за разбирање на особено ранливите супкултури, кон ХИВ/СИДА/СПИ, како што се: мажите што имаат секс со мажи, поединците што инјектираат droги и сексуалните работници. Со цел да се триангулираат и да се вреднуваат едни спрема други, во натамошната анализа, материјалите од БЕП се комбинираат и со резултатите од истражувањата на другите извори.

### *Набљудување*

Кај ваков тип истражување, набљудувањето претставува една од најрелевантните техники за собирање податоци од терен. При теренските истражувања се користеа, главно, три вида набљудувања:

Опишувачко набљудување → Фокусирано набљудување → Селективно набљудување

Во текот на набљудувањето, теренските истражувачи имаа обврска да обрнат внимание и да ги бележат појавите и карактеристиките на општествената ситуација која се набљудува, според следниве карактеристики:

1. *Простор:* физичкиот простор или места
2. *Учесници:* луѓето кои се вклучени
3. *Активности:* збир на активности што ги реализираат луѓето
4. *Објекти:* физичките предмети што постојат
5. *Акт:* единечни (индивидуални) активности што ги прават луѓето
6. *Настан:* збир поврзани активности што ги преземаат луѓето
7. *Време:* секвенцата што се случува во определено време
8. *Цел:* работите што луѓето се обидуваат да ги постигнат
9. *Чувства:* емоциите што се чувствуваат и се изразуваат

Со оглед на тоа што набљудувањето, по дефиниција, претпоставува присуство на истражувачот во непосредна близина на случувањето, а имајќи го предвид фактот што се работи со општествено неприфатени и маргинализирани групи (чиишто активности во нашата земја се сметаат за неприфатливи па дури и формално се утврдени како нелегални - се случуваат на скриени места, во ситуации со посебен ризик), тогаш е јасно дека набљудувањето на местата на случување е ризично и опасно, дури и за лицата кои се припадници на заедницата или, пак, имаат непречен пристап.

Во текот на реализацијата на теренските истражувања, за секоја од целните подгрупи се направени барем по 2 (две) теренски набљудувања.

### *Интервју*

При реализацијата на теренските истражувања, користејќи ја техниката водење интервју, се настојуваше истражувачите да се придржуваат до следните важни методолошки принципи:

- Разговорот се започнува со вистински, истражувачки, флексибилни, отворени прашања;
- Истражувачот никогаш не им вели на информаторите дека грешат, не им дава невербални знаци и не зазема никакви вредносни ставови или пресуди;
- Истражувачот може да ги споделува сопствените искуства (без разоткривање детали) доколку тоа ги релаксира и ги прави поотворени информаторите;
- Никогаш не започнува нова тема додека потполно не ја истражил претходната;
- На почетокот прашањата се отворени, флексибилни, иако истражувачот се стреми и поттикнува неочекувани, но важни прашања што произлегуваат од разговорот;
- Прави многу кратки белешки за секој коментар на информаторот;

При собирањето и бележењето на податоците, доколку постои согласност од страна на испитаникот, разговорот најчесто се снима. Околу прашањето дали теренскиот истражувач има добар и доверлив информатор, во смисла на тоа дали може во целост да му верува на добиените информации, истражувачите се придржуваа до следните правила:

- Доколку некои заклучоци на испитаниците се дискутабилни, се прави обид да се утврди дали информаторот ги извел заклучоците само врз основа на еден единствен случај, според негово сеќавање, или на некој друг начин.
- Се утврдува колкаво е искуството на информаторот и дали тоа е доволно за прифаќање на неговите изјави, за кои постои сомневање дека не се точни.
- Внимателно се разгледуваат ставовите на информаторот кон сексуалната работа, кон мажите што имаат секс со мажи или кон младите што инјектираат дроги, бидејќи тоа може многу да влијае врз неговите одговори.
- Се споредуваат одговорите на различни информатори, во однос на тоа дали постојат контраиндикации или допирни точки во нивните кажувања.

### *Групни дискусии/разговори со фокус групи*

Фокус групите или групните интервјуа се корисни дополнувања на другите етнографски методи за прибирање податоци од терен. Фокус групите вклучуваат група луѓе кои треба да дискутираат за некој важен проблем. Едно лице ја води дискусијата користејќи серија внимателно избрани прашања. Додека кај длабинските интервјуа тенденцијата е да се истражува длабински, лично и низ многу чувствителни прашања, фокус групите се најпогодни за дискусија околу проблеми од кои може да произлезат некои нови идеи, предлози, да се види интеракцијата помеѓу учесниците во групата и ефектите од тоа, да се проверат или развијат некои едукативни материјали и сл.

Најлесно се организира фокус група во која учесниците се слични според возраста, полот, образованието, социоекономската припадност, професијата и флуентноста на јазикот што го користи групата но, интересна и возбудлива може да биде и дискусијата која би направила широк пресек на заедницата (значи, ако учесниците се различни според своите карактеристики). Важно е да се внимава кога се мешаат луѓе со различни статуси. Во многу околности, посебно кога се истражуваат специфични групи луѓе, тешко е да се зборува слободно пред униформирани луѓе, здравствени лица, учители и сл.

Идеална големина на фокус групата е помеѓу 8-10 луѓе. На тој начин, секому се дава оптимална можност да зборува и да земе учество во разговорите. Ретко, бројот би требало да биде помал од 6 или поголем од 12 учесници.

Исто така, многу се важни местото и положбата каде се одржува разговорот. Местото треба да биде пристапно, приватно, мирно и не многу интимно. Треба да биде доволно големо за да може 8-12 луѓе да седнат во круг, зашто тоа овозможува подобри услови за работа за оној што ќе го води разговорот. Водачот на разговорот седи во кругот, каде што седат сите други, и избегнува да застанува пред групата или да прави нешто друго што би асоцирало дека тој има повисок статус од другите.

## БЕЛЕЖЕЊЕ НА ТЕРЕНСКИТЕ ПОДАТОЦИ

Како што е споменато погоре, таму каде што постои согласност од информаторите, разговорите се снимаат целосно на тонски снимач, што овозможува комплетна и прецизна транскрипција на материјалите при нивната натамошна обработка. Разговорот не се снима, доколку информаторот не е согласен за тоа.

Уште на почетокот на истражувањето како и во сите случаи на теренска работа, се поставуваше едно важно методолошко прашање – начинот на *бележење на теренските податоци,* посебно поради фактот што теренските истражувачи не беа стручни лица за тоа. Значи, уште во текот на обуките за теренско истражување, најмногу внимание се посвети на градењето соодветна методологија за бележење на податоците на терен. Така, беше избран типот теренски белешки составен од 4 (четири) основни дела и тоа:

» **Згуснат опис на истражувањето** (теренскиот истражувач ги пренесува во компјутер куситe белешки што ги направил во теренската тетратка за време на или веднаш по завршувањето на теренското истражување. Куситe белешки им служат на теренските истражувачи полесно и подетално да го развијат проширениот приказ)
» **Проширен опис на истражувањето** (теренските истражувачи го опишуваат во најситни детали текот на истражувањето, сите ситуации и сите содржини што се опфатени со истражувањето. Збиениот приказ се прави што е можно побрзо по завршувањето со теренската работа заради свежината на помнењето на настаните)
» **Авторефлексивни размислувања** (теренските истражувачи ги опишуваат колку е можно подетално и покоректно сопствените чувства и размисли за истражувањето, започнувајќи од моментот кога се договарала средбата со информаторите, местото на истражување, однесувањето на информаторот. Тие во овој дел ги изнесуваат своите најсуптилни мислења без било какви задршки или страв дека нивните мислења може да предизвикаат некакви проблеми во истражувањето. Теренските белешки се прават во функција на теренското истражување и се достапни само на асистентите истражувачи и главниот истражувач. Теренските истражувачи тука ги опишуваат и своите доживувања во врска со реализацијата на теренското истражување, нивните чувства и сл.)
» **Анализа и инерпретација на добиените податоци** (теренските истражувачи ги изнесуваат своите размисли, првичните анализи и толкувања на проблемите што се опфатени со истражувањето. Се изнесуваат првични претпоставки, се поставуваат одредени хипотези и се предлагаат одредени решенија на проблемите)

Со цел да се воспостави стандардизирано и унифицирано пренесување на податоците од набљудувањата, изготвен е **формулар за водење теренски белешки** во кој, покрај погоре наведените 4 (четири) дела при водење на белешките, се вклучени и податоците за идентификација на испитаниците (возраст, пол, национална и верска припадност, образование, место на раѓање и живеење и сл.).

За следење на процесот на реализација, главно за внатрешните потреби на членовите, се пополнуваше **формулар за следење на процесот,** во кој, учесниците континуирано известуваа за текот на активностите во истражувањето.

## ЕТИЧКИ ПРАШАЊА

Институтот за етнологија и антропологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е акредитирана наставно-научна институција каде, покрај образованието на кадри од областа на етнологијата и антропологијата, се реализираат научно-истражувачки и апликативни проекти. Согласно важечките законските одредби во Македонија, не се потребни никакви дополнителни дозволи од други тела во државата, особено поради фактот што природата на истражувањето е етнографска и нема карактеристики на био-физиолошки, медицински или бихејвиорални истражувања, во кои истражувачите-експериментатори имаат подоминантна улога отколку оние во општествените науки. Затоа, за првиот тип истражувања постои востановена пракса да се добие мислење од Лекарската комора на Македонија. Овие прашања се разгледувани во повеќе студии посветени на методологијата на истражувањата во општествените науки и спроведувањето на законската регулатива (доколку постои), или општите етички правила за „заштита на човечките субјекти", при што, главно, се застапува ставот дека акредитираните образовни и истражувачки високошколски установи нема потреба да бараат и да добијат соодветни одобрувања од државната администрација. Се разбира дека е исклучително важно одговорните лица или другите тела вклучени во реализацијата на истражувањето, во нашиот случај - истражувачката екипа и надзорниот комитет, да утврдат дали се почитувани најважните и елементарните етички правила при истражувањето (Thorne Barrie, 2004:159-161: Esterberg Kristin, 2002: 49-50).

Исто така, потребно е да се спомене дека во Македонија сеуште не постојат етички кодекси според кои се утврдени правилата на однесување на истражувачите во општествените и хуманистичките дисциплини. Така, не постојат етички кодекси донесени и почитувани од страна на здруженијата на етнолозите и антрополозите во Македонија, поради што на истражувачите им преостанува да се запознаат и да се придржуваат до некои од основните правила пропишани во кодексите на други светски организации, како на пример на Американската Асоцијација на Антрополозите (Statements on Ethics, Council of American Anthropological Association,http://www.aaanet.org), потоа на Асоцијацијата на социјалните антрополози на Велика Британија и Комонвелтот. (Ethical Guidelines for Good Research Practice; http://www.theasa.org/). Во текот на обуките, на теренските истражувачи им беа предочени основните етички правила до кои треба да се придржуваат при истражувачката работа, а во текот на истражувањето се водеше сметка овие правила во целост да се почитуваат од сите вклучени страни.

### *Заштита на физичката, социјалната и психичката благосостојба на испитаниците и на нивниот личен интегритет и приватност*

Начинот и стилот на живеење и однесување на главниот истражувачки проблем на студијата - адолесцентите кои се под најголем ризик, посебно дел од активностите на двете целни групи АНСУ и АИД, според македонското законодавство се сметаат за противзаконски, што подразбира преземање соодветни мерки од органите на прогон и судството. Исто така, целната група МСМ, поради фактот што во македонското општество сè уште се смета за неприфатлива, е исто толку маргинализирана.

Значи, сите три целни групи, своите активности ги реализираат во полна конспирација и на начини кои ги зголемуваат можностите од ризично однесување и пренесување на ХИВ/СИДА/СПИ.

Оттука произлезе едно од најважните етички правила при реализацијата на оваа студија, **доверливоста при работата**. Доверливоста, првенствено значи потполна заштита на личноста и информациите добиени од неа, посебно при нивно јавно објавување, искористување или евентуално (зло)употребување во цели што не се предвидени и пропишани со студијата. Ова правило се однесува, особено, на личната заштита на испитаниците, на нивните блиски и на оние со кои имаат заеднички стил на живеење: поединци, групи и институции, кои би можеле, намерно или ненамерно, со (зло)употреба на добиените информации да им наштетат или, да го зголемат нивото на маргинализираност и стигматизираност, со што овие лица ќе ги доведат до уште поголема изолираност и изложеност на ризично однесување во врска со пренесувањето на ХИВ/СИДА/СПИ.

Доверливоста на податоците е исклучително значајно прашање кое се провлекува во текот на целиот истражувачки процес, со оглед на тоа што собраните материјали при теренското истражување се снимаат, систематизираат, обработуваат, се архивираат и трајно се чуваат во Архивот на Институтот за етнологија и антропологија.

На семинарите за обука на теренските истражувачи посебно внимание се посвети на прашањето на заштитата на доверливоста на испитаниците и информациите добиени од нив. Теренските истражувачи се обучени да обезбедат простор за реализација на истражувањето во кој, во никој случај, нема да биде доведена во прашање доверливоста на испитаникот и неговите искази, како пред пошироката општествена јавност, така и пред неговите блиски. Дури ни главниот истражувач кој, во својство на супервизор, беше гостин во некои од градовите каде се реализираше истражувањето, честопати не беше во состојба да

присуствува на интервјуата, токму поради сомневањето на испитаниците дека, колку повеќе контакти ќе остварат со „надворешни" лица, толку е поголема можноста тие да бидат „откриени" во пошироката општествена средина.

Следна фаза е транскрипцијата на снимените аудио материјали која беше реализирана од страна на лица оспособени за оваа работа. Сепак, ним им беа предочени специфичностите на истражувањето, при што им беше потенцирано дека мора да ја почитуваат доверливоста и јавно да не коментираат за содржината на материјалите, сеедно колку, одредени информации, им звучат сензационалистички.

Едно од најважните прашања во врска со доверливоста на податоците, иницирано уште при започнувањето со планирање на Проектот, беше прашањето како би се реагирало во случај кога органите на МВР и другите законски институции во Македонија би побарале да ги користат сите или дел од изворните теренски материјали кои се чуваат во Архивот на ИЕА. Не само кај нас, туку и во архивите насекаде во светот, огромен број материјали, во основа, се чуваат за да им послужат на заинтересираните за одредена проблематика, во одреден момент. Значи, најголемиот дел од материјалите во архивите се достапни за пошироката општествена јавност но, се разбира, постојат законски и подзаконски регулативи за тоа, кои категории архивски материјали може да бидат користени, по кој временски период, во колкав обем и уште многу други детали. Собраните теренски архивски материјали може да се користат исклучиво во научни цели кои, најнапред треба да ја покажат реалната состојба на истражуваниот проблем, а потоа да понудат и решенија за настанатата ситуација. Тоа значи дека употребата на материјалите е неприфатлива и недозволива ако со тоа, директно или индиректно, би можело да им се наштети на испитаниците.

Следното прашање во врска со доверливоста е пишувањето на студијата и изнесувањето на податоците во неа, особено кога станува збор за локациите, односно местата каде што се случуваат активностите врз основа на кои би можело да се идентификуваат поединци, места, настани и сл. од целните групи. Ова е сè уште едно од најважните прашања во научната и стручната литература која ги третира теориско-методолошки проблеми поврзани со доверливоста на информациите, како и објавувањето на конкретните места и вистинското време на случувањата. Искуствата на некои од авторите кои се занимаваат со истражување на маргинализираните групи, покажуваат дека објавувањето на некои детали од истражувањето, може да биде третирано како успешно завршена истрага што ќе им помогне на органите на прогонот тие да започнат интервенции на теренот. Поради овие факти, регистрирани се голем број случаи кога поради ваквите интервенции на органите на прогонот овие маргинализирани групи стануваат уште понедостапни, позатворени и поскриени. Исто така, тие стануваат уште помобилни, а со тоа поранливи и поризични за пренесување на ХИВ/СИДА/СПИ.

Наш заклучок е дека во извештајот на студијата што е доставен до нарачателот, Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, треба да се дадат реални и комплетни податоци во врска со локациите, времето, траењето и другите карактеристики во однесувањето на трите целни групи. Во студијата објавена за пошироката јавност, со цел да се зачува доверливоста на податоците и да се намалат можностите од евентуални злоупотреби на истите, најголем дел од податоците според кои може да се направи идентификација на лица, локации не се објавени или се заменети со други кои никако не соодветствуваат на вистинити лица, настани или места.

Второ важно правило до кое теренските истражувачи, а подоцна и сите други, се придржуваа е зачувувањето на **анонимноста на испитаниците.** Од почетокот на истражувањето па се до крајот важи правилото за неспомнување и небележење на личните податоци, како што се името и презимето, според кои може да се идентификуваат поединците. При теренското истражување се забележува само полот, возраста, местото на раѓање и живеење, образованието, вероисповедта, националната припадност и социјалната состојба, како релевантни индикатори за испитуваните целни групи.

Исто така, на теренските истражувачи им беше елаборирано и третото правило за **коректно, целосно и навремено информирање на испитаниците во врска со целите на истражувачката студија, намерите на истражувачите и барањето согласност за доброволно вклучување во истражувањето**, според кое тие, пред да започнат со било каков вид теренска работа, треба да ги информираат испитаниците зошто се прави истражувањето, кои се неговите цели и очекувани резултати, како и за евентуалната можност резултатите да им бидат пренесени доколку се заинтересирани за тоа. Во секој случај, теренското истражување не би можело да започне доколку не се добие согласнот за доброволно вклучување на испитаникот во истражувањето и додека не се воспостави една релативно хармонизирана ситуација на взаемна информираност и доверба. При реализацијата на теренското истражување, истражувачите во целост се придржуваа кон ова правило, со исклучок, во ситуациите на набљудување, кога истражувачите од објективни и субјективни причини, не можат да ги информираат оние кои се набљудувани. За среќа, токму поради овие причини, вакви истражувачки ситуации имаше навистина малку. Во Струмица, според основано сомневање дека во објект (приватна куќа) одредени лица нудат

сексуални услуги за надокнада, теренските истражувачи реализираа набљудување, за кое сигурно не можеле да ги информираат оние што ги набљудувале. Со оглед на преголемиот ризик, како и поголемиот број недоследности и негативности во однос на позитивни страни и предности, имаше препорака да не се реализираат ваков тип набљудувања.

### *Надоместок за испитаниците (Мотивација)*

Досегашните искуства на тимот истражувачи, како и искуствата на теренските работници покажуваат дека испитаниците, припадници на АПНР, особено АНСУ и АИД, се посебно чувствителни на евентуалниот комерцијален ефект, со оглед на фактот што материјалните средства се од исклучително значење за одржување во живот. Оттука произлезе и предлогот, лицата вклучени во истражувањето како информатори, како и оние кои ќе се потрудат да ја прошират мрежата, регрутирајќи нови испитаници, да бидат наградени или да им биде даден одреден материјален надомест што ќе ги мотивира за натамошна соработка. Прашањето за материјална мотивација за учество во истражување е мошне дискутабилна пракса во теоријата за методолошката оправданост на ваквите постапки. Често се наведуваат примери кои укажуваат дека поттикнувањето на мотивацијата кај испитаниците може да го одведе истражувачкиот процес во сосема погрешни насоки. Поради тоа, однапред се подготвувавме каков приод да имаме кон овој проблем.

Од друга страна, се почитуваше и комерцијалноста на потрошеното време, вложената енергија на секој од учесниците и вредноста на информациите, поради што, во пазарните економии, нормално е да се претпостави надомест за такви услуги.

На крајот беше заклучено дека, со оглед на тоа што се работи со исклучително маргинализирани и тешко достапни целни групи, треба да им се понуди материјална мотивација на испитаниците и на оние што учествуваат во процесот на регрутација нови испитаници. Остана отворено прашањето дали надоместокот да биде во форма на некаков подарок (хигиенски пакет и сл.) или да биде паричен. Давањето подароци беше отфрлено, поради спецификите во изборот, посебно кога станува збор за хигиенски или други козметички препарати, како и поради сознанието дека поголем дел од адолесцентите со кои се работи не се перципираат себеси како лица на кои тоа им е потребно (најголем број АНСУ себеси не се перципираат како КСР, или АИД и МСМ не се перципираат како лица на кои им недостасува хигиенски прибор).

Тргнувајќи од фактот дека финансиските средства имаат исклучително значење особено за двете целни групи: АИД и АНСУ, а подоцна се потврди претпоставката дека и кај МСМ има лица кои нудат услуги за надомест, заклучивме дека паричната надокнада, иако симболичка, е најмотивирачка за овие луѓе. За соработката како информатори, и исто толку за секое ново регрутирано лице како испитаник, на испитаниците им беа исплаќани по 150,00 ден., сума што е приближно 2,4 ЕУР или 3 $. Притоа, и покрај водењето формална евиденција за исплата на финансиските средства, целосно се почитуваше анонимноста на испитаниците. Сумата, определена главно врз дотогашните искуства на луѓето коишто работат со овие целни групи на терен, беше оценета како коректна и мотивирачка од страна на истражувачкиот тим и надзорниот комитет. Оваа сума, која претставува помалку од една третина од дневницата, пропишана според законската регулатива во Македонија не може да се смета за превисока.

Од перспектива на веќе завршени теренски истражувања, може да се каже дека овој вид мотивација е доста успешен, дури и неопходен, посебно имајќи ја предвид финансиско-материјалната ситуација на испитаниците во Македонија. Од друга страна, пак, се покажа дека најголемиот број испитаници од МСМ не ги зедоа предвидените средства со објаснување дека за нив нема потреба од таков вид мотивација.

Како реализатори на истражувањето, со овој вид мотивација, сметаме дека успеавме, барем во одредена мерка, да воспоставиме реални пазарни услови на размена на услуги за надоместок, што придонесе сите да се чувствуваат задоволни.

Во случаи кога имаше потреба, на испитаниците им беше обезбеден превоз до местото на истражување и обратно, а на разговорите беа обезбедени колачиња и пијалаци за освежување.

### *Советодавност и упатност*

Во текот на обуките теренските истражувачи беа упатени како да се однесуваат во случаи кога од нив се бара некакво мислење, совет, помош. Имајќи предвид дека станува збор за специфични целни групи се претпоставуваше дека теренските истражувачи ќе се судрат со овој проблем, поради што, им беше сугерирано најпрво да се обидат, колку што е возможно, непречено и без било какви дополнителни интервенции од нивна страна, да го завршат истражувањето со што би се намалила можноста од било какво влијание врз податоците што ги изнесуваат испитаниците. Потоа, теренските работници може да пристапат кон давање одредени мислења, совети и упатување на лицата до соодветните институции за решавање на нивните лични или групни проблеми. Најчест проблем на овие лица е неупатеноста и

неинформираноста околу можностите за остварување на нивните права за слободно и квалитетно информирање.

***Заштита на физичката, социјалната и психичката благосостојба на истражувачите, посебно на теренските истражувачи и на нивниот личен интегритет и приватност***
Најчесто, теренската работа на истражувачите на трите целни групи АПНР, вклучува работа на местата на настаните. Како што е повеќепати спомнато, местата на случување, времето и актерите вклучени во овие настани, може многу често и многу драстично да станат ризични за нив. Многу аспекти од оваа исклучително специфична работа беа разгледувани на обуките за теренските работници: ситуации во кои разрешуваат конфликт помеѓу припадници на целните групи или ситуации кога, поради други причини (полициска интервенција, недоразбирање со клиенти, заштитници, упади на лица со спротивни погледи наспроти некоја од целните групи) може да се зголеми ризикот, не само по реализирањето на истражувањето по нормален тек, туку и по физичката и психичката состојба на истражувачите. И покрај тоа што поголем дел од теренските истражувачи се истовремено и работници во НВО кои реализираат практична работа на терен, при што се во непосреден и постојан контакт со целните групи, на неколку наврати беа доведени во ризична ситуација, дури и физички напад, токму поради нивното присуство на местата каде што се движат припадниците на овие целни групи. Поради тоа, се сугерираше теренските истражувачи да ги избегнуваат истражувањата на местата на настаните, а интервјуата да ги договараат на посигурни места за тоа.

## ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ СТРАНИ НА УПОТРЕБЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА

### *Позитивни страни*
Од перспектива на заклучните размислувања од реализацијата на Проектот, а во врска со употребената истражувачка методологија во сите фази, сметаме дека е најцелисходно да се започне со елаборирање на нејзините позитивни страни. Прво, сметаме дека методологијата, општо земено, е практична, употребли ва и соодветна кога се работи со *исклучително тешко достапни* целни групи какви што се АПНР. Во реализацијата на Проектот се вклучени сѐ повеќе засегнати страни, од различни сфери, што придонесува за повеќеслојно и интердисциплинарно проучување на проблемите на АПНР поврзани со пренесувањето на ХИВ/СИДА и СПИ во Македонија. Во подготвителните фази беше вклучена и академската страна, исто колку и институциите кои се занимаваат со практична работа и решавање на проблемите на АПНР во македонскиот општествен контекст. Притоа беа инволирани и претставници од структури на извршната власт (Министерства во Македонија) и други институции (домашни и меѓународни), кои работат на програми и интервеници посветени на АПНР. Ова се нагласува како посебно позитивна страна на употребената методологија при конципирањето на целите и очекуваните резултати, зашто сметаме дека е најважно тие да кореспондираат со препораките за идни програми и со планирањето интервенции кои ќе можат да ги реализираат разни владини и невладини институции.

Друга важна позитивна страна на употребената методологија е вклучувањето на *теренски истражувачи* - припадници на локалните заедници или лица директно вклучени во реализација на практични програми и проекти за интервенција помеѓу целните групи АПНР (МСМ, АНСУ, АИД) или, пак, се лица кои се сегашни или поранешни припадници на некоја од трите целни групи. Со вклучувањето на овие луѓе, се задоволува еден многу важен теориско-методолошки принцип за вклучување на лицата - припадници на локалните заедници или добри познавачи на приликите во локалните заедници, како важен предуслов за обезбедување непречен пристап до информациите и создавање клима за успешно имплементираење на интервенциите врз основа на добиените резултати. Оттука, во реализацијата на Проектот беа вклучени лица кои се веќе активни во реализација на програми на владини, но повеќе на невладини организации кои работат со некои од трите целни групи во градовите низ Македонија, претпоставувајќи дека, на овој начин, истражувачите лесно ќе се вклучат во воспоставените мрежи на припадници на целните групи. Тие лица се најдобри познавачи на приликите во локалните заедници и, во најголем број случаи, тоа се истите лица од кои започнуваат голем број иницијативи и активности. Така, планирањето и реализацијата на овој комплексен истражувачки проект започна од основата, односно од корените, за потоа да се движи по нагорна линија и да стигне до врвот.

При изборот на истражувачкиот примерок теренските истражувачи, заедно со менторите, имаа исклучително важна улога во реализирањето на предвидената методологија за регрутирање на нови испитаници. Имајќи предвид дека реализацијата на теренско истражување помеѓу АПНР во Македонија е тешка задача, поради фактот што припадниците спаѓаат во категоријата *исклучително тешко достапни*, тогаш е јасно колкава е нивната улога во овој дел од Проектот. Само за илустрација на кажаното, ќе наведеме пример дека, во некои градови каде што се реализираше истражувањето, на дел од истражувачите (припадници на академската страна на Проектот) им беше отежнато или оневозможено присуството помеѓу припадниците на АПНР, токму поради фактот што спрема нив како истражувачи се покажуваше недоверба, страв и однос како кон лица кои не припаѓаат на локалната заедница.

Како особено позитивна се истакна методологијата на избор на истражувачки примерок по принципот на *снежна топка,* што подразбира користење на веќе постоечките и воспоставени мрежи од страна на теренските работници и менторите во процесот на регрутирање на испитаниците. Доколку е направен соодветен избор на теренските истражувачи, односно лицата кои ќе ги контактираат идните испитаници, тогаш е логично да се очекува и коректен избор и регрутирање на испитаниците. Важно е што теренските истражувачи беа селектирани така што беа во можност да покријат различни мрежи на припадници на АПНР, потоа различни локации во исти градови и, согласно нивната возраст, да контактираат врсници од различни категории.

Методологијата за регрутирање на испитаници и истражување на местото на настанот, функционира добро поради фактот што теренските истражувачи се или теренски работници или припадници на целните групи, што значи дека во одреден период се наоѓаат на самото место така што, и на овој начин, може да се регрутираат нови испитаници.

Интервјуто, како техника за работа на терен и техника за прибирање на податоци од испитаниците, и овој пат се покажа како најпродуктивна и најприфатлива за теренските работници и за испитаниците. Поради тоа, најголем дел од теренските истражувачки единици се интервјуа со информаторите и клучните информатори.

Се покажа дека е неоснован скепицизмот на теренските и другите истражувачи, искажан при планирањето на истражувањето, околу разговорите со фокусните групи. Имено, при планирањето на теренската работа се сметаше дека е многу тешко да се организираат фокусни групи со припадници на овие целни групи, зашто тие не сакаат да седат на исто место со другите припадници на истата целна група, поради дискреција, зачувување на анонимност и сл. Сепак, доколку овие разговори со фокусните групи однапред се подготват добро, ако правилно се изберат и поканат учесниците, и ако добро се осмислат прашањата, при што во никој случај нема да третираат личните проблеми на учесниците, тогаш е возможно ваквите разговори успешно да се организираат.

Во процесот на обработка на транскрибираните теренски материјали, посебно позитивно место има употребениот софтвер Atlas.ti, за обработка, класификација, систематизација и анализа на податоците, кој во огромна мерка го олесни и забрза процесот на реализација на овој комплексен истражувачки проект.

### *Негативни страни*

Поради фактот што во теренското истражување беа вклучени лица кои немаа соодветна стручна подготовка за реализација на ваков тип истражување, посебно поради тоа што немаа еднакво ниво на подготвеност, пред започнувањето на теренското истражување беше потребно за нив да се организира соодветна обука. Како што може да се види од податоците изнесени погоре, беа организирани посебни обуки за теренските работници, и тоа, за секоја целна група одделно. Логично е да се претпостави дека неколкудневната обука на овие лица не може да ја замени академската подготовка, заради тоа, пред започнувањето на теренската работа, истражувачкиот тим изготви релативно стандардизирани помагала за реализација на теренското истражување (Потсетник со специфични истражувачки прашања за секоја целна група одделно, Форма за водење теренски белешки, Форма за следење на процесот, Форма за транскрипција на снимените материјали и сл.). На овој начин се направија дополнителни обиди за стандардизирање на истражувачката постапка со што се постигна посакуваното ниво на стручност при теренското истражување.

Методологијата за регрутирање испитаници и за реализирање на теренско истражување заснована врз истражување на местото на настанот (Venue based sampling), се покажа како непрактична и многу поризична за теренските истражувачи кои, работејќи со овие исклучително тешко достапни целни групи, и самите се доведуваа во ризични ситуации. Во текот на реализацијата, неколку пати, теренските истражувачи се доведоа себеси во ризични ситуации. Еден од нив беше и физички нападнат но, за среќа, немаше посериозни последици. Потоа следеше брза реакција од главниот истражувач и неговите асистенти, кои побараа веднаш да се прекине употребата на овој метод, заштитувајќи се најпрво себеси, а потоа и испитаниците.

Техниките за прибирање податоци, планирани за реализација на теренското истражување, кои вклучуваа одредено активно учество на испитаниците (цртање, боење, играње улоги и сл.), се покажаа како тешко употребливи (освен во случаи кога се работи со групи), заради индивидуалната работа со секој од испитаниците одделно, но најмногу заради незаинтересираноста на испитаниците за таков вид интерактивни активности (како, мапирање, проценка на трендови на ХИВ/СИДА, проценка на ризично однесување и сл.).

# АДОЛЕСЦЕНТИ - МАЖИ КОИ ИМААТ СЕКС СО МАЖИ (МСМ)

# АДОЛЕСЦЕНТИ - МАЖИ КОИ ИМААТ СЕКС СО МАЖИ (МСМ)

## ВОВЕД

Поимот, мажи кои имаат секс со мажи (МСМ), се употребува во поново време за определување сексуално дејство, а не за класификација на сексуалната ориентација. Овој термин најчесто се применува кога се зборува за превенцијата од ХИВ/СИДА/СПИ поради природата на сексуалниот чин и степенот на ризик кај лицата кои практикуваат ваков секс, без соодветна заштита. Често се меша со поимот за машката хомосексуална популација што доведува до забуна. Еден дел од МСМ, според својата сексуална ориентација, себеси се сметаат за припадници на ЛГБТ (геј, бисексуални мажи и трансродни), додека друг дел од МСМ, себеси не се идентификуваат како припадници на ЛГБТ, но поради различни општествени и културни услови (родови стереотипи, традиција, љубопитство или ред други причини) имаат секс со мажи (Врангалова, 2006: 228).

Дел од МСМ лицата ја преферираат активната улога (пенетрирачки партнер), но тоа не е правило. Има случаи, каде и пасивните лица (рецептивен партнер) себеси не се сметаат за припадници на ЛГБТ популацијата, поради емотивната неприврзаност кон сексуалниот партнер кој им служи само за задоволување на сексуалната потреба. Во овој контекст, единствено проблематично и некомплетно дефинирање и идентификување како МСМ има само кај оние лица кои сè уште не се сексуално активни, а себеси се идентификуваат како хомосексуалци. Во зависност од контекстот на работата, овие лица беа вклучувани или исклучувани од истражувањето. На пример, кога се работи за превенција, секако дека се опфатени и треба да се делува и кај нив, но кога се истражува ризичното сексуално однесување, не беа вклучувани поради нивната сексуална неактивност. Значи, ако популацијата на ЛГБТ и МСМ ги замислиме како две множества, тие имаат еден заеднички пресек, но и останати компоненти кои не се преклопуваат. Сметаме дека е важно да се појасни оваа напомена, заради понатамошниот контекст на истражувањето.

***Приказ на МСМ во однос на ЛГБТ популацијата***




МСМ популацијата се карактеризира со посебни елементи на ризично однесување, придружени со изборот на сексуалниот партнер и практицирањето секс (најчесто анален, незаштитен), кој се одликува и се дефинира како највисокоризичен во однос на ХИВ/СИДА/СПИ. Во однос на меѓуетничките и меѓуконфесионалните односи, оваа популација има повисок праг на толеранција во однос на општата популација. Неинформираноста во однос на карактеристиките и пренесувањето на ХИВ/СИДА/СПИ, како и неупотребата или малата употреба на кондоми и лубриканти, не е одлика само за оваа, туку

тоа е проблем и за општата популација во Македонија, што се должи на многу слабата инволвираност на државните институции во едукацијата за превенција на сексуалното и репродуктивното здравје на населението. Значи, кон ризично однесување не е склона само МСМ-популацијата туку, најверојатно, тоа се однесува и на најголем дел од адолесцентите - припадници и на општата популација во Македонија.

## ОПШТИ ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСТРАЖУВАНАТА МСМ-ПОПУЛАЦИЈА

Приоритетна задача на истражувачите беше да се допре до МСМ-популацијата на возраст од 14 до 19 години (тоа значи родени помеѓу 1987 и 1992 година). Поради големиот број пречки, пред сè поради скриеноста на припадниците, беше опфатена и малку повозрасна популација на МСМ, на возраст над 19 години, внимавајќи притоа старосната граница да не биде повисока од 23 години. Во првата група се опфатени дваесет и седум информатори или 75% од нивниот вкупен број, додека повозрасната група брои десет информатори или 25% од нивниот вкупен број (види табела број 4).

***Старосна структура на информаторите***

| Возраст | Скопје | Струмица | Тетово со Гостивар | Вкупно по возраст |
|---|---|---|---|---|
| | **Број** | **Број** | **Број** | **Број** |
| 23 г. | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 22 г. | 1 | 2 | 0 | 3 |
| 21 г. | 1 | 2 | 1 | 4 |
| 20 г. | 1 | 0 | 0 | 1 |
| 19 г. | 6 | 2 | 2 | 10 |
| 18 г. | 11 | 1 | 1 | 13 |
| 17 г. | 1 | 1 | 1 | 3 |
| 16 г. | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **22** | **9** | **5** | **36** |

Треба да се нагласи дека, во однос на етничката припадност на информаторите, се настојуваше да бидат опфатени припадниците на повеќе етнички заедници што живеат во Македонија, но тоа не беше најважниот критериум при селекцијата и изборот на истражувачкиот примерок. Меѓу информаторите е забележано само едно лице припадник на албанската етничка заедница. Македонците се застапени со дваесет и два претставници, Ромите со седум, по еден Хрват и Бугарин, како и еден од испитаниците кој се изјаснил како Србин-Македонец, додека двајца се изјасниле како неопределени.

***Етничка структура на информаторите***

| | Скопје | Струмица | Тетово со Гостивар | Вкупно по етничка припадност |
|---|---|---|---|---|
| | **Број** | **Број** | **Број** | **Број** |
| Македонци | 11 | 6 | 5 | 22 |
| Албанци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Роми | 7 | 0 | 0 | 7 |
| Срби/Македонци | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Хрвати | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Бугари | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Неопределени | 0 | 2 | 0 | 2 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **22** | **9** | **5** | **36** |

Доколку се следи конфесионалната припадност на истражуваната популација, може да се каже дека најголем број, седумнаесет (односно 47,22%), отпаѓа на православните христијани, единаесет се муслимани (или 30,56%), тројца се христијани католици (8,33%), еден се изјаснил како атеист (2,78%), а четворица како неопределени (11,11%) (види табела број 6).

***Конфесионална структура на информаторите***

| | Скопје | Струмица | Тетово со Гостивар | Вкупно по конфесионална припадност |
|---|---|---|---|---|
| | Број | Број | Број | Број |
| Христијани (православни) | 9 | 4 | 4 | 17 |
| Муслимани | 10 | 0 | 1 | 11 |
| Христијани (католици) | 2 | 1 | 0 | 3 |
| Атеисти | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Неопределени | 0 | 4 | 0 | 4 |
| **ВКУПНО** | **22** | **9** | **5** | **36** |

Во однос на образовната структура, најголем дел (односно, петнаесет) од информаторите, по завршувањето на средното образование прекинале со својата едукација, шестмина сѐ уште се ученици во средното, осуммина се студенти, а останатите го прекинале своето основно образование. Еден од информаторите завршил второ одделение и го прекинал образованието, бидејќи со семејството се преселил да живее во Западна Европа (AU_SJ_MSM_003_01.doc).

Најголем број од информаторите, припадници на МСМ-популацијата живеат и финансиски зависат од своите родители, а само тројца живеат сами и сами се издржуваат. Петмина, од вкупниот број на информатори, се во работен однос, додека останатите не работат.

Во рамките на истражувањето се обрна внимание кон идентификацијата и самоидентификацијата во однос на сексуалната определба. Најголемиот дел од нив се идентификуваат како бисексуалци или се во дилема како да ја дефинираат својата сексуалност (бидејќи голем дел од нив барем еднаш имале и хетеросексуална врска), додека останатите јасно, без размислување, се самоидентификуваат како геј.

## ОПИС НА СЦЕНАТА

Од резултатите во текот на ова истражување, како и од досегашното искуство и теренската работа на невладините организации, може да се утврдат неколку места и начини на запознавање на МСМ-популацијата во Македонија:

- интернет;
- геј-клубови и геј-френдли клубови;
- крузинг места (анг. cruising), места за крстарење;
- преку пријатели

Нов податок во текот на истражувањето е дека постојат приватни куќи и станови, домови на МСМ-лицата кои служат како места за запознавање и како места каде се одвиваат сексуалните активности. Начините на запознавање и средбите помеѓу припадниците на МСМ-популацијата зависат од градот од кој потекнуваат, односно од местото каде што живеат.

### ИНТЕРНЕТ

Припадниците на МСМ од Скопје, Струмица, Гостивар и Тетово, вообичаено, своите сексуални партнери ги запознаваат преку интернет (а, најчесто, преку *чат*) бидејќи, како што кажуваат, во нивните населени места, освен во Скопје, не постојат крузинг *(cruising)* места,[2] па мораат да користат алтернативни начини на контактирање. Дел од сексуални партнери кои не се од Македонија ги запознаваат преку интернет но, главно, станува збор за лица од Македонија кои се на привремена работа во странство или, доколку се работи за странци, се жители на околните земји. Интернетот, односно кибер-просторот, за некои претставува разочарување, а за некои место за запознавање на своите сексуални партнери или пријатели, место од каде може да започне некоја врска. Од многубројните можности за меѓусебна комуникација и запознавање, во Македонија најчесто го користат каналот Геј Македонија, како и веб-страниците *Гејромео (Gayromeo)* и *Гејдар (Gaydar)* (AU_DD_MSM_003.doc).

[2] Местата каде што се собират, се запознаваат и се дружат припадниците на МСМ-популацијата.

**ГЕЈ-КЛУБОВИ И ГЕЈ-ФРЕНДЛИ КЛУБОВИ**
МСМ-лицата од Скопје или оние од внатрешноста на Македонија, кои почесто одат во Скопје, како места за средби и за запознавање на своите сексуални партнери ги посочуваат геј или геј-френдли клубови во кои, барем еднаш неделно, се одржуваат забави на ЛГБТ или претставуваат фрекфентни места на ЛГБТ-популацијата. Тоа се, меѓу нив, популарно наречени *геј* или *геј-френдли места* (AU_ZJ_MSM_001.doc).

**CRUISING МЕСТА**
Со истражувањето се утврдени „крузинг" местата во Скопје, односно местата каде најчесто се среќаваат припадниците на МСМ, кои главно се лоцирани во централното градско подрачје (точните локации се познати но, заради евентуална злоупотреба во студијата, не се споменуваат).

И покрај тоа што постојат сознанија за фрекфенција на МСМ лица во некои од машките јавни тоалети сепак, ниеден од опфатените информатори, не ги спомена како места за запознавање сексуални партнери. Тоа наведува на мислење дека можеби таму се движи повозрасна група на МСМ-лица.

Ромското население, во една скопска населба, се одликува со свои особености во пронаоѓањето на сексуалните партнери. Најчесто, нив ги наоѓаат во својата средина, односно средбите и закажувањата со сексуалните партнери се реализираат во центарот на населбата, а сексуалниот чин се случува најчесто на отворено.

## ИНДИВИДУАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ВЛИЈАНИЈА НА ЗАЕДНИЦАТА ВРЗ РИЗИКОТ ОД ХИВ/СИДА/СПИ ПОМЕЃУ МСМ

За подобро да се опишат однесувањето и особеностите на адолесцентите, припадници на МСМ-популацијата, опфатени во истражувањето, би било добро да се земат предвид двата главни аспекти кои ја одликуваат оваа популација. Имено, најнапред, тука се прави осврт на индивидуалните карактеристики на МСМ, односно на знаењата и ставовите што влијаат врз ризичното однесување, како и на самото ризично однесување на МСМ. Како втор аспект ќе биде разгледуван делот за МСМ и пошироката општествена заедница, а во тој сегмет и институциите кои нудат услуги на МСМ, како и односот на медиумите кон МСМ.

### Индивидуални карактеристики на МСМ

#### Знаења што влијаат врз однесувањето
Знаењата за ХИВ-вирусот и за СИДА-та не се на задоволително ниво помеѓу припадниците на геј заедницата. Речиси сите испитаници опфатени во ова истражување слушнале за ХИВ-вирусот и за СИДА-та. Слушнале дека од неа се умира и знаат дека е инфекција која се пренесува по сексуален пат. Тука, главно, завршуваат нивните знаења, и покрај тоа што одредени невладини организации, училишта и медиуми вршат едукација поврзана со оваа проблематика.

> **Инф.:** Сум слушнал за ХИВ/СИДА, значи сум слушнал преку училишта, преку списанија, преку медии, така да добро ми е познат поимот ХИВ/СИДА. Според мене као да е болест на дваесет и првиот век. Значи не се застапени само младите и старите. И тоа...
> **Истраж.:** Што знаеш нешто општо за СИДА-та?
> **Инф.:** За СИДА - та. Па за СИДА - та што да кажам...Таа е болест којашто се пренесува најчесто преку полов однос, било кај машко и машко или кај машко и женско, а не сум сигурен кај женско и женско... Значи се пренесува преку полов однос. Сум информиран дека во мали количини се пренесува и преку голтање на плунка, преку крвта. Значи најмногу преку аналниот или вагиналниот секс. И тоа. И дека е опасна. И дека е смртоносна болест. Сè уште нема лек..." (AU_DD_MSM_003.doc).

Со уште помали знаења за ХИВ-вирусот и за СИДА-та се одликуваат припадниците на МСМ од ромската заедница, најверојатно поради прекинувањето на основното и непродолжувањето во средно образование. Според клучниот информатор, дури по започнувањето на теренските активности на некои НВО во заедницата се увидело дека информираноста е крајно мала, па дури и никаква (AU_KI_MSM_001a.doc; AU_SJ_MSM_003.doc; AU_SJ_MSM_001.doc).

Слична е ситуацијата и со информираноста за сексуално преносливите инфекции (СПИ). Според информациите добиени од клучниот информатор, знаењата за СПИ се дури и помали во однос на оние за ХИВ/СИДА. Тој истакнува дека голем дел од МСМ се нашле во ситуација да заболат од некоја СПИ, а најголем дел од нив не преземале ништо во однос на тоа, туку чекале болеста да помине сама по себе. Според него, припадниците на МСМ-популацијата многу ретко бараат било каква услуга од надлежните институции, гинеколозите, уролозите, дерматовенеролозите и сл. Затоа предлага, идните насоки и

дејствувања на организациите и институциите да бидат во делот на едукацијата (КИ AU_KI_MSM_001a.doc; AU_AM_MSM_003.doc; AU_SJ_MSM_003.doc).

Информациите на МСМ за кондомите и лубрикантите и нивната функција, зависат од нивото на општата информираност, од нивното образование и од социјалната и економската позадина на испитаниците. Припадниците на македонската етничка заедница во истражуваните градови, покажуваат поголема информираност за употребата на кондомите и лубрикантите, во однос на Ромите. Според информациите на клучниот информатор, во ромската населба каде што се реализираше истражувањето имало случаи на сексуално активни припадници на МСМ кои никогаш не виделе и не употребувале кондоми, а не станува збор за лубриканти (КИ AU_KI_MSM_001a.doc). Оние кои виделе и употребиле барем еднаш кондом или лубрикант не ја знаат нивната вистинска функција. За кондомот обично велат дека не им се допаѓа, бидејќи им го намалува задоволството, па затоа избегнуваат да го користат, а за лубрикантот велат дека го користат само затоа што помалку „ги боли" и дека подобро „се лизга". Слични одговори за лубрикантот се добиени и од страна на претставниците на македонската етничка заедница, односно дека лубрикантот „го олеснува" сексот, односно овозможува подобро да „се лизга" и да „го проширува" анусот (AU_AM_MSM_003.doc; AU_AM_MSM_003.doc).

## Ставови поврзани со ризичното однесување на МСМ

Со практикувањето секс, адолесцентите МСМ се во позиција и да ја определуваат својата улога и да се поистоветуваат со неа. Имено, врз основа на нивните желби и склоности, можат да бидат во активна (*актив*)[3] или пасивна позиција (*пасив*)[4], а често и универзални (*уни*)[5] при практикувањето на сексот. Според истражувањата, некои од МСМ исклучиво се само *актив* или само *пасив*, а најголемиот дел се *уни* (флексибилни) (AU_DD_MSM_001.doc; AU_SJ_MSM_002.doc; AU_ZJ_MSM_002.doc; AU_AM_MSM_002.doc).

Според ова, може да се заклучи дека секој индивидуално се дефинира и тоа во зависност од тоа кој каква улога преферира при сексот. Сепак, може да се каже дека оние што се дефинираат како *пасив* или како флексибилни или *уни*, најчесто, полесно се идентификуваат во ЛГБТ-популацијата, додека оние кои практикуваат исклучително активна улога во сексот, потешко се идентификуваат во рамките на оваа популација. Имено, во геј-популацијата е добро познато дека помеѓу мажите од албанската заедница речиси „нема педери" но, има многу кои сакаат од време на време да имаат секс со други мажи. Сите тие се оженети и семејни луѓе, кои никогаш не би стапиле во долготрајна љубовна врска со друг маж, и себеси се идентификуват како хетеросексуалци, но редовно ги посетуваат „терминалите" или другите локации за анонимен секс со маж. Се разбира, во тој сексуален однос, за да ја одржат својата „машкост", инсистираат да ја играат исклучиво активната машка улога (барем на почетокот) и повеќе сакаат себеси да се претставаат како „големи мажишта", отколку како геј или бисексуалци кои навистина сексуално посакуваат други мажи.

Од истражувањето може да се забележи дека, најголемиот дел од адолесцентите -МСМ практикуваат мастурбирање, анален и орален секс. Некогаш практикуваат и фингеринг[6], додека риминг-от[7], фистинг-от[8] и употреба на сексуални помагала (дилдо и вибратор) не се спомнуваат (AU_DD_MSM_001.doc; AU_RK_MSM_004.doc; AU_SJ_MSM_001.doc).

Доколку се земат предвид општествените прилики, придружени со етничката и верската нетрпеливост во последните дваесетина години во Македонија, може да се види дека, покрај тоа што влијаат врз општата популација, имаат одредена рефлексија и врз МСМ. Но, треба да се нагласи дека тоа не е во толкава мера како што може да се види од истражувањата на одредени истражувачи правени помеѓу општата популација во Македонија. Не може да се зборува за постоење некаква силна рефлексија во врска со етничка или конфесионална нетрпеливост меѓу МСМ-популацијата, туку, едноставно, избегнување контакти со лица од друга, пред сè верска, припадност. Најчесто, конфесионалниот идентитет, е оној кој ја диктира „играта". Диференцијацијата која е направена: Македонци – Албанци или Македонци – Роми, е базирана врз поделбата на христијани – муслимани. Така, не постои поделба и нетрпеливост помеѓу МСМ-популацијата на Македонци – Срби, бидејќи и едните и другите, главно, припаѓаат на христијанската религија. Од ова отстапуваат само некои примери од истражуваната популација, а тоа се Ромите кои и покрај истата верска припадност со Албанците, избегнуваат да имаат контакти со нив. Сепак, не може да се каже дека ова се генерални заклучоци. Впрочем, според истражувањата, одредени припадници на МСМ од македонско етничко потекло инсистираат на сексуални односи со Албанци. Имено, за

[3] Кога желбите и склоностите при сексуалниот однос се инсертивни или пенетративни.

[4] Кога желбите и склоностите при сексуалниот однос се рецептивни.

[5] Кога желбите и склоностите при сексуалниот однос се и активни и пасивни, се разбира во договор со партнерот.

[6] Користење прсти за пенетрација во анусот.

[7] Лижење анус.

[8] Користење тупаница за пенетрација во анусот.

значителен дел од МСМ-популацијата етничката или верската припадност на нивниот партнер не е толку битна (AU_ZJ_MSM_003.doc; AU_AM_MSM_003.doc; AU_DD_MSM_003.doc; AU_ZJ_MSM_001.doc; AU_SJ_MSM_001.doc; AU_SJ_MSM_003.doc).

За најголемиот дел од истражуваните припадници на МСМ, позицијата и богатството не се одлучувачки фактори за избор на сексуалните партнери, но затоа пак, физичкиот изглед и начинот на облекување се речиси најпресудни врз нивниот избор. Секако, некои се изјаснуваат дека тоа им е битно, но не и пресудно (AU_DD_MSM_001.doc; AU_ZJ_MSM_003.doc).

Најголем дел од оние кои се идентификуваат како геј, не преферираат феминизиран партнер, туку напротив, партнерот треба да биде мажествен или стрејт *(straight looking).* Често, меѓу геј-заедницата се спомнува една фраза: доколку некој сака да биде со жена (условно кажано или со некој со женствен изглед), ќе биде со жена, а не со геј. Значи, преовладува мислењето дека ако некој веќе се декларира како геј, тогаш сакам мојот партнер да биде мажествен, да изгледа машки (КИ AU_KI_MSM_001b).[9] Но, за оние МСМ-припадници кои не се идентификуваат како геј, е карактеристично дека бараат поженствени, односно пофеминизирани мажи кои би биле пенетрирани од нив (AU_GC_MSM_001.doc).

Во контекст на ова е и фактот дека една од одликите на геј-популацијата е желбата и предизвикот за освојување хетеросексуалци или *straight мажи* (AU_DD_MSM_001.doc; AU_DD_MSM_002.doc).

Според клучниот информатор, преку разговорите во геј-друштвата, меѓу геј-пријателите, често може да се слушне дека некој е заљубен или е *попален* по некој хетеросексуален маж. Меѓутоа, според него, сето тоа се сведува само на „муабети", иако не ја исклучува опцијата дека, за голем дел од геј-популацијата, вистински предизвик е да се биде со хетеросексуален маж. Сметаат дека е голем успех ако успеале да бидат со некој кој се декларира како хетеросексуалец. Само поради тоа што се понедостапни, тие претставуваат поголем предизвик отколку геј-мажите (КИ AU_KI_MSM_001b).

Како и да е, и покрај желбата и предизвикот да бидат со мажи- хетеросексуалци, на прашањето дали би прифатиле врска со нив доколку тие се оженети, најголемиот дел од МСМ-информаторите се изјасниле дека не сакаат да се мешаат во семејните работи на луѓето, и покрај тоа што имале шанси да го направат тоа (AU_ZJ_MSM_001.doc).

Според други, пред сè некои претставници на МСМ од ромската заедница, воошто немаат проблем доколку наидат на партнер кој е во брак и има семејство. Напротив, еден од нив изјави дека со женетите е подобро, поради нивното поголемо искуство во сексот (AU_SJ_MSM_001.doc).

### Ризично однесување кај МСМ-популацијата

Своето прво сексуално искуство, според исказите на информаторите, го имале на возраст меѓу 9 и 18 години и, најчесто, партнер им била машка особа. Во неколку од случаите, пред сè кај оние од ромската популација, првото сексуално искуство им било со маж (некој повозрасен роднина или близок пријател) и било насилно, а во останатите случаи било доброволно, најчесто со маж. Иако голем дел од истражуваните претставници на МСМ, во својот сексуален живот, имале искуство и со жени, само во помал број од случаите првото сексуално искуство им било со жена.

> „Па имав некаде осум-девет години, имав со еден, тој ми беше братучед и со него првпат го пробав тоа, но тогаш не беше со моја волја туку беше со сила. Но јас така почнав..." (AU_SJ_MSM_001.doc)

> „Моето прво сексуално искуство беше на тринаес и пол години... Коа почнав да осеќам дека ми се допаѓаат машки. И така, запознав преку интернет, се договоривме и отидов кај него, знаеш... Тоа беше првиот..." (AU_AM_MSM_002.doc)

> „Првиот сексуален однос, значи, ми беше со женско иначе сум... понатамошните со машко... Па кога почнав така прва година, пред да почнам прва дали една недела, навлегов во геј светот, но пред тоа значи бев чиста стрејт личност и значи сум одел со девојки и со нив сум имал сексуален однос..." (AU_ZJ_MSM_003.doc)

Во интервјуата, односно разговорите кои се правени со претставниците на МСМ-популацијата, на прашањето колку често ги менуваат своите сексуални партнери, одговорот е дека сакаат да имаат стабилни и подолги врски но само 6, од вкупно 36 информатори, ја кажаа бројката на сексуалните партнери кои

[9] Потврда на ваквите ставови, освен во теренските истражувања може да се пронајде и кај: Снежана Врангалова, *Мистеријата на сексуалната ориентација, современи концепти и македонски перспективи,* ЕГАЛ, Скопје, 2006, 233-234.

ги менуваат во текот на годината или, воопшто, во нивниот сексуален живот. Кај сите шестмина бројката е повеќе од двајца во текот на годината. Иако најголем дел од испитаниците се изјаснија дека не ги менуваат често партнерите, со избегнувањето на конкретните бројки, ги сметаме за недоволно искрени или, пак, прашањето го сметаа како премногу лично. Оваа констатација можеме да ја потврдиме со тоа што, некои од нив, иако се во врска и ја почитуваат, сепак, доколку би добиле шанса, би имале сексуални односи и надвор од неа (AU_SJ_MSM_003.doc; AU_SJ_MSM_001.doc).

Преку истражувањето можеше да се забележи активноста на одредени невладини организации кои делат бесплатни кондоми и вршат едукација на претставниците на МСМ-популацијата. Резултатите од нив покажуваат дека, при практикувањето анален секс, повеќето МСМ речиси секогаш користат кондоми, а само во мал број случаи, пред сè кога се подолго време со партнерот, не го користат (AU_ZJ_MSM_003.doc; AU_ZJ_MSM_002.doc; AU_SJ_MSM_003.doc).

За разлика од користењето кондоми при практикувањето на аналниот секс, при оралниот секс тоа е сведено на минимум, односно кондоми речиси и не се користат (AU_DD_MSM_002.doc; AU_DD_MSM_003.doc).

Промената на партнерите, како и практикувањето секс со повеќе партнери, е пракса на голем дел од испитаниците, со што нивното однесување се вклучува во категоријата ризично, особено доколку притоа не користат заштита.

***Студија на случај - ризично однесување***

Ерџан[10] е осумнаесетгодишен Ром од Скопје. Има завршено основно образование и живее со своите родители во една од ромските населби во Скопје. Своето прво сексуално искуство го имал на 8-9 годишна возраст со неговиот дваесетгодишен братучед. И покрај тоа што често ги менува партнерите, при практикувањето на аналниот и на оралниот секс, Ерџан не користи кондоми, бидејќи повеќе ужива кога не ги употребува.

Ерџан е запознат за функцијата на кондомот и за тоа дека кондомот заштитува од СПИ и ХИВ/СИДА. И покрај тоа, тој, не внимава и продолжува со своето ризично однесување. За него не е важно тоа и го игнорира тој факт. Најважно му е да му биде убаво во моментите кога има секс. Сепак, доколку партнерот инсистира, тој би имал секс и со кондом.

**Истраж.**: Дали знаеш зошто се користи кондомот?
**Инф.**: Абе да, да те заштити, да не фатиш нешто, но јас не сакам тоа.
**Истраж.**: Значи за тебе не е важен кондомот?
**Инф.**: Не, не е важен.
**Истраж.**: Дали некој од твоите партнери користел кондом?
**Инф.**: Да, ми се случи еднаш но ништо не осетив, не беше никакво задоволство, кондомот многу ми смета.
**Истраж.**: А ако партнерите сакале исклучиво со кондом да имаат секс со тебе?
**Инф.**: Ќе прифатам и да го стават кондомот...” (AU_SJ_MSM_001.doc)

Ерџан имал сексуално искуство во *четворка*. Сексот бил незаштитен, односно ниеден од неговите интимни пријатели не користел заштита. Откако завршил сексуалниот чин, Ерџан се исплашил и се покајал, пред сè поради тоа што имал незаштитен секс со тројца.

**Истраж.**: Дали си имал искуство со повеќе партнери истовремено?
**Инф.**: Сум имал
**Истраж.**: Со колку партнери?
**Инф.**: Па сум имал по тројца.
**Истраж.**: Истовремено?
**Инф.**: Да, само еднаш. Тројца поминав не можев повеќе, се почуствував уморен.
**Истраж.**: Дали често го практикуваш овој секс?
**Инф.**: Со тројца мажи не, само еднаш ми се случи, во тој момент се почуствував многу одвратно и дури се покајав.
**Истраж.**: Зошто се покаја?
**Инф.**: Многу понизно се почуствував кога го правев тоа. Бев несвесен, не сакав така да биде.
**Истраж.**: Зошто не се чуствуваше убаво во моментот?
**Инф.**: Да, во моментот ми беше убаво но подоцна се покајав. А зошто? Па како зошто, бев со тројца, се уплашив да не фатам нешто (се мисли на болест) бидејќи го направив тоа.
**Истраж.**: Зошто не користеше кондоми? Мислеше дека нема потреба?
**Инф.**: Да

[10] Името е измислено за да се скрие вистинскиот идентитет на личноста.

**Истраж.:** Како знаеше дека нема потреба?
**Инф.:** Па јас видов дека они не спомнуваат, а јас па ни најмалку (се смее).
**Истраж.:** Значи за тебе не е важно дали користиш кондом или не?
**Инф.:** Да...” (AU_SJ_MSM_001.doc)

Ризичното однесување на одредени лица, претставници на МСМ, продолжува и во оние сегменти од нивниот сексуален живот кога имаат сексуални односи со лица кои првпат ги среќаваат. Не користеле кондоми, ниту при практикувањето анален, ниту при орален секс. Најголем број од нив, односно 22 информатори, одговориле дека имале сексуални односи со непознати лица, еден се изјасни дека имал само основни информации за партнерот, еден дека влегол во сексуални односи по препорака од пријатели, а останатите 12 немале такво искуство (AU_DD_MSM_003.doc; AU_AM_MSM_004.doc; AU_AM_MSM_008.doc).

Некои од претставниците на МСМ-популацијата се свесни дека доколку имаат сексуални односи со непознати лица влегуваат во ризично однесување, па затоа кога имаат таква прилика, често користат кондоми (AU_DD_MSM_002.doc).

Други, пак, немале прилика да имаат секс, веднаш по запознавањето на партнерот (AU_AM_MSM_002.doc).

Во истражувањата правени за општата популација, а се однесуваат на користењето стимулативни средства (алкохол, клупски и интравенски дроги) пред сексуалниот однос, докажано е дека тие влијаат врз употребата на кондомите. Истото се случува и со МСМ-популацијата, но според истражувањата направени помеѓу нив, се забележува дека користењето на стимулативни средства не е премногу раширено. Освен алкохолот, кој ретко се користи, останатите стимулативни средства се речиси незастапени. Сепак, според нивните искази дури и алкохолот, доколку го земаат во поголеми количини, влијае врз нивното поведение за време на сексуалните односи (AU_ZJ_MSM_002.doc).

## МСМ и пошироката општествена заедница

На хомосексуалноста, во македонското општество, сè уште се гледа како на општествено неприфатлива појава, поради што најголем дел од МСМ популацијата е прикриена, и избегнува да ја обзнани својата сексуална ориентација во најблиската средина, на најблиските членови од семејството, пред сè на своите родители. И покрај големата потреба да им се доверат на родителите, тоа, барем во годините на адолесцентскиот период, останува само нереализирана желба, заради стравот да не бидат разбрани погрешно, односно се плашат од реакцијата на своите родители (AU_DD_MSM_001.doc).

Најмногу што на тоа поле направиле одредени припадници на МСМ е што им се довериле на своите сестри, кои ги разбираат и ги прифаќаат како такви, односно се довериле на некои роднини кои не живеат во нивна близина или се во странство (еден случај), а притоа им гарантираат дискретност (AU_DD_MSM_003.doc).

Слична е ситуацијата и со пријателите. Припадниците на геј-заедницата во Македонија, многу ретко се осмелуваат да зборуваат за сопствената сексуална ориентација пред своите блиски другари и пријатели, пред сè поради стравот дека ќе ги изгубат како пријатели или, уште полошо, дека може да ги „издадат” пред пошироката заедница. Иста е ситуацијата и со нивните колеги од работа, доколку работат. Посебно се плашат да не бидат откриени таму и поради тоа да ја изгубат работа, или да не ги откријат и да бидат предмет на исмевање во училиштето. Некои дури признаваат дека во работните или училишните средини, нешто се зборува за нив, но никој не е сосем сигурен и не знае официјално (AU_ZJ_MSM_002.doc).

За припадниците на МСМ од ромската населба е важно да не дознаат само родителите и поблиските од семејството, инаку, според нивните искази, соседите, сограѓаните и колегите на работното место (оние кои работат) веројатно знаат за нивната сексуална ориентација (AU_SJ_MSM_001.doc; AU_SJ_MSM_003.doc).

Прикриеноста може да се поврзе со дискриминацијата, омаловажувањето и исмевањето од страна на средината и покрај тврдењата на повеќето претставници на МСМ дека врз себе не почувствувале елементи на дискриминација од страна на околината. Токму од тие причини, на мислење сме дека геј-популацијата е прикриена и не ја експонира својата сексуална ориентација во јавноста и дека дискрецијата им е многу битна. Единствено припадниците на МСМ во ромската населба изјавија дека имало елементи на дискриминацијата во нивните семејства каде биле навредувани со термини од пејоративен карактер

(буљаш[11]), но биле навредувани и од страна на нивните сограѓани и соседи, кога се шетаат на улица. (AU_SJ_MSM_001.doc; AU_SJ_MSM_003.doc; AU_SJ_MSM_003.doc).

Кај оваа популација не беше забележана дискриминираност во однос на возраста или поради тоа што посетуват *крузинг места*. Според одредени информатори, при пронаоѓањето партнери, помладите се во одредена предност пред повозрасните, бидејќи, како што изјави еден од испитаниците, „поради младоста добива повеќе". Немањето информации за дискриминираноста поради посетувањето на *крузинг местата* може да се објасни со тоа што МСМ-популацијата внимава и се крие од општата популација, посебно од оние лица кои ги познаваат нив и нивните семејства (AU_GC_MSM_001.doc).

Никој од македонските припадници од МСМ не бил дискриминиран или омаловажуван поради својата сексуална определба од страна на медицинските лица во медицинските установи, но мора да се нагласи дека лекарите не ни знаеле за нивната сексуална ориентација. Додека пак, само еден МСМ-припадник, од ромската населба, имал проблеми со полицијата, односно со член на „Алфите", од кој бил омаловажуван и навредуван поради својата сексуална определба.

**Истраж.:** Дали си имал непријатна случка со полицијата поради определбата што си геј?
**Инф.:** Сум имал. Не со полиција но со „Алфи" и тоа два пати ми се случило. Првиот пат беше онака, но вториот пат... Таму горе кај нас, седевме цело друштво и сите бевме педери.
**Истраж.:** Што правевте таму?
**Инф.:**Па седевме и си ги чекавме своите муштерии.
**Истраж.:** Тоа е место каде се собирате?
**Инф.:** Да. Од далеку видовме еден автомобил кој беше со Алфи, не осветлија со фаровите и излегоа од колата. Ни побараа лични карти, а јас имав тогаш шеснаесет години, и им кажав дека сум малолетен и ме прашаа: „Што си ти, женско петле?" а јас им одговорив „Јас сум геј", ми вратија „Аааа геј си".
**Истраж.:** Што се случи потоа?
**Инф.:** Па ништо, се тргнаа од нас и си заминаа. Но вториот пат многу ме понижија и се почувствував навреден... Па, во втората случка што ја имав, само јас бев геј од друштвото и кога испративме еден геј другар, останавме јас и двајца хетеро другари. Си одевме одозгора кога помина една кола на Алфи-те. Застанаа и гледаа накај мене. „Што си бе ти, педер?" ми рекоа, а јас одговорив „Не ме гледате што сум?" „Па ти на женско личиш„па јас им кажав „Јас сум педер", „Ааа педер си, сакаш сега да ползиш?". Јас само го погледнав и го прашав „Зошто да ползам?" и почнаа да се смеат, ќезат. Јас си ја затворив устата и премолчев. Ми побараа лична карта на што им одговорив дека на дваесет и втори октомври ќе полнам осумнаесет години дека ќе одам да извадам, но да ти кажам и сега немам лична карта. Почнаа нешто да се исмејуваат со мене, незнам колку ме задржаа и моите другари-соседи почнаа да ме исмејуваат исто така пред алфите и еден од алфите праша „Зошто вашиот другар го исмејувате, нели е греота? Сигурно некој од вас идат со него?" А тие се вадеа дека никој не иде со мене, незнам... Толку глупости се изнакажаа меѓу нив и потоа ми кажаа дека сум слободен и си заминав.

Според исказите на испитаниците, немало сексуалното насилство и физичкото малтретирање врз МСМ, поради нивната сексуална определба. Единствено двајца од истражуваните припадници на МСМ-популацијата (Роми од скопската населба) имале одредени проблеми. Едниот бил тепан и сексуално злоупотребуван од неговиот дваесетгодишен, оженет братучед, а другиот бил изнатепан, кога раскинал со неговиот дечко, кој не можел да се помири со тоа (AU_SJ_MSM_001.doc; AU_SJ_MSM_003.doc).

## ИНСТИТУЦИИ КОИ НУДАТ УСЛУГИ НА МСМ ПОПУЛАЦИЈАТА

Во моментов работат три невладини организации со МСМ-популацијата, и сите се во Скопје. Тоа се ЕГАЛ (Еднаквост за геј и лезбејки), ЦГЧП (Центар за граѓански и човекови права) и МАССО (Македонска асоцијација за сексуална слободна ориентација). Овие организации постојат само неколку години, почнувајќи од 2002 година, па наваму. Најстарата од нив е Центарот за граѓански и човекови права која, на почетокот, своите интереси ги имаше фокусирано на видливоста на ЛГБТ-популацијата во Македонија, а имал задача и кампања за промена на мислењата и ставовите на општата популација спрема ЛГБТ(КИ AU_KI_MSM_001a.doc). Организацијата МАССО работи на законско-правната регултива поврзана со ЛГБТ-популацијата, а најмладата од сите, ЕГАЛ, формирана во 2004 година, работи на сексуалното здравје кај ЛГБТ-популацијата. ЕГАЛ во рамките на своите активности, соработува со Републичкиот завод за здравствена заштита од Скопје каде што се прават бесплатните ХИВ-тестирања. Сепак, најекспонирана во медиумите е организацијата МАССО, па затоа меѓу општата популација таа е најчесто синоним за ЛГБТ во Македонија.

[11] Еднакво на педер, но со потсмешлива конотација; хомосексуалец кој практикува пасивна позиција при сексот.

Релативно краткото време на постоење и ограниченото дејствување на овие организации (само на просторот на градот Скопје и незначително влијание во внатрешноста на Македонија) чија целна група е ЛГБТ-популацијата, доведува до недоволна информираност и на припадниците на МСМ-популацијата во Македонија. Целта на овие организации е да се допре до поединците и групите, припадници на оваа заедница, на кои би можело да им се помогне. Нивните активности се ограничени и од финансиските средства. Но, и покрај проблемите на кои наидуваат во овие неколку години, нивното влијание во ЛГБТ-популацијата е видливо, а тоа го покажуваат и истражувањата спроведени во рамките на овој Проект. Најпозната организација за нив е МАССО, а потоа ЕГАЛ. ЦГЧП воопшто не ја спомнуваа во разговорите. Тоа може да се должи на фактот што МАССО е најчесто претставувана во медиумите, а ЕГАЛ дејствува директно, преку секојдневни теренските работилници со припадниците на ЛГБТ популацијата (делење кондоми и лубриканти и едукација за сексуално здравје). Претставниците на ЕГАЛ сметаат дека со експонирање во јавноста, преку ненамерно откривање на идентитетот, можат да им нанесат штета на лицата кои ги користат нивните услуги, па затоа најчесто ги избегнуваат медиумите за своја промоција. И покрај тоа што ЦГЧП е најстарата меѓу нив, дури во последниве неколку месеци, позначително започна да се експонира во ЛГБТ- средината, преку издавањето на магазинот „Hello". Сепак, и оние кои слушнале за овие организации, не знаат многу за нивната работа, освен дека работат за подобрување на статусот на ЛГБТ-популацијата во Македонија (AU_DD_MSM_003.doc; AU_GR_MSM_004.doc; AU_DD_MSM_002.doc).

Во однос на тоа дали побарале одредени услуги од овие организации (се работи за оние кои имаат некаква информации за нивното постоење и работа) може да се заклучи дека најискористена од сите нив е организацијата ЕГАЛ, веројатно поради фактот што дели бесплатни кондоми и лубриканти на крузинг местата. А, не им е сосем јасно на кое поле работи МАССО. Значи, слушнале за МАССО, можеби стапиле во контакт со некои претставници на оваа организација, но никој не се изјасни дали и каква услуга добил од оваа организација (AU_ZJ_MSM_001.doc; AU_RK_MSM_004.doc).

Честопати, во одговорите на информаторите, може да се сретне дека повеќе им веруваат на невладините организации, отколку на државните институции. Иако од погореизнесеното се гледа дека голем дел од информаторите, припадници на МСМ-популацијата, не побарале никакви услуги ниту од невладините организации ниту од државните институции, сепак изразуваат негативен став спрема нив. Сметаме дека тоа се должи на сопственото или за нечие друго лошо искуство, или пак се работи за страв да не биде откриена нивната сексуална ориентација (AU_DD_MSM_001.doc; AU_DD_MSM_001.doc; AU_SJ_MSM_003.doc).

## ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА ВО КОРЕЛАЦИЈА СО РИЗИЧНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА МСМ

Во рамките на истражувањето беше направена и една проверка за тоа дали адолесцентите МСМ знаат нешто повеќе за законската регулатива, односно за нивната информираност за тоа дали сексуалниот однос помеѓу двајца мажи е казнив. Одговорите беа најразлични. Од тоа дека не е казнив, дека е казнив, па до тоа дека не се многу запознати за таа работа. Во секој случај, голем дел од одговорите не беа сосема сигурни (AU_DD_MSM_003.doc).

Во Македонија, до крајот на 2006 година, само еден припадник на ЛГБТ- популацијата официјално излегол пред јавноста и објавил дека е геј (AU_KI_MSM_001b.doc).[12] Не толку официјално, *coming out* има направено уште еден преставник на ЛГБТ, во печатен магазин кој се дистрибуира до припадниците на ЛГБТ, но поради тоа што магазинот доаѓа и до рацете на општата популација, може да се каже дека е направен делумен coming out (КИ AU_KI_MSM_001b.doc) .

Во однос на прашањата поврзани со донесување законска регулатива за истополова брачна заедница во Македонија, мислењата помеѓу МСМ се целосно поделени. Некои сметаат дека е потребен таков закон и дека, доколку би постоел, тие би биле спремни да го искористат, а некои сметаат дека не треба да постои, бидејќи и за самите нив, тоа не е нормална работа (AU_ZJ_MSM_002.doc; AU_DD_MSM_003.doc).
Една категорија од информаторите изјавува дека дури и да се донесе таков закон, истиот нема да се искористува во целост бидејќи никој во Македонија не би се осудил јавно да признае дека е хомосексуалец поради традиционалните сфаќања, хомофобијата и евентуалната стигматизација и дискриминација од околината. Некои изјавија дека би прифатиле, но само доколку живеат некаде каде што никој не ги познава (AU_ZJ_MSM_001.doc; AU_DD_MSM_001.doc).

[12] Направил coming out (излегување од плакар).

# АДОЛЕСЦЕНТИ КОИ НУДАТ СЕКСУАЛНИ УСЛУГИ ЗА НАДОКНАДА (АНСУ)

# АДОЛЕСЦЕНТИ КОИ НУДАТ СЕКСУАЛНИ УСЛУГИ ЗА НАДОКНАДА (АНСУ)

## ВОВЕД

Кога се зборува за адолесценти или млади лица кои разменуваат сексуални услуги за различни материјални добра, во најголем дел од земјите, автоматски се зборува за злоупотреба или комерцијална сексуална експлоатација на децата.

**Комерцијалното сексуално еклпоатирање на децата** (КСЕД), СЗО го дефинира како „користење на дете за сексуални цели во размена за пари или други добивки помеѓу корисник, посредник или агент и друга личност кои профитираат од тргувањето со деца за овие цели". СЗО ги следи Обединетите Нации во идентификувањето на 3 форми на КСЕД. Тоа се детска проституција, трговија со деца и детска порнографија. Тие ја дефинираат детската проституција како „акт на ангажирање или нудење услуги од дете за вршење на сексуални акти за пари или други добра, со таа или било која друга личност"(WHO, 1996).

Многу автори и истражувачи веруваат дека експлоатациската рамка (т.е. детска проституција и педофилија) ја ограничува нашата можност за разбирање и грижа за младите луѓе во однос на овие прашања, и дека „користењето на термините од типот на детска проституција „се подложни на многу ограничена употреба во однос на давање услуги, затоа што постојат докази кои укажуваат дека во сите инстанци, освен една, 'проституцијата' не ја опишувала реалноста на личноста која е во прашање" (Amanda Davis, 2001).

> „Многу деца не се сметаат за експлоатирани. За некои, тоа искуство е дел од суровата реалност на животот на улица. Некои бараат внимание и чувство на лична вредност кои им се често недостапни од други места. Други, пак, го ценат фактот што имаат степен на автономност, независно од реалните ограничувањата на нивните животни избори" (Grabosky, P., & et al., 1998).

Исто така, тука се укажува и на условноста во дефинирањето на „дете наспроти млада личност". Многу агенции за млади, младата личност ја дефинираат како возрасна група од 12 до 25 години. Сепак, согласно Конвенцијата за правата на детето, дете се смета за личност под 18 години, независно од законската дефиниција на дадената земја. Дефинициите за однесувања кои, имплицитно или експлицитно, се засноваат врз возрасните граници произведуваат цел список терминолошки предизвици, особено по однос на прашањето на експлоатација.

Одредени автори дебатираат околу важноста да се препознае физичкото и сексуално злоупотребување на младите луѓе/деца кое се случува во комерцијален контекст, меѓутоа, наместо тоа да се опишува како проституција, сексуална работа или секс за услуга, истото треба да биде попрецизно дефинирано како „комерцијализирана детска сексуална злоупотреба". Оваа дефиниција дозволува разгледување на прашањата поврзани со „комерцијалната" сексуална експлоатација на децата (во ситуации кога тоа се случува), но дозволува и разгледување во еден поширок контекст кој, идентификувањето и разгледувањето на ризиците од сексуалната размена, може да го направи како повозможен, посеопфатен и пореален процес.

Сепак, литературата познава, а истражувањата потврдуват, различни типологии и класификации на сексуална размена меѓу младите лица (секс за опстанок, опортунистички секс, секс за услуга или добивка, формална сексуална работа каде лицата се гледаат како сексуални работници и слично), кои излегуваат надвор од рамката на претходно елаборираната сексуална експлоатација на децата.

Во литературата, сексот за опстанок и опортунистичката проституција се поврзани со задоволување на „потреба" и се сметаат за „стратегија за преживување". **Сексот за опстанок** најчесто се опишува како продавање секс за задоволување на основните потреби како што се, храна, дом, пари или дрога. Воопшто, овој термин се однесува на поведение ориентирано кон задоволување на „општи" или „тековни" потреби. Опортунистичката проституција пак, примарно се поврзува со задоволување на „конкретна" потреба, што е различно од „тековни" потреби. **Опортунистичката сексуална работа** се опишува како „акт кој вклучува давање сексуални услуги за возврат на добра и услуги како: дрога, храна, или сместување, и/или акт кој вклучува неразграничувачки сексуален промискуитет често мотивиран од желбите за потврда, внимание или љубов". Заедно, концептите на секс за опстанок и опортунистичка проституција, претставуваат важна потврда дека постојат разлики помеѓу формалната сексуална работа (организирана и гледана како работа/професија/кариера) и неформалната сексуална размена (Amanda Davies, 2001).

Други автори утврдиле дека за многу млади лица, во одредени ситуации, впуштањето во секс за услуги е повеќе од обична тактика за опстанок. Сексуалната размена може да биде мотивирана од „добивка" поврзана со задоволство, уживање или емотивна сигурност и понекогаш се користи од младите луѓе како начин за истражување на сексуалноста (Saunders, P., 1998).

ECPAT (**End Child Prostitution, Child Pornography and Trafficking of Children for Sexual Purposes**), признавајќи ги разликите помеѓу сексуалната работа (проституција), секс за опстанок, секс за услуги и опортунистичка сексуална работа, се обидува да ги избегне митовите, идеологиите на застранување, и претпоставките за моралните вредности (кои често влијаат врз дефинициите), со креирање на една сеопфатна генерализација „**комерцијални сексуални активности**" (КСА), која е неосудувачка кон младите луѓе и кон размената на секс за пари или други добра, која ги опфаќа идеите на секс за услуги, секс за опстанок и опортунистичка проституција, и која ги отсликува разните причини поради кои младите луѓе се впуштаат во секс за добивка (Amanda Davies, 2001).

Ова ја потврдува потребата за развивање модел на толкување на сексуалното однесување на маргинализираните млади луѓе со кое ќе се почитува нивното разбирање на состојбите, односно кое ги отсликува разликите помеѓу формалната „комерцијална" размена и понеформалните сложени прашања во однос на опортунистичката сексуална работа, сексот за опстанок и сексот за услуги. Сексуалната размена може да биде попродуктивно сфатена во рамките на модел кој става поголемо внимание врз контекстот, наместо само врз сексуалното однесување. Сепак, „човечкото однесување секогаш се случува во контекст - интерпесонален и општествен... Употребата на кондом или избегнувањето на секс не се само лични одлуки, туку се одлуки донесени под влијание на општествени, економски, културни, и политички сили. Важно е, исто така, разбирањето на контекстот кој ја зголемува ранливоста и го ограничува изборот на поединецот, затоа што дозволува „поголем спектар на потенцијални интервенции" (Manderson, L., Bennett, L. R., и Sheldrake, M., 1999). Потенцијално, ова би значело основа за развој на иновативните поддржувачки механизми и здравствените интервенции.

Не постојат релевантни и систематски истражувања за распространетоста и спецификите на сексуалната работа во Македонија. Врз основа на изјави на експерти и јавни медиуми, во јавноста се расправа за бројка од 2500 до 3500 сексуални работници, вклучувајќи ги и оние кои се присилени да нудат сексуални услуги, односно можат да бидат идентификувани како жртви на сексуална екплоатација/трговија со луѓе (В. Деков, Л. Игњатова, Х. Јанкулоски, Д. Костовски, М. Тошева, 2006).

Единствената организација која овозможува специфично осмислени сервиси за поддршка на сексуални работници е ХОПС - Опции за здрав живот од Скопје. Услугите кои ги овозможува ХОПС се ориентирани кон намалување на ризиците во сексуалната работа претежно поврзани со ХИВ/СИДА/СПИ, насилство, употреба на дрога и алкохол, стигма, дискриминација и, како такви се креирани и насочени кон полнолетни лица, додека за лицата под 18 години не постојат специфични програми и системи за поддршка. ХОПС своите активностите помеѓу сексуалните работници ги започна во 2000 година и, досега, во програмата вклучи околу 200 жени, мажи и транссексуалци лица кои се занимават со сексуална работа, претежно на улица или во ромските населби во Скопје.

Спред информации од ХОПС - најголемиот дел од сексуалната индустрија во Македонија се одвива во ноќни клубови, барови/кафеани и приватни станбени објекти. Меѓутоа, тие се достапни само за ограничен број на посетители и овде е многу потешко да се направат контакти и да се развијат здравствени и социјални сервиси.

Отворените (улични) сцени се највидливата форма на сексуална работа што остава можност за директен пристап до сексуалните работници и релативно полесно развивање на здравствени и социјални програми. Затоа пак, на отворените сцени главно се концентрирани лица со најголем број здравствени, социјални и правни проблеми (низок степен на образование и информираност за сексуално и репродуктивно здравје,

СПИ и заштита, висок степен на ризично однесување поврзано со употреба на дроги и алкохол, висок степен на насилство, стигматизираност, проблеми со лична документација и непрепознатливост во рамките на институциите и сл.) (В. Деков, Л. Игњатова, Х. Јанкулоски, Д. Костовски, М. Тошева, 2006).

Во однос на сексуалната размена помеѓу адолесцентите не постојат потврдени информации. Одредени сознанија од терен, добиени од ХОПС и неофицијални информации кои кружат во јавноста, укажуваат на тоа дека во Македонија може да се сретнат сите погоре споменати облици на сексуална размена кај младите - од тоа што се дефинира како „стратегија за опстанок", преку формална (организирана) сексуална работа, па се до сексуална екплоатација на деца и млади. Меѓутоа, оваа студија претставува прво сериозно испитување на реалните состојби.

Целта на студијата е да се истражат различните облици на сексуална размена кај адолесцентите во Македонија, да се испитаат формите и ситуациите на ризично однесување во однос на ХИВ/СИДА/СПИ, да се разгледа контекстот во кој се јавуваат и обликуваат, да се откријат општествените ситуации кои овозможуваат зголемено ризично однесување на АНСУ, и врз овие основи да се формираат одредени препораки за квалитетен систем на поддршка, согласно потребите и животните ситуации на младите лица.

Свесни дека сексуалните работници или лицата кои разменуваат сексуални услуги претставуваат исклучително скриена група, тешко достапна за комуникација и истражување, а доколку станува збор за лица кои истовремено се и малолетни - пристапот е уште потежок и покомплициран, се претпоставува дека секогаш нема да биде можно да се допре до сите постоечки форми на сексуална размена.

Оваа претпоставка се докажа и во текот на истражувањето. Причините се најразлични: многу често адолесцентите кои нудат/разменуваат сексуални услуги не го препознаваат своето однесување како форма на сексуална размена/работа, не се свесни во што се впуштаат и не сметаат дека припаѓаат на групата на сексуални работници, што го отежнува контактирањето со нив. Покрај тоа, тука е стравот од стигма и дискриминација, недовербата, страв од полиција и насилство, страв да не ги „дознае околината". Не смее да се занемари и фактот дека сексуалната размена (и формална и неформална) вообичаено вклучува голем број на учесници (подведувачи, заштитници, посредници, лица кои на различен начин влијаат врз лицата кои нудат/разменуват сексуални услуги) кои, заради страв од законско гонење (кое, доколку е поврзано со малолетно лице, е доста сериозно токму заради концептот на екплоатација), на различни начини го попречуваат или го оневозможуваат контактот со АНСУ.

Во истражувањето се опфатени млади лица од ромските заедници во Скопје и Струмица (каде може да се идентификуваат и облиците на формално организирана сексуална работа, сексот за опстанок, опортунистичкиот секс) и млади лица (средношколци) од Струмица (каде се идентификуваат облици на опортунистички секс и секс за услуга). Од одредени клучни информатори се добиени информации за постоење секс за услуги помеѓу средношколци и студенти во Скопје, но во текот на истражувањето не се реализирани подетални истражувања со конкретни лица заради причините објаснети погоре.

Истражувањето покажа дека кај одредени адолесценти постои совпаѓање, односно причинско-последична поврзаност со одредени други однесувања (како што се употреба на дрога и истополови сексуални односи), кои се исклучително важни за креирање соодветни здравствени интервенции и системи за поддршка.

## ОПШТИ ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСТРАЖУВАНАТА АНСУ ПОПУЛАЦИЈА

Со истражувањето беа опфатени адолесеценти, на возраст од 13 до 20 години, кои нудат/разменуваат сексуални услуги. Заради специфичните животни стории на две сексуални работнички, на возраст од 26 и 28 години, им беше направено интервјуирање со примена на автобиографскиот метод.

**Возрасна структура на интервјуирани АНСУ**

| Возраст | Скопје | Струмица | Вкупно според возраст |
|---|---|---|---|
| | Број | Број | Број |
| 13 години | 1 | 0 | 1 |
| 16 години | 4 | 0 | 4 |
| 17 години | 3 | 3 | 6 |
| 18 години | 2 | 3 | 5 |
| 20 години | 3 | 0 | 3 |
| 26 години | 0 | 1 | 1 |
| 28 години | 1 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **14** | **7** | **21** |

Испитаниците започнале да разменуваат сексуални услуги за одреден надомест на 11, 13, 14 или 15 годишна возраст, заедно со врсници/другари на своја возраст (AU_KP_ANSU_03).

Воедно, сите лично познаваат и други адолесценти, на возраст од 13 до 20 години, кои разменуваат сексуални услуги (AU_KP_ANSU_09).

Различни типови на клучни информатори, исто така, го потврдуваат постоењето на малолетни лица кои нудат сексуални услуги. Информациите ги добиваат преку директни лични искуства и сведочења, како дел од секојдневната работа што ја вршат:

> „Има од девојчиња по 16 години возрасни се. (Помали од 16 има?) Па не верувам. Не сум прашал дали се помали или поголеми...Па понекогаш доаѓаат, па ги возам ја до хотели. Па така у приватни куќи. И у дома ќе ја носи и така... јас што ги возам 12, 13 ги има... Па повеќе се од ромските населби во Скопје некои...Ромки се сите..." (AU_KP_ANSU_11 таксист)

Со истражувањето се опфатени 5 машки и 16 женски АНСУ, што значи дека сексуални услуги нудат адолесценти и од двата пола. Испитаниците од машки пол нудат сексуални услуги исклучиво на мажи, меѓутоа дел од нив познаваат и машки лица кои нудат сексуални услуги на жени. Во текот на истражувањето не успеавме да допреме до машки лица кои овозможуваат сексуални услуги на жени.

**Полова структура на интервјуирани АНСУ**

| Пол | Скопје | Струмица | Вкупно по пол |
|---|---|---|---|
| | **Број** | **Број** | **Број** |
| Машки | 3 | 2 | 5 |
| Женски | 11 | 5 | 16 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **14** | **7** | **21** |

Сите испитаници потврдуваат дека, иако сè уште е доминантен бројот на лица од женски пол кои нудат сексуални услуги, познаваат и адолесценти од машки пол кои го работат истото (AU_KP_ANSU_09_II).

Во сите интервјуа се појави информацијата дека во ромските населби е честа појавата младите момчиња, декларирани како хетеросексуалци, да остваруваат емотивни и физички врски со лица од женски пол а, заради заработка, имаат сексуални односи со лица од машки пол кои се декларираат како хомосексуалци.

Двајца од испитаниците од машки пол припаѓаат на една група млади Роми кои не се чувствуваат како хомосесуалци и не чувствуваат привлечност кон мажи, меѓутоа заради заработувачка нудат сексуални услуги на хомосексуалци. Преку овие две интервјуа добивме прилика да го разгледаме контекстот, функционирањето и начинот на размислување на оваа група на АНСУ.

**Етничка припадност на интервјуирани АНСУ**

| Етничка припадност | Скопје | Струмица | Вкупно по етничка припадност |
|---|---|---|---|
| | **Број** | **Број** | **Број** |
| Македонци | 0 | 5 | 5 |
| Албанци | 1 | 0 | 1 |
| Роми | 13 | 0 | 13 |
| Турци | 0 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **14** | **7** | **21** |

93% од испитаниците од Скопје се припадници на ромската заедница што се должи на фактот што истражувањето, врз база на претходни информации од терен, беше однапред насочено кон ромските заедници во Скопје. При реализацијата на Проектот се тргна од претпоставките дека заради одредени специфики на ромското население во Скопје (екстремна сиромаштија, низок степен на образование, немање други опции за издршка, одредени видови присила) сексуалната размена меѓу младите Роми е исклучително застапена и дека возрасната граница постојано опаѓа. Важен фактор е и постоењето на одредени врски базирани на теренска работа за превенција на ХИВ/СИДА со одредени клучни лица во ромските заедници, поради што релативно полесно успеавме да навлеземе и истражуваме во овие заедници, за разлика од останатите етнички групи. Најголема предност беше тоа што токму лицата кои веќе ја спроведуваат теренската работа се вклучија како теренски истражувачи во студијата.

Иако постојат информации дека голем број од средношколската македонска популација нуди сексуални услуги за надомест, и покрај сите обиди, не се успеа да се оствари конкретен контакт кој би го објаснил функционирањето на таа сцена. Само од еден клучен информатор, вработен во елитен кафе бар во центарот на Скопје, се добиени одредени информации за средношколци и студенти кои се претежно од македонска етничка припадност.

Структурата на испитаниците во Струмица е малку поинаква. Имено, поради погоре наведените специфики на ромското население и тука беа опфатени лица од струмичката турско-ромска заедница (дел од нив се декларираат како Роми, дел како Турци, но ги делат истите специфики), но повторно, заради вклучување на теренски истражувачи кои имаа достапност до одредени клучни лица инволвирани во сексуалната размена, се допре и до лица од македонска етничка припадност чие однесување покажа одредени мали разлики во однос на останатите етнички групи.

Првично, разликите се однесуваат во образовниот статус помеѓу испитаниците од ромско-турска и македонска етничка припадност.

Испитаниците од ромска и турска национална припадност се со многу ниско образование (четворица имаат завршено основно образование, шестмина имаат завршено 4-то или 5-то одделение, а шестмина се без образование). Испитаниците од македонска етничка припадност се средношколци, активно вклучени во образовниот систем (3-та и 4-та година средно образование)

Причините за непосетување на училиште кај адолесцентите од ромските заедници се различни, и во најголем дел се истоветни со причините кај општата ромска заедница во Македонија:

Во дел од случаите самите родители не ги запишуваат децата во училиште:

> „Зошто не одам?! Не ме запишале...“ (AU_KP_ANSU_03)

Дел од родителите не внимаваат дали децата редовно го посетуваат училиштето и не работат на нивно мотивирање да останат во образовниот систем, поради што децата едноставно самите решаваат да прекинат со школување. Дел од родителите пак, заради најразлични причини (сиромаштија, потреба детето да заработува и да придонесува во семејниот буџет) самите ги отпишуваат (AU_KP_ANSU_02_III).

За некои од нив прекинувањето на школувањето е директно поврзано со почнувањето со нудење на сексуални услуги (AU_KP_ANSU_09_III).

Меѓутоа и испитаниците од македонска етничка припадност изјавуваат дека познаваат лица кои го напуштаат образовниот систем кога започнуваат со сексуална работа бидејќи „не можат да издржат" (AU_FN_ANSU_01c).

Најголем дел од испитаниците потекнуваат од многучлени сиромашни семејства (4 до 8 члена, а две испитанички имаат и мали деца кои живеат со нив) во кои никој или само еден член од семејството работи/прима пензија. Притоа, вообичаено станува збор за неквалификувани работни места (чистачка, касап и слично) кои малку се плаќаат и не се доволни за најосновна егзистенција на семејството. Шест испитаници изјавиле дека земаат и социјална парична помош, чија сума се движи од 1600 до 3000 денари и не е доволна да ги задоволи потребите на семејството.

## ОПИС НА СЦЕНАТА

### ЛОКАЦИИ

Постојат најразлични локации на кои се собираат АНСУ, ги чекаат клиентите или ги овозможуваат услугите.

#### *Локации на кои се наоѓаат со клиентите*

Со клиентите најчесто се среќаваат на претходно договорени места.
Во Скопје тоа се доста прометни и раздвижени локации, одредени кафе барови, или пак напуштени, празни и неосветлени места (паркови, паркиралишта, училишта или амбуланти), се со цел да бидат што е можно помалку забележливи и препознатливи за околината.

Во Струмица, во турско-ромското маало се среќаваат на улица додека испитаниците од македонска етничка припадност изјавуваат дека се среќаваат во приватни станови (често изнајмени од самите АНСУ), во локали/кафулиња/ресторани и најчесто во хотели надвор од градот - во околината на Струмица, но и во Банско, Гевгелија, Валандово.

#### *Локации на кои се даваат услугите*

Сите изјавуваат дека услугите, најчесто ги нудат во хотели, приватни станови или на отворено во паркови, напуштени и празни дворови и паркиралишта, во кола/камион, а во ромските населби во Скопје се појави информација дека ги користат и пералните за коли (AU_MC_ANSU_10).

#### *Отворена сцена*

Сите испитани АНСУ и опфатените клучни информатори од Скопје, ја познаваат отворената сцена, односно „кај телевизија", „на коцка", „кај македонска" или „кај курвите". Отворената сцена е локација каде сексуалните работници стојат и се промовираат пред клиентите на отворено, односно на улица, директно преговараат со нив и ги нудат своите услуги во близина, на отворено, во кола или доколку се договорат во хотел. Пет, од вкупно 14 интервјуирани АНСУ од Скопје, имаат работено или сè уште излегуваат на отворената сцена.

Истражувањето покажа дека младите лица од ромските населби не излегуваат често на отворената сцена туку развиваат нови модели на наоѓање на клиенти. Секој од нив знаеше за постоењето на лица кои работат „на коцка", меѓутоа, со исклучок на тие кои таму работат, никој од останатите немаше конкретни информации за тоа како функционира таа сцена, кои се и на која возраст се лицата што работат.

Од населбите најчесто се спомнуваат Шутка, Топаана, Бутел, Црниче, Водно, Ѓорче Петров, Сингелиќ, Сарај и Момин Поток.

#### *Локации надвор од местото на живеење/мобилност*

Редовна појава е АНСУ од ромските населби во Скопје да одат да работат во Гостивар, Тетово, Кичево и Охрид, заради поголема заработка, повеќе „муштерии", и поголема дискреција, односно бидејќи не сакаат во нивната околина да се знае на каков начин заработуваат. Кога одат во други градови АНСУ работат во кафеани или барови како келнерки, танчерки и воедно нудат сексуални услуги. Таму остануваат од неколку денови до 6 месеци, по што се враќаат во Скопје, за по извесно време пак да заминат. Дома кажуваат дека работат како келнери. Сите испитаници сведочат дека на тие места се среќаваат и со АНСУ кои доаѓаат од Прилеп, Битола и градови од Источна Македонија. Воедно, потврдуваат дека познаваат млади лица, и машки и женски кои доаѓаат во Скопје за да работат, претежно од најблиските градови Куманово, Тетово и Гостивар, но и од Битола, Прилеп, Штип и Струмица (AU_KP_ANSU_09_IV).

Ниту еден од испитаните АНСУ во Скопје нема информации за лица од други земји кои доаѓаат да работат во Македонија. Само еден испитаник бил да работи во Белград и имал неуспешен обид да стаса нелегално до Италија. Останатите не размислуваат да одат на работа надвор од Македонија.

За разлика од Скопје, сите испитаници во Струмица потврдија дека имаат информации за лица од други земји кои доаѓаат да заработат во Македонија и лица од Македонија кои одат да заработат во други земји, најчесто околните, Грција, Бугарија и Србија. Многу често се случува АНСУ да ја преминуваат границата со Бугарија и во двата правци (значи и од Македонија и од Бугарија) со такси, да работат една ноќ, истата вечер да се вратат назад, а следниот ден пак да се вратат на работа. Исто така сведочат за ситуации кога девојки од Бугарија, односно од блиските погранични места да изнајмуваат станови во Струмица со цел да работат тука (AU_FN_ANSU_09c).

Освен од и кон пограничните земји, АНСУ се движат и внатре во Македонија. Најчесто, од и кон околните села (Василево, Градошорци, Босилово, Дабиље, Добрејци), блиските градови (Радовиш, Штип, Гевгелија, Дојран), но и Охрид, Скопје, Тетово, Струга.

За разлика од Скопје, сите испитаници од Струмица изјавија дека често ги менуваат локациите на движење, среќавање со клиентите и разменување на сексуалните услуги, бидејќи станува збор за помало место каде лесно можат да бидат забележани, запамтени и етикетирани како лица кои нудат сексуални услуги (AU_FN_ANSU_09c_II).

### *Работно време*

Работното време на АНСУ во најголема мерка зависи од клиентите. Во најголем дел сите, без оглед на локацијата и начинот на организација на работата, работат во вечерните часови, летно време подоцна, зимно време малку порано - т.е штом падне мрак. Тие што живеат со родители се случува да се враќаат дома порано, додека тие што работат по кафеани надвор од градот на подолго време - работат и до покасно. Сите потврдуваат дека има и клиенти кои се јавуваат и во текот на денот, и доколку се слободни АНСУ излегуваат да работат. Вообичаено не прават разлика во деновите, односно работат секој ден. Во Струмица, испитаниците кои одат на училиште изјавуваат дека заради училишните обврски почесто работат за време на викенд (AU_MC_ANSU_09).

## МОДЕЛИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА РАЗМЕНА

### *Индивидуална работа*

Дел од испитаните АНСУ се решаваат да работат сами затоа што го прикриваат своето однесување и не сакаат да бидат препознаени како лица кои разменуваат сексуални услуги, а други како причина ја наведуваат конкуренцијата и можноста за поголем профит (AU_FN_ANSU_09c_III).

Податоците од истражувањето укажуваат дека АНСУ кои работат сами во Скопје најчесто се поврзани со едно лице кое за нив ја има улогата на партнер и дечко, со кој се емотивно поврзани. Тоа лице, во одредени ситуации, има улога на посредник (наоѓа и договара клиенти) или на заштитник (внимава на однесувањето на клиентот, вообичаено чека во близина додека АНСУ е со клиентот, ја брани од насилство), за што добива дел од заработените пари или „заедно ги трошат" бидејќи функционираат како пар (AU_MC_ANSU_05).

Во Струмица, испитаниците покажаа разидување меѓу улогата на емотивен партнер/дечко и улогата на посредник. Емотивниот партнер вообичаено не е запознат со начинот на кој заработува конкретното лице и не е вклучен во бизнисот, додека посредникот е тој кој ги наоѓа и договара клиентите, за тоа добива надомест, но не игра улога на заштитник.

Односите со партнерите, посредниците и заштитниците пошироко ќе бидат разгледани во следните поглавја.

### *Работа во група на врсници*

Некои од АНСУ се решаваат да работат во група бидејќи така се чувствуваат позаштитено, имаат со кого да се дружат и да споделуваат работи од заеднички интерес а, најважното - не изгледаат сомнително и, едни за други, си обезбедуваат алиби пред родителите, се задржуват покасно, си разменуваат алишта и шминки. Најголем дел од групите се формираат спонтано - тоа се друштва на другарки кои заедно решаваат да почнат да разменуваат секс за надомест, или една другарка наведува друга, но постојат и групи кои се организираат/формираат од страна на трети лица кои со тоа профитираат, односно добиваат одреден процент за посредување и штитење. Групите можат да бројат од две до десет девојчиња или момчиња (AU_MC_ANSU).

Најголем дел од испитаниците потврдуваат дека бројот на членовите во групата се менува, односно некој може да влезе или излезе во групата. Во Скопје сите беа воздржани или не знаеја да објаснат како и зошто се случува тоа, додека во Струмица тоа го објаснуваа како спонтано групирање/разидување, според заеднички интерес.

„Е па зависи од женските, ќеќат да работат и се мењаваат групите...„ (AU_KP_ANSU_03)

Во однос на организираните (наспроти спонтано настанатите) групи, највпечатливо објаснување, за тоа како се оформуваат и се менуваат, ни даде лице кое е вклучено во сексуалниот бизнис како посредник/заштитник во сексуалната работа и како таков, директно е вклучен во самата организација и надгледување на групите:

„**Инф.:** Групите се формират така... Преку другари. Преку другарки. Значи јас ако сакам да обработам некоја личност која осеќам дека е малце, нели, лабилна, малце дека е лабилна, она лесно...полесно ми оде да се обработе, да кажеме да се обработе таја женска. Се пуште...у групата увек има една женска која шо е главна као. Као она ги врте. Она ги врте. Е преку таа женска, ќе си купе златно прстенче, не оти којзнае колкаво али од иљаду денара да кажеме или ќе и се купе добар парфем, добра гардероба. На тај начин да кажеме, придобиваш особа. Придобиваш особа. Тоа после се враќа. Али веќе она флезе ли у тие води шо се вика се...многу тешко за излевање. Флезе ли у тај колосек, тешко се излева.... А самата особа доколку сака нели да биде убацена у таа група, пример сакам со заш...со вас да работам и се поставуват неколку услови. Тие се услови, прво почнува се од финансијата, колку шо ќе добива финансија, дека ќе спие, как ќе спие, ка ќе се понаша према м... клиенто и ред други работи. Шо не може да биде со клиенто ладна, како прво. Одма ќе ја кашират. Нормално...
**Истраж.:** Колку лица бројат обично тие групи?
**Инф.:** Зависи... колку е моќен човеко. Значи може и десет да има, може и петнаесе. А може и две да има...
**Истраж.:** А кога и како се менуваат членовите на групата?
**Инф.:** При крај шо е веќе шо га знаат и куче и мачe. Значи треба да се обнове таа девојка. Таа девојка се пушта кај мој пријател, пријател ми пушта негова девојка. Прааме трампа. Пошто и на него му е скиснало да кажеме од таа особа и така. Компензација.... Да кажеме јас имам во Гостивар, во Скопје или било каде и се слушаме – еј слушај...” (AU_FN_ANSU_05).

Вообичаено лицата кои работат во иста група се чувствуваат блиски, сложни, и потенцираат дека си разменуваат искуства, информации за „добри” и „лоши” клиенти, за афинитетите и желбите на клиентите, договараат цени, си помагаат со пари, разменуваат алишта и шминки, да изгледаат поатрактивно (AU_MC_ANSU_09_I).

Во групите (без оглед дали станува збор за организирани или спонтани) често се случува едно лице, кое е поискусно, повозрасно или едноставно, со поизразени лидерски карактеристики, да се издвојува, да ги поучува, воведува или советува останатите. Советите повторно се однесуваат на самата работа: однесување со клиенти, диктирање на цена, облекување, шминка, справување со насилство и слично (AU_MC_ANSU_11).

## МЕДИУМИ НА КОМУНИКАЦИЈА ВО СЕКСУАЛНАТА РАЗМЕНА (КЛИЕНТИ, ПОСРЕДНИЦИ, ЗАШТИТНИЦИ, ДОГОВАРАЧИ)

Секоја сексуална размена, без оглед дали е формално или неформално организирана, вклучува повеќе актери кои директно или индиректно вршат влијание врз сексуалната работа, а особено врз лицата кои нудат сексуални услуги.

Освен лицата кои нудат сексуални услуги, тука се и лицата кои ги бараат тие услуги, односно клиентите, кои со сите познавања, ставови, навики и однесување најдиректно влијаат врз ризичноста на сексуалната размена.

Потоа, тука се и лицата кои ги поседуваат или раководат со локалите/клубовите каде се нудат сексуалните услуги, лицата кои го организираат работното време и условите за работа на сексуалните работници (СР), ги промовираат СР пред клиентите, посредуваат меѓу СР и клиентите, договараат цена, се грижат за наплатата, ги превезуваат СР до клиентите или обратно, ги штитат интересите на сексуалните работници пред клиентите, ги штитат од насилство, злоупотреба или ограбување, и за тие свои услуги добиваат/земаат одреден процент или фиксна сума пари од самите лица кои нудат сексуални услуги, а понекогаш и од клиентите. Овие лица кои претставуваат важни медиуми на комуникацијата во сексуалната размена можат да вршат една, две или комбинација од наведените улоги, а во секојдневието, па и во литературата се познати како менаџери на секс бизнисот, макроа, посредници, договарачи, заштитници и слично.

***Клиенти***
Структурата на клиентите на АНСУ е најразлична. Најчесто доаѓаат од самото место каде работат АНСУ, но и од околните села, градови, странци, туристи на поминување, шофери од земјава и странство, војници. Тоа се лица на различна возраст, различна национална и верска припадност, и различен социјален статус (работници, студенти, бизнисмени, самци, семејни луѓе и друго) (AU_MC_ANSU_09_II).

За најголем дел од АНСУ не е битна ниту една од овие карактеристики, доколку клиентот ја има неопходната сума пари за да ја плати услугата (AU_FN_ANSU_03).

Дел од испитаниците од Струмица изјавиле дека најчесто „одат" со бизнисмени, по можност странци, бидејќи тие плаќаат најмногу (AU_FN_ANSU_10c).

Со исклучок на 4 испитаници од Скопје, кои нудат сексуални услуги на улица каде директно ги наоѓаат и преговараат со клиентите, останатите испитаници со клиентите се договараат и преговараат преку мобилен телефон, поврзани од страна на посредници како што се макроа, други клиенти, други АНСУ, таксисти и познаници.

***Заштитници, посредници, договарачи***
Понекогаш посредниците/макроата влегуваат во групата на стереотипи кои важат за нив - експлоатативни, насилни контролори, газди кои тепаат, силуваат и ги одземаат парите, меѓутоа ваквите стереотипи често не се ниту соодветни на реалноста ниту помагаат во развивањето на ефективни програми. Премногу е широк распонот на релации и односи меѓу сексуалните работници и нивните менаџери или заштитници, и истиот варира од регион до регион, дури и од заедница во заедница (NSWP, 1999).

Студијата потврди дека улогата и влијанието на посредниците/макроата/заштитниците е различна не само во различни заедници туку и во различни индивидуални ситуации кои зависат од самостојноста на лицето кое нуди сексуални услуги, можноста само да наоѓа и преговара со клиенти, мобилноста, насилството со кое се среќава и слично.

Се покажа дека сексуалната размена во Струмица е понеформално организирана. АНСУ најчесто самите се решаваат да започнат со сексуална размена, тоа го прават заедно, или поучени од поискусни другарки, а за полесно да дојдат со клиенти се поврзуваат со посредници кои ги нарекуваат макроа. Макрото има телефонски број од АНСУ и кога доаѓа во контакт со заинтересиран клиент, се јавува кај АНСУ, го препраќа бројот на клиентот или го назначува местото и времето на средбата. Клиентите вообичаено плаќаат кај АНСУ, а потоа АНСУ го исплаќаат макрото. Посредувањето вообичаено се наплаќа од 20 до 30 евра, но АНСУ не се сигурни дека посредниците не добиваат одреден процент и од самите клиенти. Бидејќи макроата не се присутни на средбите меѓу АНСУ и клиентот, немаат заштитничка улога, односно не ги штитат АНСУ од клиентите. Меѓутоа макроата пред средбата ги советуваат АНСУ како да се облекуваат и однесуваат - во зависност од клиентот, и даваат насоки за афинитетите на клиентот, во зависност од тоа што клиентот бара. Доколку клиентот не е задоволен, или доколку АНСУ не го исполни договорот со макрото (не дојде на закажано, не го исплати договорениот процент) вообичаено се казнува, а казните се движат од игнорирање, односно не препраќање на нови клиенти, преку вербални напади, односно карање, до физички напади -тепање, кубење за коса или шамарање.

„**Инф.:** Па нели жаргонски макро се нарекува на пример, тај дечко и...Неговата улога едноставно да ти каже клиенто шо сака, на шо повеќе да обрнеш внимание. Заштита некоја голема, мислам оти не нуде. Не е толку влијателен за да нуде заштита голема.
**Истраж.:** Како се стапува во контакт со т'ва лице, шо го кажа нели, макро?
**Инф.:** Па се разменуват телефони најчесто, ќе му се јавеш, ќе се најдете на некое место и ќе му кажеш дека сакаш тва да го работеш, а он ќе ти каже за колку време ќе ти најде клиент на пример, и дека пак ќе ти одврне со телефонски повик. И отпосле сам се наваѓаш ти со клиенто.
**Истраж.:** А зима ли одреден процент за т'ва шо го праве?
**Инф.:** Мислам оти зима од клиентите, чак и поголем е процентот од нас девојките шо го работеме това. Па од секое женско зима по...сигурно по дваесе, триесе евра, на едно обидување.
**Истраж.:** Казни за неисполенет договор?
**Инф.:** Да, добива. Еден период на пример апстиненција, добиве...добива помалку финансии, ја кратат тука и така. Од шо нема да и се јавуват, шо нема да ја повикуват.
**Истраж.:** Се е случило ли да тера...да ти каже как да се однесуваш, да ти нареде, да ти наредува шо да направеш, как да се облечеш?
**Инф.:** Да, да, да. Најчесто клиенто шо сака, така да се облечеш. Дали нападно да се нашминкаш, шо сака да му работеш, оти сигурно си ги они прават тие муабети меѓусебе, пред да га најдат...да не најдат нас, девојките.
**Истраж.:** И мора да го исполнеш тва шо ќе ти го каже?

**Инф.:** Па поголем дел, да. Пошто после он вика – јас имам проблем со клиенто.” (AU_FN_ANSU_02p).

Сите испитаници потврдуваат дека се случува и самите макроа да користат сексуални услуги од АНСУ, но на тоа гледаат како на кратки авантури, а не и на интимни партнерства.

Во турско-ромската заедница во Струмица за поимот макро/посредник го користат терминот „пезевенк”. Истиот ја има потполно истата улога и влијание како погоре објаснетото. Но, бидејќи испитаниците од оваа заедница поефтино ги наплаќаат услугите последователно поефтино го исплаќаат и „пезевенкот”. Овде исплатата е движи околу 20% од вкупниот износ (AU_FN_ANSU_07c).

Освен преку макро или пезевенк, посредување многу често вршат и самите клиенти, кои доколку се задоволни од добиената услуга АНСУ ги препорачуваат и поврзуваат со други заинтересирани клиенти (AU_FN_ANSU_03).

Самите АНСУ помеѓу себе си разменуваат или препраќаат клиенти. Многу често посредуваат и таксисти и вработени во кафе барови, клубови, ресторани, хотели, односно лица кои преку својата секојдневна работа доаѓаат во контакт со поголем број на лица од кои дел се интересираат каде можат да платат и добијат сексуална услуга. Овие посредници понекогаш се исплаќаат со пари, на однапред договорена сума или зависно од висината на заработката, а понекогаш само се почестени со пијачка, храна и слично, од страна на АНСУ, но и од клиентите (AU_FN_ANSU_10c).

За разлика од Струмица, во Скопје се утврди постоење на покомплексна и разновидна структура на улоги и влијанија на посредниците, макроата, заштитниците, интимните партнери, што секогаш не може јасно да се разграничи и дефинира.

Дел од испитаниците имаат интимни партнери кои ја имаат улогата на заштитник или посредник. Дел од овие посредници/заштитници ја придружуваат АНСУ додека е со клиентот, за да ја заштитат од ограбување или насилство, дел не се присутни, но се достапни на телефон во случај на незгода за да дојдат на лице место (AU_KP_ANSU_03_I).

Дел од макроата/партнерите најмуваат трети лица во улога на заштитници - да бидат во близина на АНСУ и да реагираат во случај на незгода, а за тоа добиваат дневница (AU_KP_ANSU_03_II).

За разлика од Струмица, исплатата на посредниците/макроата/заштитниците не е врзана за процент или договорена сума, туку најчесто истите ја добиваат целата или најголем дел од заработувачката. Ова е особено присутно доколку станува збор за интимен партнер, при што тој ги добива парите од АНСУ, располага и раководи со истите, водејќи сметка да АНСУ има задоволени егзистенцијални потреби и нова гардероба. На ова АНСУ најчесто гледаат како на „заедничко трошење”, што е нормално и прифатливо за една интимна врска (AU_MC_ANSU_05_I).

Многу често, она што започнува како неформално организирана сексуална размена, со слободна определба на АНСУ, се случува, при врзувањето на само со „еден човек” кој има улога на посредник или заштитник, да премине во експлоатативна сексуална размена кога АНСУ се принудени сите заработени средства да ги даваат на тој посредник/заштитник. За да ја остварат оваа цел посредниците/макроата/заштитниците најчесто користат психичко и физичко насилство против АНСУ (закани, застрашување дека ќе бидат кажани дома, тепање) (AU_KP_ANSU_08).

Се случува, и интимните партнери „да ги продаваат” АНСУ, за да дојдат до заработка, до средства за дрога или некоја друга потреба, при што ја преземаат и улогата на макроа/подведувачи/посредници/заштитници (AU_KP_ANSU_03_III).

Како многу битна алка во посредувањето при сексуалната размена во Скопје се јавуваат таксистите. Најголем дел од испитаниците кога решиле да започнат со разменување сексуални услуги се обратиле кај таксисти, да им помогнат во наоѓањето клиенти. Најголем дел сѐ уште соработуваат со таксисти кои им препраќаат клиенти или ги превезуваат до клиентите, и за тоа добиваат надомест (AU_KP_ANSU_09_V).

Освен лицата кои посредуваат и штитат во текот на сексуалната размена, постојат и лица кои овозможуваат простор каде се врши сексуалната размена, а за тоа добиваат некаков надомест. Понекогаш овие лица неминовно ја имаат улогата на посредници или заштитници (AU_MC_ANSU_09_VI).

Испитаниците кои работат и во кафеани надвор од Скопје (претежно во Гостивар), тврдат дека газдите/сопствениците на тие кафеани воопшто не се мешаат во преговарањето и договарањето со клиентите, не земаат никаков надомест доколку услугата се дава во локалот, туку се држат на страна. Истовремено изјавуваат дека кога имаат клиенти за време на работа како келнерки, газдите ги „пуштаат" но не им наплаќаат дневница, туку истата ја покрива клиентот. Ова ги доведува во сомнеж претходните изјави бидејќи во вакви ситуации не се гледа исплатливоста на вработување келнерки кои во секој момент можат да го напуштат работното место (AU_KP_ANSU_09_VII).

### *Плаќање, начини, тарифи*

Цената за која се нудат сексуални услуги е различна, и тоа зависи од возраста, убавината, социјалниот и образовниот статус на АНСУ, од видот на клиентите, од видот на услугата и местото каде се дава услугата.

Истражувањето покажа дека постои разлика во тарифите и начинот на исплата помеѓу испитаниците во Скопје (предоминантно од ромска етничка припадност) и испитаниците од Струмица (предоминантно од македонска етничка припадност и повисок образовен статус).

Помеѓу испитаниците од Скопје цената на услугите се движи од 200 па до 3000 денари, а најчесто од 500 до 1500 денари. Најефтина е услугата која се дава на отворено или во кола каде целата размена трае пократко, а поскапо се наплаќа услуга дадена во хотел или стан каде АНСУ се задржуваат по 1 или 2 часа. Поретко клиентите бараат услуги за цела ноќ и тогаш цената е повисока. Кога услугата се дава во хотел, клиентот го плаќа и изнајмувањето на хотелската соба. Воедно испитаниците потврдуваат дека странците плаќаат поголема сума од „нашите". Тарифата зависи и од видот на услугата, имено оралниот секс е најефтин и се нуди од 200 до 500 денари, просечната цена на вагиналниот и аналниот секс е 1000 денари, а неколку вида на услуги заедно се наплаќаат од 1500 до 2000 денари. За истите услуги во хотел се добиваат од 2000 или 3000 денари. Сите испитаници исклучиво разменуваат секс за пари, а добивањето гардероба или подароци е ретка и инцидентна појава (AU_KP_ANSU_10).

Испитаниците кои работат во кафеани надвор од Скопје, каде првично се вработени како келнерки, изјавуваат дека кога клиент сака да ги земе во текот на работното време, им ја наплатува и изубената дневница која сопственикот на локалот во таква ситуација им ја ускратува (AU_KP_ANSU_09_X).

Интересна информација се појави кај неколку испитаници кои изјавија дека вагиналниот секс го наплаќаат поскапо од аналниот, иако досегашните истражувања насекаде во светот покажуваат дека вообичаена практика е сексуалните работници поскапо да го наплаќаат аналниот секс. Претпоставка е (во некое следно истражување треба да се докаже) дека тоа се должи на почитување на правилото девојката пред стапувањето во брак да биде невина и постоењето навика младите лица, за да ја заштитат невиноста, да се впуштаат во анални сексуални односи и истото го сметаат за помалку вредно.

Во Струмица, сите испитаници од женски пол и македонска етничка припадност, изјавиле дека разменуваат сексуални услуги исклучиво со лица кои се занимаваат со бизнис (претежно од Грција, но и локални бизнисмени), кои имаат многу висок социјален статус и затоа наплаќаат далеку поскапо од испитаниците во Скопје. Цената во Струмица се движи од 30 евра до 250 евра. Тарифата, исто така, зависи од видот на услугата: орален од 30 до 60 евра, вагинален и анален поскапо, а комбинација од услуги двојно. Помеѓу овие испитаници вообичаена практика е да добиваат подароци од клиентите независно од цената што ја добиваат за сексуалната размена. Најчесто добиваат гардероба, козметика, накит, или можност да пазаруваат во блиските фри шопови. Подароците што ги добиваат не ги гледаат како надомест за сексуалната услуга туку како чин на внимание и задоволство. Најголем дел од нив имаат постојани клиенти за кои велат дека доколку им се симпатични - им ја намалуваат цената (AU_FN_ANSU_10c).

Најголем дел од испитаниците потврдија, иако не се случува често, дека се случува одредени клиенти да бараат групен секс или да вклучуваат поголем број на АНСУ во еден сексуален чин. Во такви ситуации плаќаат повеќе, и на сите АНСУ одделно (AU_KP_ANSU_09_XI).

## ИНДИВИДУАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ВЛИЈАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ВРЗ РИЗИКОТ ОД ХИВ/СИДА/СПИ ПОМЕЃУ АНСУ

### Ризично однесување (причини/начини на инволирање во сексуална размена, користење заштита, достапност на кондоми, дроги, мобилност, насилство и екплоатација)

***Причини/Начини на инволвирање во сексуалната размена***

Сиромаштијата и неможноста на родителите да ги задоволат потребите на испитаниците се наведуваат како најважни причини заради кои најголем дел од нив се решиле да почнат „да одат за пари":

> „Десет девојчиња, десет души бевме ние... Само девојчиња бевме. Меѓу нас, и никој не знаеше, од родители немавме услови, зошто родители кажеа немаме пари, зошто ние одеме во училиште, сакаме нели да се облечеме, да имаме пари, да одиме во дискотека, пример за книги па за родители да даваме пари, за јадење, зошто нема, сиромашни... Денеска ако донесам јас ќе јадат, ако не донесам јас нема со што, нема, ни пример да има работа, пример, едно социјално што земаме.." (AU_KP_ANSU_09)

Еден, од вкупно 21 испитаници, бил принуден да дава сексуални услуги, тројца почнале да разменуваат секс за да дојдат до пари за дрога (за себе и партнерот), а останатите, да обезбедат егзистенцијални средства за себе или семејството, или да задоволат одредени тековни потреби како што се средства за излегување и дружење, гардероба, козметика и слично.

Често се среќава информацијата дека, дел од родителите во ромските заедници, ги праќаат децата да просат или да крадат, за на тој начин да го издржуваат семејството а, доколку не носат одредена сума пари, физички се малтретирани или враќани назад да дозаработат. Во таква ситуација, за некои од овие деца е полесно да даваат сексуални услуги за пари, со што побрзо и „полесно" заработуваат и за себе и за нивните домашни (AU_KP_ANSU_02_IV).

Исклучок претставуваат изјавите на двата испитаника од машки пол кои нудат сексуални услуги на хомосексуалци, а изјавуваат дека не потекнуваат од сиромашни семејства и парите не ги даваат дома, туку ги трошат за себе, најчесто за излегување, шетање, јадење... (AU_MC_ANSU_13n).

***Употреба на заштитни средства***

Најголем дел од испитаниците изјавуваат дека најчесто, кога се со клиент, користат кондом, додека со дечкото/интимниот партнер не користат никогаш. Информација за користење кондом и заштита од инфекции/бременост добиле од невладините организации со кои соработуваат, од телевизијата или во училиште и од тогаш се трудат секогаш да го користат кога се со клиентите, но не и со интимните партнери. Причините се различни: повеќе уживаат без кондом, партнерите не сакаат да користат, употребата ја поврзуваат со „работа" и со непознати луѓе, а неговата неупотребата - со меѓусебна доверба, познавање и слично (AU_KP_ANSU_09_XIII).

Тројца испитаници од Скопје изјавиле дека не употребуваат кондоми ниту со клиентите (AU_MC_ANSU_10_I).

Иако најголем дел од испитаниците тврдат дека редовно користат кондоми со клиентите, нивото на познавање за истите е многу ниско. Сите, освен две испитанички од Струмица, немаат познавања за квалитетот и видот на кондомите, не знаат на што треба да внимаваат при купувањето на кондомите, и вообичаено, знаењата за кондомот ги базираат на тоа што можат непосредно да го перципираат: дали се јаки или пукаат, дали мирисаат убаво, дали се скапи или ефтини. Најголем дел од испитаниците бираат каков кондом ќе купат зависно од парите со кои располагаат (AU_MC_ANSU_09_XIV).

Сите испитаници среќаваат клиенти кои не сакаат да употребуваат кондоми и нудат поголема сума пари за сексуален однос без кондом. Карактеристично за дел од испитаниците (особено во Струмица) е дека не прифаќаат секс без заштита, без оглед на понудената цена, бидејќи „здравјето нема цена", а дел од нив би прифатиле, доколку се во криза, им требаат пари или доколку макрото/посредникот гарантира за клиентот дека „го знае, и дека е чист". Значи, освен цената, врз употребата на кондоми влијае и макрото/посредникот, особено во ситуации кога неговото влијание врз АНСУ е поголемо, како и личната проценка на АНСУ за „здравјето" или „хигиената" на клиентот (AU_FN_ANSU_10c).

Со исклучок на тројцата испитаници кои немаа информации за кондомот и не го употребуваат, сите останати изјавуваат дека знаат каде и како да дојдат до кондоми и дека нивната достапност не им претставува проблем. Најголем дел од нив добиваат бесплатни кондоми од невладините организации со кои соработуваат, или ги купуваат во трафики и аптеки (AU_FN_ANSU_07c).

### *Употреба на дроги и алкохол*

Двајца испитаници од Скопје и двајца од Струмица користат хероин, претежно интравенски, но и „на фолија" и „на нос". Еден од нив моментално е стабилизиран пациент на метадонски третман, двајца побарале здравствена помош за третирање на проблемот, но повторно започнале да употребуваат, а еден испитаник никогаш не побарал помош за третман.

Сите испитаници пред да се одлучат да побараат стручна помош, се обидуваат да го решат сами проблемот, најчесто советувајќи се со лица кои го имаат истиот (AU_MC_ANSU_05_II).

Испитаниците кои побарале стручна помош за третирање на проблемот со дрога тоа го сториле по информирањето и мотивирањето од страна на невладините оганизации со кои контактираат, бидејќи претходно ги немале соодветните информации (AU_KP_ANSU_08_I).

Двајца испитаници почнале да разменуваат сексуални услуги за да дојдат до средства за дрога, а двајца почнале да ја користат од кога се впуштиле во разменувањето сексуални услуги, што укажува на комплексната причинско-последична поврзаност помеѓу овие два облика на однесување.

Само еден од испитаниците има изјавено дека повремено користи марихуана или екстази, а сите други дека користат единствено алкохол. Дел од нив алкохолот го користат повремено и само во одредни пригоди (како, свадби, родендени и прослави), а дел го користат со клиенти и кога работат, да „се опуштат", да „им биде позабавно", и ним и на клиентите (AU_KP_ANSU_05_III).

Сите тврдат дека, без оглед на тоа што се под дејство на алкохол или дрога, кога работат, инсистираат да користат кондом (AU_FN_ANSU_03_I).

### *Мобилност/миграција*

Мобилноста, односно миграцијата (надвор, како и во самата држава) може да влијае врз ризичното однесување на неколку начини: лицата кои се движат можат да се соочат со јазични или културни бариери кои ја отежнуваат комуникацијата и преговарањето со клиентите, можат да се доведат во ситуација да не знаат каде и како да се обратат за одредена услуга, совет или помош, да имаат проблеми со легални документи (особено важно за малолетни лица), поради што се кријат и стануваат тешко достапни за полиција, но и за социјални и здравствени интервенции. Може да се соочат и со работни услови под минималниот стандард, врз кои тешко можат да влијаат.

Од изјавите на лицата кои редовно работат по кафеаните во Гостивар, Тетово или Кичево може да се види дека најчесто престојуваат и работат во многу лоши услови. Доколу кафеаната се наоѓа во село, или надвор од град, девојките живеат во самата кафеана, некогаш спиејќи на фотељите за гости, немајќи никаква интимност, услови за одморање по целоноќната работа, ниту услови за хигиена. Доколку кафеаната се наоѓа во градот и сопственикот/газдата има доволно пари, тој им изнајмува заеднички стан за сите, а таа бројка може да изнесува и 15 или 20 лица (AU_KP_ANSU_09_XV).

### *Насилство*

Насилството е директен фактор кој влијае на формирањето несигурна и небезбедна околина за преговарање и практикување безбеден секс, ниска самодоверба и самопочит, инфериорност, потиштеност и пониженост што лесно доведува до можност за манипулација и злоупотреба од страна на трети лица. Насилните клиенти особено при силување, ретко користат кондоми, а насилниот секс остава повреди кои се влезна врата за инфекциите.

АНСУ од Скопје имаат лоши искуства со насилните клиенти, поврзани со силување, тепање и ограбување. АНСУ кои работат на улица се особено подложни на насилство. Ромите во Скопје се плашат особено од „Албанците" за кои имаат забележано дека почесто и пожестоко користат различни видови на насилство.

„**Инф.:** Со сила ќе те зема, ќе те плати, ќе те качи у кола, со сила и ќе ти праи таа работа и ќе те тепа и парите ти ги зема и све. Има. Многу пута ме тепале, ме праиле, парите ми ги зимале. Тоа многу пута. Више да не кажувам.
**Истраж.:** А каде те носат најчесто?

**Инф.:** Па у некои шуми таму што знам, по некои скриени места, што се најскриени, далеку негде. Ќе викат некои души, некои другари и спијат со тебе и ќе те носат послем дома. И тоа ако те пуштат. Ако не, ништо." (AU_MC_ANSU_05)

Испитаниците од Струмица кои изјавуваат дека најчесто работат со локални бизнисмени или бизнисмени кои доаѓаат од странство, тврдат дека не се случило клиент да биде насилен со нив. Единствено, познаваат клиенти кои уживат во садо-мазохистички секс, но тоа го разграничуваат од насилство (AU_FN_ANSU_01c_II).

Најголем дел од испитаниците не сакаат да зборуваат за насилството од страна на партнерите и макроата и го негираат истото, иако теренските работници во текот на својата работа сведочат за исклучително насилни ситуации со видливи последици (модрици, отоци, па дури и скршеници) (AU_MC_ANSU_05_V).

### *Сексуална екплоатација/Трговија со луѓе*

Покрај изјавите за коректен однос на газдите во кафеаните надвор од Скопје каде најголем дел од АНСУ се движат заради поголема заработка, во текот на истражувањето добивме и сведоштво за постоење на присилна проституција и трговија со луѓе во кафеаните во Гостиварско, и сосема поинаков однос и влијание на газдите, од погоре наведениот.

**СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ:**
***Присилна проституција/трговија со луѓе:***

„Ме продале еднаш. У Гостивар... Не го знам јас него, едно два пути го видев, поише не. Толку го знам. И така се излажив, ај на кафе ќе идеме, да меچести кафе и да збори со мене. – Ајде бе ајде. Кога гледам, со колата ме качи и право у една кафана. Ме остави и си искочи. И ништо поише не збори. – Седи тука, ќе дојдам, у веце идам. И си искочил, ме остаил. И така. Газдата, плачам и му кажувам што е работата, зашто ме донесе овај тука? – Зашто те донесе, тука си продадена. Пошто пред тоа зборував со него, ми платил за тебе...ја му платив за тебе. Многу пари му платив за тебе, ми рече млада девојка, убава ќе ми донесе и заради тоа. Платена си – вика – тука ќе работиш, мора – вика. Јас почнав да плачам, едно – друго.

**Истраж.:** А што требаше да работиш?...
**Инф.:** Што. Се знае све, проституција едно – друго со сила. Сама служи, сама праи, дури и стриптиз ме стаиле да играм. Што никад у мој живот не сум играла тоа, таму ме стаија. И за пари идев секоја вечер, нон – стоп. Имаше као еден хотел горе, негови соби, доле кафана. И други девојки имаше, и секој вечер горе со муштерии.
**Истраж.:** А колку девојки бевте?
**Инф.:** Бевме едно десет, петнаесет....Девојките ме учеа (да игра) неколку дена, па после ме стаиле да играм....Па постари беа (другите девојки). По дваесе, дваес пет, дваес три, дваес два. Ја имав осумнаесе, толку.... Све затворени натре. Имаш јадење, имаш пиење све натре... Од прозорот отворен ако сакаш гледај од прозорот, ако не, седи внатре. Темница, решетки тоа затворено све.... Специјално за девојките решетки. Дознаев ја некое време, ни рекоа - овие се стаени – вика - за вас специјално, за девојките... А таму никаква шанса да бегаш. Цел живот...Бев едно година и пол, бев... Успеав некако да избегам со еден курбан. Се договоривме за у хотел, пеес евра да ми дава, да ме носи у друг хотел, не у тој хотел кајшто работам ја натре. У друг и да ме шета малце и да ме донесе пак... Да. Он се договара со газдата. И го излажав на крај газдата и све, не отидов више таму никад. Откога ме земал мене, ме оставал, ме ставил во автобус, пари ми дал, све, не ни беше со мене ништо и ме остаил право за Скопле. Си дојдев тука и он више не отиде таму кај газдата док ме извлече некако.
**Истраж.:** А таму како се однесуваа со вас?
**Инф.:** Многу лошо. Тепање, едно, друго, све... И тоа тепањето да не ти кажувам. Со крв тепање, све под ноги... Со безбол
**Истраж.:** А после модриците? Муштериите не ги гледаа, не ве прашуваа од што ви се?
**Инф.:** Знаат. Не оставаа да облакаме кратки панталони да не гледат. Панталони, дугачки маици, да не гледат. Инаку пред тоа у кратко седевме сите девојки. Откога сме тепани едно – друго било зошто, во панталони. Да не се гледа, да не прашува. И така не може никој да осети, знаеш. И да те боли нешто мора да седиш, и полека, да не се пушташ да те осети. Ако се пушташ, газдата гледа од таму... Све посматрува, све шо се праи... Ако ја му кажувам на курбанот он иде на газдата се знае со него и све кажува.
**Истраж.:** А тоа курбан, што значи курбан?
**Инф.:** Муштерија...
**Истраж.:** А полиција доаѓаше?

**Инф.:** Идеа, идеа. Да, пијат, јадат, имаше, да. Имаше некои таму. Многу блиски (со газдата), шом идат, јадат, пијат со газдата седат, прават муабет...
**Истраж.:** А некогаш така ноќе наеднаш да влезе многу полиција за да ве спаси?
Инф: Тоа се вика рација ако има. Ама немаше. Да има така сите ќе не собереа. Чекавме ние од секои страни ама немаше ич полиција. Чекавме ние да дојдат полицијата... Само они можеа, никој други. Само цајкани. Ама никако (да дојдат).... Не смеевме да држиме ни телефон, ништо, ништо...
**Истраж.:** А имавте одделни соби, или.?
**Инф.:** Сите у една. Сите.... Се дружевме све заедно, како не. Коа си у лоша работа, ќе се дружиш. Само планираме, праиме, како да праиме, како да бегаме, шо да праиме. Не може. Плачеме сите... Смисливме (план за бегство) ама не успеавме.... Имаше аларми таму на вратата. Една вечер покушавме, коа гледам алармот.... Се симна газдата, ни утепа од ќутек. Ние лажевме. – Кај идете? – У веце идеме. – Не идете у веце бе, толку девојки ли у веце сите да идете? А ние сите искочивме да бегаме. Праивме узбуна, што ќе биде нек биде, знаеш. Нек не утепа али мора да успееме вечер. И ниако не успеавме. Не фати, не крши во тепање и така. Така остана и више се исплашивме.
**Истраж.:** А колку пари плаќаа за тебе?
**Инф.:** По пеес евра. Три илјади денари, две илјади, четири. Зависи. До илјаду и петсто денари даваа... Газдата ги зимаше доле на врата. Ја идев горе чекав, па да дојде (муштеријата)... Откако играм (стриптиз), одма ќе ме бират, горе ќе одам. Откако пак ќе играм на една песна знајш, пак...Секоја песна ме бират...
**Истраж.:** А горе муштериите како се однесуваа со тебе?
**Инф.:** Лошо. Барат од нас и лоши и све. Ќе праиш вака, ќе праиш така, оти ја го знам газдата, ако не праиш ќе му кажам да те тепа. И ја од страв морав нешто поубаво да им прам.... Имаше некои и добри, да. Многу имаше некои добри, ќе жалеа, нема да спијат со тебе, аку ќе плати. Ќе платат ама не спијат. Ќе идат само намерно горе. Ќе седат, ќе зборат, ќе те частат, ќе те праат, а не те пипат ич. Жал имат. Знаат све што ни праат, како, ама не може да помагат. Што да праат...”

### *Групи на врсници кои не се припадници на АНСУ*

Во текот на истражувањето беа реализирани 3 фокус групи и 1 групна дискусија со општа популација млади лица на возраст од 14 до 18 години, со цел да се испитаат нивните знаења, перцепција и ставови кон нивните врсници кои разменуваат сексуални услуги. Една фокус група и една групна дискусија, која произлезе од интервју со АНСУ на кое се приклучија и други лица, се реализираа помеѓу млади Роми во една скопска населба, една фокус група се реализираше во турската заедница во Струмица, а една фокус група со средношколки од Струмица.

Сите учесници во фокус групите имаат сознанија за постоење на АНСУ, дел од нив ги познаваат лично, имаат сознанија за локациите на кои се движат, начините на кои комуницираат со клиентите и посредниците, и тврдат дека истите се препознаваат по облеката, шминката, фризурата и начинот на однесување кога сакаат да привлечат клиенти (AU_MC_ANSU_06).

Сите испитаници се свесни дека АНСУ го кријат и прикриваат своето однесување поради срам и страв од стигма и дискриминација (AU_FN_ANSU_06_II).

Меѓутоа, нивните лични ставови кон АНСУ главно не се дискриминаторски и стигматизирачки. Речиси сите размислуваат во насока дека тоа се лица кои немаат средства за егзистенција, немаат поддршка од родителите, не гледаат други можности во животот, па разменуваат секс за да опстанат, или да се здобијат со одредени нешта кои им се недостапни, спомнувајќи го дури тука и вниманието како добивка (AU_FN_ANSU_06_III).

Ромите во Скопје, главно, гледаат на егзистенцијалната страна на сексуалната размена и ги обвинуваат родителите кои, посредно или непосредно, ги принудуваат децата да се впуштат во сексуална работа, а средношколците во Струмица повеќе размислуваат и коментираат за сексуалната размена од аспект на стигма, дискриминација и несоодветната реакција на релевантните институции (центри за социјална работа, образование, лекари, медиуми, полиција) кои дополнително ја отежнуваат ситуацијата во која се наоѓаат АНСУ (AU_FN_ANSU_06_IV).

Турците во Струмица дури го оправдуваат постоењето на лица кои нудат сексуални услуги поради потребата да ја зачуваат невиноста кај нивните девојки (AU_BM_ANSU_02b).

И самите испитани АНСУ се свесни, односно ја чувствуваат стигмата и дискриминацијата кон лицата кои нудат сексуални услуги и сведочат дека најчесто го кријат своето однесување од страв од родителите, и срам да не бидат обележани од пошироката заедница. Во таа насока, пред родителите лажат за потеклото на парите и подароците кои ги добиваат, а во јавноста често ги менуваат локациите на движење.

## ИНСТИТУЦИИ КОИ НУДАТ УСЛУГИ НА АНСУ

### *Здравствени институции*

Потреба од здравствена услуга во случај на бременост имале 8 испитаници од женски пол (4 за прекин на бременост и 4 за породување). Шест, од вкупно осумте испитаници услугите ги добиле со посредување на невладината организација ХОПС од Скопје. Земајќи во предвид дека 7, од вкупно 21 испитаник, се од машки пол, останува податокот дека 8 (односно 57 %) од 14 испитаници од женски пол, веќе имаат бременост зад себе. Ова, генерално, укажува на нискиот степен на употреба на средства за контрацепција или кондоми.

Тројца испитаници побарале помош за третман на употреба на дрога (двајца со посредување на ХОПС), а тројца се обратиле за третман на психички нарушувања (анорексија/булимија и депресија, анксиозност и неуроза, психоза). Дел од останатите испитаници имаат побарано вообичаени здравствени услуги, како што се настинки, повреди и слично, а дел воопшто не посетиле лекар (AU_MC_ANSU_11_II).

Сите испитани, главно, немаат посебни коментари за односот на здравствените работници и не чувствуваат некој вид стигма од нивна страна, бидејќи веруваат дека тие не се запознаени со нивните активности. Меѓутоа, прават разлика помеѓу приватни и државни здравствени установи, тврдат дека имаат поголема доверба во приватните и веруваат дека таму можат да добијат поквалитетен третман.

Ставовите околу потребата од постоење на специјализирани здравствени сервиси, наменети исклучиво за лица кои разменуваат сексуални услуги, се поделени. Некои мислат дека тоа е добра идеја бидејќи, на таков начин без да се срамат или чувствуваат непријатност, ќе можат да ги добијат информациите или услугите кои им се потребни, а се директно поврзани со нивната работа. Останатите, пак, идејата за посебни сервиси ја гледаат како дискриминаторска и изјавуваат дека не се чувствуваат поразлично од останатите пациенти и не би сакале да бидат одделени (AU_FN_ANSU_01c_II).

### *Институции за социјални грижи*

Истражувањето покажува дека АНСУ не ја сфаќаат улогата на центрите за социјална работа (ЦСР) и дека истите ги поврзуваат само со давање на социјална парична помош. Шест испитаника изјавиле дека нивните семејства се корисници на социјална парична помош, дел од нив потврдуваат дека во таа насока биле посетени од социјален работник дома, но никогаш со истите немаат разговарано за теми надвор од материјалната состојба на семејството.

Само тројца испитаници од Скопје биле во непосреден контакт со ЦСР заради конкретни потреби, но истите воопшто не се задоволни од комуникацијата и резултатите од контактите.

Една испитаничка разговарала со социјален работник повикан од страна на полицијата, кога пријавила лице кое ја продавало за пари. Социјалниот работник ја испрашувал колку време ја продава, како и каде, по што и било кажано, доколку повторно има проблеми со истото лице, слободно да побара помош.

Втората испитаничка побарала помош од ЦСР, по породувањето (на дете болно од парализа) интересирајќи се за можноста за остварување на правото на постојана парична помош, по основа на самохран родител. Меѓутоа, бидејќи немала документи за лична идентификација, во ЦСР била одбиена со образложение дека треба да се врати со соодветната документација (AU_KP_ANSU_07).

Третиот испитаник има пријавено физичко насилство и сексуална злоупотреба од страна на очувот и дека разменува сексуални услуги за да опстане, за да побара заштита и засолниште од страна на ЦСР. Бидејќи случајот не бил соодветно третиран од страна на ЦСР, НВО ХОПС реагирала до сите надлежни институции (Министерство за труд и социјална работа, Народен правобранител, Хелсиншки комитет за човекови права), меѓутоа ниедна институција не успеала да го разреши случајот, притоа доведувајќи до низа стресни и непрофесионални ситуации (АНСУ бил сместен во Институција за воспитно запуштени деца од каде само по 1 час бил избркан, со образложение дека е хомосексуалец, потоа го сместиле во Институција за малолетни деликвенти од каде сам избегал, одредено време престојувал на Клиниката за психијатрија, а во моментов живее сам со пријатели и ги избегнува институциите во кои веќе има изгубено доверба).

Бидејќи Центарот за социјални работи е орган за старателство кој единствено има мандат да работи со деца и млади со нарушено однесување, нарушени семејни односи и слично, од исклучителна важност за студијата беше да се испитаат и начините, како ЦСР доаѓа до информации за малолетни лица кои нудат сексуални услуги, како ги процесира и разработува тие информации, и со кои механизми за заштита и поддршка одговара на истите. За таа цел беа направени посети во ЦСР во Скопје и Струмица, при

што се разговараше за начините и механизмите за работа со АНСУ, и беа доставени писмени барања за добивање на конкретни бројки на регистрираните АНСУ во овие центри.
Притоа се доби информација дека, најчесто, ЦСР пријавите за постоење на АНСУ ги добива од страна на полицијата, обвинителот, родителот или училиштето. Најчесто овие адолесценти биле контактирани по друга основа, а во текот на постапката се добива информација дека истите разменуваат и сексуални услуги. Всушност, најчесто адолесцентите се контактирани од страна на полиција поради одредено кривично дело или асоцијално поведение, при што законски се должни да повикаат ЦСР за првичен разговор со малолетникот. Меѓутоа, во пракса тоа се случува поретко, односно полицијата најпрво го испрашува адолесцентот, без присуство на ЦСР а, дури потоа, повикува само за да се запази законската процедура.

Пред постапката ги испраќаат АНСУ на контрола на Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, а мерки кои се преземаат во текот на постапка се: постапка против родителите за запуштање на децата, нивна мотивација и семејна терапија. Најчесто изречена мерка од страна на ЦСР и судот, во вакви ситуации, е засилен надзор од родителите или од органот за старателство. Доколку родителите повторно не се грижат за децата и, при контрола, се утврди дека кај адолесцентот нема напредок, истиот се сместува во институција. ЦСР нема никаква ингеренција кон судот, освен давање мислење при донесувањето одлуки. Од ЦСР изјавија дека многу ретко, речиси никогаш, се случува да контактираат АНСУ по друга основа освен по полициска постапка за кривично дело или асоцијално поведение. За контрола на спроведувањето на изречената мерка од страна на судот, задолжена е полицијата (TB_MC_ANSU_11_III).

Добивме информација дека во ЦСР во Струмица не водат посебен регистар за АНСУ, но дека во текот на работата се среќаваат со такви случаи. Најчесто се случува малолетно лице да побегне од дома, по што родителите почнуваат истрага и на тој начин започнува соработката со полицијата и ЦСР. По пронаоѓањето, надлежните од полицијата заедно со службено лице од ЦСР, малолетникот го враќаат дома. Потоа, првиот контакт го прави социјалниот работник, а потоа се вклучуваат и останатите стручни лица од тимот. Се прави интервју, се работи на проценка на личноста на малолетното лице и неговото семејство, се бараат потенцијали во семејството за подобрување на состојбата. Се користат тестови за проценка на личноста, се прави генограм за семејството, се утврдуваат односите и релациите во семејството, нивни воспитни стилови, авторитети и се прави план и програма за следење на случајот. И тука се потврдува констатацијата дека, најчесто, евидентирањето на АНСУ е во текот на постапката покрената по друга основа, а не поради сексуална размена (TB_MN_ANSU_03b).

По основа на доставените барања за број на регистрирани АНСУ во центрите во Скопје и Струмица, од скопскиот ЦСР беше добиено известување дека во нивните служби се регистрирани 8 АНСУ (не е наведено за колкав период), додека од Струмица сè уште не е пристигнат одговор.

ЦСР кои се вклучени во истражувањето не реализираат никакви проекти или програми за работа со АНСУ и КСР низ кои би имале директни контакти со овие целни групи, притоа работејќи на применети активности (едукации, делење промотивен материјал, делење заштитни средства, посредување во правни и др. вид постапки ).

### *Невладини организации*
Најголем дел од испитаниците ги познаваат невладините организации кои работат со лица под зголемен ризик од ХИВ/СИДА, а тоа се НВО ХОПС од Скопје и НВО Избор од Струмица.

Сите испитаници во одредена мерка се запознаени со услугите кои можат да ги добијат во овие организации (информации, кондоми, печатени материјали, советување и тестирање, помош за добивање на лични документи и здравствено осигурување, гинеколошки прегледи, упатувања и препраќање и слично), и изразуваат задоволство од комуникацијата со истите. За најголем дел од нив, овие организации се единствените места каде можат отворено и искрено да позборуваат за прашања кои им се важни, да добијат помош и поддршка без да бидат осудувани (AU_KP_ANSU_08_II).
За активностите на невладините организации испитаниците дознаваат од теренските работници кои ги среќаваат, и од пријатели и познаници (AU_FN_ANSU_03_II).

За останати невладини организации кои работат во нивните локални заедници, испитаниците главно немаат информации. Еден испитаник од Скопје изјавил дека побарал помош од ромска невладина организација во врска со добивање лични документи, но не бил задоволен од услугата што ја добил (AU_MC_ANSU_14n).

Со цел да видиме како, невладините организации кои работат на младинските прашања, правата, помошта и поддршката на децата, ги среќаваат и поддржуваат АНСУ, ја контактиравме Првата детска амбасада на светот – Меѓаши и нивната СОС линија за помош на млади, под претпоставка дека АНСУ можеби се

јавуваат на вакви СОС линии. Се покажа дека на телефонската линија воопшто нема јавувања од АНСУ, и дека единствените 3 случаи се резултат на пријави или воочувања од трети лица. Притоа биле преземени следниве акции:

**За првиот случај пријавен кај нив:**

- » Пријавување од страна на педагог за сомнение дека ученичка од осмо одделение е принудена на сексуална работа.
- » Случајот бил пријавен со допис до ЦСР и МВР.
- » Немаат повратни информации за случајот.

**За вториот случај пријавен кај нив:**

- » Учител од основно училиште во Гевгелија подведува 5 осмооделенки на сексуална работа
- » Пријавено од страна на соседи.
- » Случајот е во тек (бил пријавен пред еден месец).
- » СОС линијата го пријавила до ЦСР - Гевгелија и до МВР.
- » Од денот на пријавување до денес, МВР нема преземено ништо и, дури откако од страна на линијата била предложено да отидат во Гевгелија и да видат за што се работи, надлежните од МВР рекле дека ќе почнат да го испитуваат случајот.
- » Од страна на линијата ни беше речено дека во текот на оваа недела ќе отидат до Гевгелија и ќе се обидат да дознаат нешто повеќе околу случајот.

**За третиот случај кој што бил пријавен кај нив:**

- » Овој случај не бил конкретно пријавен на СОС-линијата туку бил воочен на детските креативни работилници во Меѓаши.
- » Сомнението дека тринаесетгодишното девојче нуди сексуални услуги потекнува од тоа што девојчето наеднаш почнало да се шминка, да се облекува провокативно а, потекнува од скромно и дисфункционално семејство.
- » Според разговорите, се сомнева и педагошко-психолошката служба во училиштето каде учи девојчето, но никој не се осмелува да преземе нешто за тој проблем (TB_MC_ANSU_08)

### *Полиција*

Контакти со полицијата пријавиле сите испитаници. Најголем дел од контактите не се поврзани со сексуалната размена туку со вообичаени легитимирања, приведувања заради учество или присуство во тепачки и кражби. Меѓутоа контактите на шестмина испитаници со полицијата се директно поврзани со сексуалната размена, а еден испитаник бил приведен заради овозможување на употреба на дрога.

Од шесте наведени испитаници, од страна на родителите, двајца биле пријавени во полицијата како исчезнати (во период кога истите биле присилувани на сексуална размена од трети лица), а тројца сами пријавиле случај на сексуална злоупотреба и еклпоатација од страна на семејство или трети лица. Тројца од наведените испитаници кои работат на улица биле „фаќани на дело", односно приведувани заради „оддавање на проституција" (според чл. 27 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир на Македонија).

Иако станува збор за малолетни лица, во ниту еден случај не е повикан социјален работник, ниту е поведена дополнителна постапка пред органите за социјална заштита, освен редовните полициски процедури.

Исто така, иако главно не се задоволни од односот на полицијата кон нив, и истиот го објаснуваат како ладен, некоректен, или „изазивачки" со цел да изнудат информации од нив, ниту еден испитаник не пријавил физичко малтретирање од страна на полицајци - најверојатно поради видот на случаите во кои дошле во контакт со полиција т.е ситни прекршоци или редовни контроли.
Испитаникот кој бил приведен заради овозможување употреба на дрога го објаснува односот на полицијата кон семејството на приведениот (AU_FN_ANSU_02p_II).

Сите испитаници во текот на истражувањето изјавуваат дека полицијата не користи сексуални услуги од нив, или доколку користат, во „цивилка", регуларно си ја плаќаат услугата, меѓутоа тој податок не се совпаѓа со податоците добиени од страна на теренските работници кои секојдневно работат со лицата кои разменуваат сексуални услуги.

## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА ВО КОРЕЛАЦИЈА СО РИЗИЧНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА АНСУ

Вршењето, односно „оддавањето на проституција", во законската регулатива на Македонија претставува прекршок против јавниот ред и мир (чл. 27 од Законот за прекршување на јавниот ред и мир на Македонија, последни измени во 1984), додека, одредени, други дејствија поврзани со проституцијата (подведување, наведување, поттикнување, остварување заработувачка преку овоможување на добивање на сексуална услуга) се третираат и казнуваат како кривични дела (чл. 191, Кривичен закон на Македонија, 1996).

Испитаниците од Скопје воопшто немаат познавања за законската регулатива поврзана со „проституцијата", не ги познаваат своите права или обврски пред законот, ниту имат размислувано за тоа.

Сите знаат дека станува збор за недозволена активност и дека можат да одат во затвор или во дом. Претпоставуваат дека има разлика во законот за млади под 18 годишна возраст и повозрасни, но не знаат да објаснат во што е разликата. Дел дури претпоставуваат дека *„Ако е пример помалечка, пример, тоа знаеш не смее тоа тогаш законот фаќа ако е поголема пример повозрасна тогаш не"* (AU_MC_ANSU_11).

Испитаниците од Струмица вклучени во образовиот систем, имаат поголемо познавање и свесност за сопствените права, за дискриминацијата, а дел од нив дискутираат и за потребата од легализација на сексуалната работа (AU_FN_ANSU_01c_III).

# АДОЛЕСЦЕНТИ КОИ ИНЈЕКТИРААТ ДРОГИ (АИД)

# АДОЛЕСЦЕНТИ КОИ ИНЈЕКТИРААТ ДРОГИ (АИД)

## ВОВЕД

Терминот *лица кои инјектираат дроги (ЛИД)* се однесува на сите луѓе кои дрогите ги администрираат со инјектирање, повремено или постојано. Но, овде треба да се има предвид дека инјектирањето не е секогаш единствен начин на кој ЛИД ги употребуваат дрогите. ЛИД се специфична подгрупа од општата група лица кои користат дроги (ЛКД). Аналогно на тоа, во рамките на ЛИД, исто како и за ЛКД, може да се идентификуваат дополнителни подгрупи според пол, возраст, етничка припадност, општествен и образовен статус, како и според други критериуми кои ја истакнуваат специфичноста на одредена подгрупа, во однос на останатите ЛИД.

Специфична група ЛИД се адолесцентите кои инјектираат дроги (АИД). АИД се карактеризираат со високоризични навики при употребата на дроги, високоризично сексуално однесување и релативна невидливост, како за пошироката општествена заедница, така и за останатите ЛКД. Ваквата сокриеност ги прави тешко достапни за постоечките институции кои нудат услуги за ЛКД со што се зголемува нивната ранливост во однос на ХИВ/СИДА и други крвно и сексуално преносливи инфекции. Посебен фактор кој влијае на ранливоста на ЛИД е постоечката законска регулатива со која се ограничуваат можностите за спроведување интервенции со кои ќе им се заштити здравјето и ќе им се намали ранливоста.

## ОПШТИ ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА АИД

При истражувањето посебно внимание беше посветено на доследно реализирање на утврдената методологија за избор на истражувачки примерок на АИД, придржувајќи се притоа до критериумите за вклопување на главната категорија испитаници во рамките на првата возрасна граница на АИД, од 13 до 18 години. Главната намера беше да се опфати поширок примерок преку кој ќе може да се добие појасна претстава за карактеристиките на АИД, општествениот контекст во кој егзистираат и ризичните фактори во однос на ХИВ/СИДА/СПИ.

АИД од 13-19 годишна возраст, од Скопје, Куманово и Гостивар беше приоритетна група во ова истражување, при што се опфатени 18 испитаници на возраст од 17 - 19 години (54,55%), а двајца (6,06%) се на седумнаесетгодишна возраст. Заради тешката достапност до АИД, кон оваа возраст беше приклучена дополнителна група АИД на возраст од 19-22 години, од која се опфатени 15 испитаници (45,45%). Возрасната структура на испитаниците по градови е прикажана на следните табели.

***Возрасна структура на интервјуираните АИД.***

| Возраст | Скопје | Куманово | Гостивар | Вкупно по возраст |
|---|---|---|---|---|
| | **Број** | **Број** | **Број** | **Број** |
| 22 | 4 | 0 | 1 | 5 |
| 21 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| 20 | 4 | 1 | 3 | 8 |
| 20 | 4 | 2 | 3 | 9 |
| 19 | 3 | 2 | 2 | 7 |
| 18 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **17** | **7** | **9** | **33** |

Сите испитаници инјектираат дроги со другари/ки и/или познаваат други АИД кои се на приближно иста возраст и помлади, што ги потврдува претпоставките за постоење на поголем број АИД, вклучувајќи ги овде и помладите од 18 години (AU_SD_AID_001.doc).

Со истражувањето се опфатени 9 (27,27%) женски, од вкупно 33 испитаници, а според изјавите на испитаниците има многу женски АИД, но сепак во помал број од машките (AU_IS_AID_001.doc).

***Полова структура на интервјуираните АИД.***

| Пол | Скопје | Куманово | Гостивар | Вкупно по пол |
|---|---|---|---|---|
| | Број | Број | Број | Број |
| Машки | 15 | 3 | 6 | 24 |
| Женски | 2 | 4 | 3 | 9 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **17** | **7** | **9** | **33** |

Со истражувањето беа опфатени АИД, декларирани како Македонци, Албанци и Роми, но податоците од истражувањето потврдуваат дека АИД се среќаваат во сите етнички заедници на територијата на Македонија, иако е тешко да се зборува за нивната процентуална застапеност (AU_KP_AID_008.doc).

***Етничка структура на интервјуираните АИД.***

| Етничка припадност | Скопје | Куманово | Гостивар | Вкупно по етничка припадност |
|---|---|---|---|---|
| | Број | Број | Број | Број |
| Македонци | 10 | 7 | 7 | 24 |
| Албанци | 4 | 0 | 2 | 6 |
| Роми | 3 | 0 | 0 | 3 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **17** | **7** | **9** | **33** |

Најголемиот број од испитаниците, 24 (69,70%) се христијани, од кои 22 (66,67%) се православни и 1 (3,03%) е протестант, додека 9 испитаници (27,27%) се муслимани. Само 1 (3,03%) испитаник не се изјаснил за сопствената вероисповест.

***Верска структура на интервјуираните АИД.***

| Религиозна припадност | Скопје | Куманово | Гостивар | Вкупно по верска припадност |
|---|---|---|---|---|
| | Број | Број | Број | Број |
| Христијани православни | 9 | 6 | 7 | 22 |
| Христијани протестанти | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Муслимани | 7 | 0 | 2 | 9 |
| Непознато | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **17** | **7** | **9** | **33** |

Основно образование имаат завршено 30 (90,91%) испитаници, а од нив 3 (9,09%) се студенти, 17 (51,51%) завршиле средно, 6 (19,35%) се средношколци, а 4 (12,12%) го прекинале школувањето во текот на средношколскиот период, што кај еден испитаник се поврзува директно со употребата на дроги и ставот на наставниот кадар кон употребата на дроги (AU_KP_AID_001.doc).

Останатите 3 (9,09%) испитаници немаат завршено основно образование, од кои 1 (3,03%) има завршено само прво одделение.

Повеќето АИД живеат со своите родители, а поретко со еден од родителите или старател и со браќа и/или сестри. Најбројни се четиричлените семејства (б = 11, 33,33%), само 1 (3,03%) испитаник живее сам, а 1 (3,03%) испитаник е бездомник од Гостивар згрижен во ЈЗО Психијатриската болница „Скопје", Скопје,

која во зимскиот период прифаќа неколку бездомни лица кои се лекуваат со супституциона терапија[13]. Само 2 (6,06%) испитаници се во брак, а 1 (3,03%) испитаник изјавил дека е разведен.

Според податоците добиени од истражувањето може да се заклучи дека социјалниот статус и класната припадност не претставуваат услов за избор на дрога и начин на кој дрогата ќе се употребува. Испитаниците опфатени со истражувањето потекнуваат од различни типови семејства, почнувајќи од родители кои своите деца дури и ги експлоатираат заради материјална добивка до семејства во кои родителите раководат со сопствени претпријатија и заработуваат повеќе од просечна плата и од основата за задоволување на тековните животни потреби во Македонија, дефинирани од Државниот завод за статистика.
Здравствено осигурување користат 23 (69,70%) испитаници, 8 (24,24%) испитаници немаат здравствено осигурување и 2 (6,06%) испитаници не одговориле на прашањето. Осигурувањето го користат преку родителите заради тоа што сè уште се ученици или се пријавени преку Агенција за вработување на Македонија како невработени лица, вклучувајќи ги и оние кои работат, но непријавени и без платени придонеси.

Експериментирањето со droги почнува најчесто пред полнолетството, односно на возраст помала од 18 години (б=31, 93,94%), најчесто со употреба на полесни дроги, како марихуана или бензодиазепини, а потоа се преминува на потешки дроги, вклучувајќи ги опијатите и опиоидите (Ончева 2003; УНИЦЕФ 2002: 82-84, 100-101; СЗО/УНОДС/УНАИДС 2006: 5). Но постојат и лица кои почнуваат веднаш да инјектираат хероин. Кај повеќето испитаници (б=24, 72,73%) почетната возраст за инјектирање дроги е пониска од 18 години, 6-мина (18,18%) почнале да инјектираат на 18 годишна возраст, 3 (9,09%) на 20, односно 21 година. Почетната возраст за употреба на дроги и почетната возраст за инјектирање на дроги е прикажана во следните табели.

***Структура на интервјуираните АИД според возраста кога прв пат употребиле дрога.***

| Возраст | Скопје | Куманово | Гостивар | Вкупно по членови |
|---|---|---|---|---|
| **Возраст** | **Број** | **Број** | **Број** | **Број** |
| 10 години | 1 | 0 | 0 | 1 |
| 11 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 години | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 13 години | 3 | 1 | 2 | 6 |
| 14 години | 1 | 2 | 1 | 4 |
| 15 години | 5 | 2 | 2 | 9 |
| 16 години | 4 | 1 | 2 | 7 |
| 17 години | 2 | 1 | 0 | 3 |
| 18 години | 1 | 0 | 1 | 2 |
| 19 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **17** | **7** | **9** | **33** |

[13] Згрижувањето на бездомните лица кои примаат супституциона терапија со метадон не е надлежност на ЈЗО Психијатриската болница „Скопје", но во недостаток на соодветни програми се прави компромис за згрижување на своите пациенти барем во зимскиот период.

***Структура на интервјуираните АИД според возраста кога прв пат инјектирале дрога.***

| Возраст | Скопје | Куманово | Гостивар | Вкупно по членови |
|---|---|---|---|---|
| | | Број | Број | Број |
| 10 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13 години | 1 | 0 | 0 | 1 |
| 14 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 години | 2 | 2 | 2 | 6 |
| 16 години | 5 | 1 | 2 | 8 |
| 17 години | 3 | 3 | 3 | 9 |
| 18 години | 4 | 1 | 1 | 6 |
| 19 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 години | 1 | 0 | 0 | 1 |
| 21 години | 1 | 0 | 1 | 2 |
| **ВКУПНО ПО ГРАДОВИ** | **17** | **7** | **9** | **33** |

## ОПИС НА СЦЕНАТА

Дрогите за инјектирање се многу достапни и можат да се купат на повеќе локации во градовите, а кога се јавува недостаток од дрога во градовите се патува до села во околината на Скопје или во соседните градови. Локациите на кои се продаваат дроги за инјектирање се опишуваат како дискретни, сокриени од дофатот на полицијата и другите граѓани, но познати и достапни за адолесцентите кои употребуваат дроги, што особено се олеснува со масовната употреба на мобилните телефони (AU_RJ_AID_001.doc).

Локациите на кои се инјектираат дрогите се, исто така, дискретни и сокриени од дофатот на полицијата и другите граѓани. Доколку родителите не се дома дрогата се инјектира во сопствениот или во домот на другар, а во спротивно се избира било која дискретна локација како напуштени објекти, подруми, автомобил, парк, домот на дилерот. Во случаите кога апстиненцијалната криза е посилна од стравот од препознавање и полициска интервенција, не се избира многу, и дрогата се инјектира на отворен простор, улица, во училишен двор, игралиште и сл., независно од периодот на денот.

> „...можеби кај некого дома, кај што нема никој, едноставно или..., одиме на некои места кај што е напуштено, запуштени места, некакви куќи, недоградени или такви работи."

> „У чаршију се сретнемо, се најдемо било куде и идемо после тражимо... У чаршију, било куде, на улицу." (AU_RJ_AID_001.doc)

### Отворена сцена не постои никаде во Македонија.

Во постојаниот страв од полицијата или од можноста да бидат препознаени од минувачите, АИД постојано ги менуваат местата на кои инјектираат дроги, што ги прави уште потешко достапни за програмите за намалување на штети (AU_AS_AID_003).

Повеќето испитаници изразуваат желба и потреба за постоење легални места на кои слободно и безбедно ќе може да се инјектираат дроги, дискретни и без полициско малтретирање, каде ќе добиваат стерилен прибор за инјектирање, совети и неопходна медицинска нега и социјални услуги.

> „Да би било добро да има на пример едно место за као шо е на пример као фришоп. Да има место легализирано место каде што обожаватели на марихуана да си конзумираат. И ја мислам дека од безбедносни причини е подобро да има за ињектирање посебно некој простор каде ќе доаѓаат и ќе се ињектираат, пошто вака и по влезови боцкање. Се остава шприцот, тука у влез, ќе се фрли кукер, такви ствари и така да е ризично, ќе искочат мали деца, ќе згази на иглата ќе се повреди ќе направ нешто. Така да, од безбедносни причини е подобро така да подобро е да се отвори некој таков центар легализиран. За едноставно да нема толку тензии, да едноставоно знаеш ако више конзумираш таа дрога имаш каде и како." (AU_KP_AID_003)

„Мислам дека треба. Зашто на секаде има..., мислам, мене не ми се допаѓа тоа, има многу болести. Ммм..., можеш да најдеш шприц каде сакаш у Скопјево. Исто игла, може да се набодеш едноставно. Мислам дека треба. Ако више тоа, нека им дадат еден простор, нека се дрогирааат. Ако сакаат, ако си го избрале тој живот, нека се дрогираат. Само да не стане..., да не им прават на..., другите проблеми. Зашто да..., ако они се уништуваат, нека не уништуваат..., туѓи животи." (AU_KP_AID_006)

„Барем ќе има некоја контрола разбираш.Нема да се фрла насекаде секаде и сешто нема да се фрла низ градов. Не дај боже да се боцне некој од таа работа само хепатит. Може да закачи сида некоја. Затоа подобро да биде означено тоа место али анонимно излегувањето да биде, неголи низ цел град да се прај карма кашара." (AU_SD_AID_002)

„Па, да. Би сакала. Би сакала. Така би било многу подобро за сите. Тогаш значи, нели ние што користиме дроги, не би..., ете, би знаеле..., дека таму ни е (нејасно), дека таму можеме да ги правиме тие работи. И да не одиме..., кај што има..., народ, кај што може некој да не види, кај... Сепак тоа е неубава глетка. А, кога би постоеле такви места, би знале дека..., тоа место е за мене, таквите како нас и мислам дека многу подобро би било, да." (AU_PP_AID_004.doc)

## ИНДИВИДУАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ВЛИЈАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ВРЗ РИЗИКОТ ОД ХИВ/СИДА/СПИ ПОМЕЃУ АИД

### Краток опис на едно вообичаено секојдневие

Вообичаеното утринско будење зависи од дневните обврски на испитаниците, но и од потребата за дроги, односно од должината на траење на претходно земената доза. Повеќето се без обврски, со исклучок на учениците и оние кои работат, но и вработените испитаници подоцна почнуваат со работните обврски па, доколку немаат апстиненцијална криза, си дозволуваат да спијат подолго време. Најголем дел од нив се будат во подоцнежните утрински часови, а неколку испитаници го преспиваат речиси цел ден и се будат во попладневните часови. По будењето, ако немаат потреба за дрога, се расонуваат со кафе, телевизија и/или слушаат музика и договараат средба со другарите. Дружењето е претежно во кругот на друштвото со кое употребуваат дроги, но се дружат и со врсници кои не употребуваат или барем не инјектираат дроги.

Дроги се употребуваат/инјектираат пред поаѓање на училиште/работа и/или во текот на часовите/работното време за да се избегне потенцијалната апстиненцијална криза и да се задржи вниманието на работните обврски. Треба да се земе предвид дека употребата на дроги не мора да претставуваа пречка за школувањето, особено што во претходниот текст е објаснето дека повеќето испитаници имаат завршено средно образование и покрај тоа што употребувале дроги во текот на школувањето.
Се забележува склоност кон криминални дела кои не се поврзани со дроги, а се направени под дејство на дроги, но тоа не е правило, туку повеќе индивидуална склоност или принуденост да се обезбедат средства за следната доза. Во поедини случаи се работи за прифаќање на однесувањето на друштвото кое, обидувајќи се да обезбеди средства за дрога, има опасност да се вовлече во потешки криминални дела и судир со законот.

Промените во вообичаеното однесување, а поврзани со животниот стил заради употребата на дроги, стануваат забележливи во семејството, се зголемуваат сомнежите кај родителите, што доведува до семејни расправии и игнорирање на родителските забелешки. Во семејствата каде проблемот е веќе познат, најчесто се става во прашање довербата кон сопственото дете кое употребува дроги (AU_KP_AID_004_ops).

### Навики поврзани со инјектирање на дрогите

Според испитаниците, најчесто користени дроги во Македонија се марихуана и хероин (б=33, 100%), се употребуваат и метадон, екстази и тродон/трамадол, а поретко кокаин и ЛСД. Често се употребуваат и бензодиазепините, но во набројувањето ги споменуваат дури по потсетувањето, што остава впечаток дека не ги сметаат за дрога, веројатно затоа што најчесто го инјектираат во комбинација со хероин или метадон. Најчесто се инјектира хероин (б=33, 100%) и поретко се споменува метадон, а честотата на инјектирање зависи од финансиската моќ, индивидуалните потреби и од долготрајноста на искуството со инјектирање. Се инјектира од неколку пати неделно до пет-шест пати на ден, односно „...зависи како ќе се снајдеш со пари, така конзумираш„ (AU_PP_AID_002.doc), а се случува во ист ден да се употребуваат две и повеќе различни видови дроги, истовремено или последователно (AU_IS_AID_002.doc).

Првата активност на АИД, по излегувањето од дома, доколку тоа не го регулирале претходно, е набавката и инјектирањето дрога, а потоа продолжуваат со вообичаените секојдневни активности како дружење, забава или опуштање во домашна атмосфера. Недостатокот на финансии некогаш ги наведува на кражби, измами, размена на сексуални услуги, препродажба или посредување при набавка на droги. Дел од АИД немаат директен контакт со дилер и, дрога набавуваат преку посредници, интимен партнер, другар, а постојат индивидуални случаи кога метадон се набавува од аптека со фалсификувани или нелегално издадени рецепти.

„Од лица што..., продаваат. Што користат. Еве на..., собираме пари. Или тие пари едноставно ја што сум ги зела, што сум ги набавила, како..., се знае више како. Ги давам на некое лице што користи, исто од друштвото мое и..., и ми набавува." (AU_PP_AID_003)

„Па, да. Ако се снајдев или... Или купиш метадон..., или..., купиш..., рецепту... Што ја знам. Или да (нејасно) с'с њега, он да земе од аптеку или на моје име ако зему од доктора, мада тој потешко у задње време, да ми напише доктор рецепту. И да купу од аптеку." (AU_RJ_AID_001)

„Па..., што знам... Од свугде можеш да најдеш, од некои људе. Знаемо ги тија што се хероинаши, од њима зимамо. А, они немам појма, од некоју аптеку..., а и плус на едно девојче мајка ву, у аптеку работи. И она исто, зима од тамо, мајка ву му донаса." (AU_SA_AID_005)

„Добро пак сакам да кажам или си кнап со пари или си давал кај дилерот си без пари доаѓаш тука зимаш чисто стерилно све. За да не дојде до ситуација да мораш да бидеш принуден поради кризи да земеш да се боцнеш со друга игла, од некој друг, со друг шприц и такви ред работи." (AU_KP_AID_003)

„Да еднаш ми се има случено само (да земе туѓ прибор, н.з.), и од тогаш закачив хепатит Ц ... Со иста игла." (AU_SD_AID_002)

„Не што сум ја нашол, али едно два-три пати ми се случило, а..., пред неколку време..., пред да дојдеме во вашата организација, отпос..., после тоа, кога слушнавме дека се даваат такви препарати, тогаш, од тогаш више не сум употребувал. Али ми се случило два, три, па и четири пати од дрога ...една инекција и..., и сме ја употребиле заедно." (AU_PP_AID_001)

„Па, зависи. Некад... К'д се нема. К'д се нема, да... Најчесто... Зависи. Некад и..., пушимо гу, некад..., зависи, како можемо и у криза ако не фати. На пример гледамо што побрзо да га завршимо, така да не гледамо како смо га тој направил, како смо га спремиле, најбитно е да се задоволимо што се вика... Така да зависи од ситуацију, од време." (AU_SA_AID_001)
„Да. Некад само... Еднаш ми се има случено... да..., да земам од туѓи... Од другар земав... Не, ми кажа дека има хепатит, а..., а у Државна му викале дека има хепатит, а у МАНУ му викале дека нема хепатит... Ама го исчиствиме." (AU_SD_AID_001)

Прибор за инјектирање на дрогите се набавува од аптека или од програма за размена на прибор за инјектирање, но постои практика да се употребува и туѓ, веќе употребен, со што се зголемува ризикот за пренесување на ХИВ, хепатитис Б и Ц и други КСПИ. Практиката за употреба на туѓ, претходно употребен прибор за инјектирање постои и покрај сознанијата за потенцијалните штети, дури и покрај сознанието дека лицето од кое се позајмува приборот најверојатно има некоја инфекција, но потребата да се инјектира дрогата е посилна од стравот од последиците (AU_SA_AID_005).

Инјектирањето droги е главна причина која ги поврзува АИД, го поттикнува нивното дружење и во ситуации кои не се директно поврзани со дрогите, а со тоа се издвојуваат од останатите врсници. Вообичаено, инјектирањето во друштво од двајца или повеќе АИД подразбира создавање модели на однесување, како во меѓусебната комуникација, така и кон начинот на подготовка и инјектирање на дрогата. Моделите на однесување и начинот на комуникација најчесто се темелат на дезинформации и/или нецелосни информации што влијаат на формирањето ставови кои водат кон ризичното однесување. Подготовката на дрогата најчесто се врши во заеднички сад за подготовка т.н. „кукер"[14], што претставува потенцијален ризик за пренесување на ХИВ, хепатитис Б и Ц и други КСПИ, особено доколку кукерот претходно бил употребуван од други ЛИД и/или заради начинот на кој се дели подготвената доза. (AU_PP_AID_004.doc)

[14] Кукер подразбира сад во кој хероинот се подготвува со загревање, помешан со вода и лимонтус или витамин Ц, при што компонентите се раствораат и меѓусебно се мешаат. Како кукер може да се искористи лажица или да се импровизира од метално капаче, дно од лименка и сл., а некои програми за размена на прибор за инјектирање дистрибуираат кукери специјално направени за ваква намена.

Подготвената дрога се дели на повеќе начини, зависно од меѓусебните односи, но најкарактеристични и потенцијално ризични се :

- Извлекување на подготвената дрога директно од кукерот, секој со свој шприц, каде е присутен ризикот од пренесување ХИВ, хепатит и други КСПИ, при контактот на иглата или шприцот со кукерот, но и при евентуално допирање на различните игли или шприцови во ситуација кога не се стерилни.
- „Предно полнење" (front loading) е начин на делење кога со еден шприц, со или без игла" се извлекува дрогата од кукерот, се мери количината и потоа реципрочно се преточува, вметнувајќи ја иглата од полниот шприц во излезниот отвор на шприцот во кој се преточува. Во овој случај доволно е само еден дел од приборот да биде контаминиран за да го загрози здравјето на присутните.
- „Задно полнење" (back loading) е случај во кој дрогата се полни во еден шприц од кој потоа се преточува во останатите шприцови низ отворот за клип на шприцот во кој се преточува. Овој начин на делење е покарактеристичен за делење на метадон, заради неговата густина, но постои висок ризик заради можноста полниот шприц да биде контаминиран.
- Најризичен начин за делење на дрогата е кога полниот шприц се користи последователно пренесувајќи се од корисник на корисник при што секој инјектира по еден договорен дел од заедничката дрога. Ризикот при овој начин на инјектирање е неизбежен заради мешањето на крвта уште при првото инјектирање.

Приборот за подготовка и инјектирање на дрогите се фрла, многу често без да се внимава на правилното и безбедното отстранување, создавајќи на тој начин ризик за потенцијално пренесување на ХИВ, хепатит Б и Ц и други КПИ меѓу луѓето кои немаат директен контакт со дроги. Единствена наведена причина за ваквото однесување е стравот да не бидат откриени од родителите (TB_NN_AID_005).

## Однесување во криза

Кај лицата кои веќе имаат развиено зависност од опијати/опиоиди, со прекинување на редовната употреба на овие супстанции, се јавуваат симптоми на апстиненцијална криза кои се идентификуваат како „ринореја (течење на носот), лакримација (обилно солзење), болки во мускулите, студенило, наежување на кожата и по 24-48 часа се јавуваат грчеви во мускулите и стомакот", но потребата за дроги останува и по стишувањето на овие симптоми (World Health Organization, 1994: withdrawal syndrome). Појавата на овие симптоми зависи од индивидуалната толеранција кон дрогата која се употребува, а која во случајот со опијатите/опиоидите постојано се зголемува и создава потреба за внесување на поголеми количини во пократки временски интервали (Schaffer Library of Drug Policy; World Health Organization, 1994: tolerance).
Сите испитаници изјавуваат дека, кога ќе помине дејството на дрогата која ја употребуваат (најчесто хероин или метадон) ги чувствуваат претходно опишаните симптоми. Во такви случаи приоритетно е да се земе нова доза дрога или барем привремено да се смири кризата со употреба на седативи, аналгетици и слични лекарства кои ја ублажуваат кризата додека не се набави хероин или метадон.

Карактеристично е што инјектирањето на дрогите се поврзува и со една друга појава која ја нарекуваат „игломанија", што се објаснува како зависност од игла или од инјектирање. Тоа е една од причините зошто повторно се решаваат да инјектираат дроги, а во ситуациите кога немаат дрога инјектираат вода или некоја друга течност само за да го доловат чувството на инјектирање (TB_KP_AID_004.doc).

## Сексуално однесување

Сексот под дејство на дрога претставува вообичаена работа меѓу испитаниците опфатени со истражувањето. И покрај афирмативните одговори за редовна употреба на кондом, се забележува дека тоа не е практика, особено доколку се работи за постојан интимен партнер. Се среќаваат различни ставови за влијанието на дрогата која се рефлектира врз сексуалното однесување и свесноста на лицето кое ја инјектирало дрогата. На одредени испитаници воопшто не им е важно дали употребуваат кондом, додека еден испитаник објаснува дека хероинот не ја поматува свеста.

> „Ми се случило..., користам, ама и..., често пати ми се случило да не користам. Да немам ја или..., човекот со кого имам односи... Па, и во тие моменти не е битно дали има кондом или нема кондом." (AU_PP_AID_004.doc)

> „Да, користам. Да објаснам сакам, значи, кога си под дејство на дрога не го губиш разумот и не си како кога си пијан. Значи вие сте свесен сега само што имате некоја поспаност, чуствувате, а свесен сте за се. Свесен сте за тоа што го правите. Така да и кога имам секс, користам кондом." (AU_AS_AID_001.doc)

Секс со повеќе партнери истовремено претставува ретка појава и им се случува само на малкумина, но наведените примери од истражувањето покажуваат дека таквите практики се случуваат под дејство на дрога.

**Студија на случај**
**(AU_SA_AID_001)**

Ева[15] има седумнаесет години и живее со своите родители и постариот брат кој во периодот кога е правено интервјуто беше на издржување затворска казна поради трговија со дроги. Правото на школување го изгубила затоа што две години ја повторувала првата година од средното училиште. Татко ѝ е отпуштен од работа заради прекумерна употреба на алкохол, а воопшто не знае што работи мајка ѝ. Нема здравствено осигурување, а паричната социјална помош која ја примале им е укината, но се сомнева дека можеби мајка ѝ ги зема парите и не ги споделува со другите домашни.

Ева воопшто не е задоволна од односите во своето семејство, ниту од нивната материјална состојба во која, според описот немаат ниту основни апарати во домаќинство кои ги има секое просечно современо семејство.

Првото сексуално искуство Ева го имала некаде на 14-годишна возраст, принудена од мајка ѝ да му овозможи сексуални услуги на нејзиниот шеф.

> „...натерена беше на тој и мораше да га прифату... Мајка ми. Па..., она тамо што работеше у едну фабрику и... шефа да ву даде поголему плату, да ву даде ја да иду с'с њега, и такој... немам што. Како можу да реагирам. Ја нeќеше спротивставуваше се, али не можу. ...ако сакаш овој, ако сакаш оној, а д'к мораш тој да га правиш, мораш...”

Сексуалните односи со шефот на мајка ѝ продолжуваат и во иднина, а употребата на кондом зависи од неговото расположение. Ева знае дека сексот без кондом претставува ризик за пренесување на ХИВ и други СПИ, но нема сила да се спротивстави.

Ева сега има момче кој ѝ е постојан интимен партнер, но продолжува да разменува сексуални услуги за да дојде до droги. Дрогите почнала да ги употребува со својот брат, но бидејќи тој е во затвор сега тоа го прави со своето момче. Кога инјектира дроги со момчето воопшто не внимава на употребата на стерилен прибор за инјектирање.

Најчесто... Зависи. Некад и..., пушимо гу, некад..., зависи, како можемо и у криза ако не фати. На пример гледамо што побрзо да га завршимо, така да не гледамо како смо га тој направиле, како смо га спремиле, најбитно е да се задоволимо што се вика.

Ева неколку месеци била сместена и во дом за малолетници (поради употреба на дроги), но односите во установата биле разочарувачки лоши, а и по излегувањето трпи понижувања и малтретирање од полицијата. Многу е разочарана од светот во кој живее и од однесувањето на надлежните институции. Свесна е дека има права, ама кога се обидела да пријави во полиција дека е малтретирана од мајка ѝ не добила никаква повратна реакција заради што се сомнева дека мајка ѝ има врски во полицијата.

Ева воопшто не се разликува од останатите врсници, само живее во свет во кој не постои поддржувачка околина за младите.

Претходниот пример претставува вовед во следните теми кои се однесуваат на влијанието на пошироката општествена заедница и законската регулатива врз адолесцентите кои употребуваат дроги.

Кога се зборува за интеракцијата меѓу АИД и пошироката општествена заедница се наметнува прашањето дали, колку и како пошироката општествена заедница влијае на АИД? Во случајов, како главни фактори во општествената заедница се земени семејството, пријателите и соседите - како директно опкружување на АИД, и образовните, здравствените и социјалните установи, полицијата и правниот систем - како надлежни институции, кои се засегнати или би требало да бидат засегнати со причините и последиците

[15] Името е измислено и нема никаква врска со вистинската личност.

од употребата на droги. Ставовите во продолжение се изведени низ призмата на АИД опфатени со истражувањето.

## Влијание на заедницата

### Семејство

Разбирливи се стравот и сомневањата на родителите дека нивните деца може да почнат да употребуваат или веќе употребуваат дроги, но разрешувањето на овие прашања се многу чувствителни и бараат големо внимание, особено ако адолесцентите не сакаат да разговараат за тоа (AU_AS_AID_001.doc).

При сознанието дека нивното дете употребува дроги, упатувањето на лекување претставува една од вообичаените реакции на шокираните и збунети родители за надоместување на вниманието кое претпоставуваат дека не му го пружиле, но ваквите реакции почесто доведуваат до спротивен ефект и до семејни расправии, зашто АИД ги сфаќаат како притисок и неразбирање од страна на родителите. АИД се кријат и ги игнорираат разговорите и советите на родителите, лажат дека не употребуваат дроги, дека ќе се откажат, а користат и други изговори и оправдувања, свесни дека тешко може да се откажат од инјектирањето опијати/опиоиди (AU_PP_AID_009).

Интересно е тоа што, и оние АИД кои знаат дека може да добијат поддршка од своите родители се плашат да ја побараат (AU_PP_AID_001).

Спротивно на АИД кои добиваат некаква поддршка од своите родители, во претходно опишаниот случај со Ева се истакнува неповолната семејна ситуација која ги наведува младите да употребуваат дроги и ги става во уште подлабока маргинализација и ризично однесување. Постојат и индивидуални случаи кога АИД почнуваат да инјектираат дроги следејќи го примерот на постарите роднини или пријатели со подолго искуство. Некои АИД ги наведуваат помладите роднини и/или пријатели на употребата на дроги заради финансиска корист (AU_RJ_AID_002.doc).

Во текот на истражувањето не е забележан ниту еден случај каде родителите на АИД се обиделе да научат повеќе за дрогите и за начините како да им помогнат на своите деца, ниту случај каде се вклучиле во поорганизирана акција, во училиштата и другите надлежни институции, и слични активности (Rosenbaum, 2007: 17-21).

### Пријатели

Стигматизацијата од поширокатa општествена заедница ги притиска АИД се повеќе да се дружат во изолирани кругови, со други лица кои употребуваат/инјектираат дроги и ги прави уште понедостапни за постоечките здравствени и социјални услуги. Во рамките на овие изолирани кругови се создаваат карактеристични облици на однесување и комуникација (како што е опишано со претходните примери), кои водат кон зголемување на ризикот за пренесување на ХИВ, хепатит Б и Ц и други КСПИ. Некои АИД се дружат и со лица кои не употребуваат опијати/опиоиди и добиваат поддршка или разбирање од нив, што претставува услов за другарувањето, а останатите ги имаат прекинато сите релации со пријателите кои не употребуваат опијати/опиоиди.

### Интимен партнер

Повеќето АИД кои имаат постојан интимен партнер, инјектираат дроги заедно со партнерот употребувајќи заеднички прибор за инјектирање и практикувајќи секс без кондом. Ризичното инјектирање и ризичниот секс ги оправдуваат со меѓусебната доверба, но сите имаат повремени, некогаш незаштитени, сексуални односи со други партнери, а им се случува да употребат и туѓ, нестерилен прибор за инјектирање. Женските испитаници потврдуваат дека разменуваат сексуални услуги за пари и/или за дрога, без навика за редовна употреба на кондом и покрај тоа што имаат незаштитен секс со постојаните интимни партнери. АИД кои имаат интимен партнер кој не употребува дроги, ги кријат своите навики поврзани со дрогите од партнерот, а доколку партнерот е запознаен со ситуацијата, се обидува да помогне без да го наметнува сопственото мислење.

### Училиште

Постои практика да се употребуваат дроги пред и/или на училишните часови за да се избегне апстиненцијалната криза. Наставниот кадар е свесен дека во училиштата има ученици кои употребуваат дроги и постојат иницијативи да им се помогне на овие ученици да престанат со тоа, но се добива впечаток дека нивните напори се безуспешни. Нивните напори се повеќе самоиницијативни советувања, насочени

само кон индивидуалци и мотивирани, единствено од идејата за целосна апстиненција на учениците кои се препознаени дека употребуваат droги. Постојат и случаи кога ученикот откриен дека инјектира droги бил истеруван од училиштето на иницијатива на еден наставник (AU_PP_AID_001).

## ИНСТИТУЦИИ КОИ НУДАТ УСЛУГИ НА АИД

### Здравствени институции

Според Уставот на Македонија, на секој граѓанин „му се гарантира правото на здравствена заштита и истовремено се определува и должноста граѓанинот да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите (чл. 39 од Правилникот). АИД опфатени со истражувањето ретко искажуваат потреба за здравствени третмани кои не се поврзани со употребата на droги и штетите предизвикани заради нивното инјектирање. Во ретките случаи на појава на апцеси, тромбофлембити и слични здравствени нарушувања, предизвикани од долготрајно и неправилно инјектирање, АИД се обраќаат во програмите за намалување на штети од употреба на droги. Овде треба да се напомене дека вакви програми постојот во градовите опфатени со истражувањето, но не во сите градови за кои има сознанија дека има АИД. За вообичаените здравствени нарушувања (настинка и грип) добиваат помош од матичните лекари, но постојат случаи каде медицинските лица запознаени со нивните навики, им префрлуваат или се обидуваат да ги советуваат, но на начин непопуларен за АИД. Никој од испитаниците опфатени со истражувањето не бил одбиен при барање лекарска помош, но се наведуваат примери за други ЛИД на кои им била одбиена медицинска помош (AU_RJ_AID_001.doc).

Сите АИД немаат потреба да се лекуваат од зависност а, дел од оние кои биле на некаков третман, се лекувале заради инсистирање на родителите, без примена на супституциона терапија, популарно наречен „сува детоксикација", но без подолгорочни резултати. Има случаи кога родителите настојуваат да ги убедат своите деца да се лекуваат со сопствена терапија, фаворизирајќи ја само силната волја. Нема многу АИД кои се лекуваат со супституциона терапија, популарно наречена „метадонска терапија", најмногу заради недостатокот на потреба за лекување на зависност, но и заради „високиот праг" за прием на овие третмани за АИД (Гајдаѕис-Кнежевиќ и др., 48). Дополнителни потешкотии при лекувањето со метадон се непостоењето програми за супституционен третман во градовите во Македонија каде има ЛИД, или ограничените капацитети на постоечките програми. Во Куманово, ваква програма беше отворена во 2005 година, во Гостивар воопшто не постои програма за третман со супституциона терапија, а најстарата ваква програма во Македонија, која се наоѓа во Скопје, веќе неколку години е затворена за прием на нови лица зависни од droги. Сите досегашни обиди да се отворат уште неколку нови центри во Скопје беа безуспешни. Овие иницијативи наидуваат на отпор од сите фактори во општествениот живот почнувајќи од здравствените работници, локалната самоуправа и од населението. Во услови на повеќестепена стигматизацијата кон ЛИД, вклучувајќи ги и АИД, не само што се отежнуваат условите за нивно успешно лекување, туку се прекршуваат и нивните права на здравствена заштита, а се зголемува ризикот од проширување на ХИВ/СИДА, хепатит Б и Ц и други КСПИ.

### Институции за социјални работи

АИД не се обидуваат да контактираат со центрите за социјални работи, ниту се запознаени со нивната функција и услугите кои тие ги овозможуваат. Единственото поврзување го прават само преку паричната помош, популарно наречена „социјална помош", која ја добиваат нивните родители, заради нискиот социјален статус. Малкумината АИД кои контактираат со центрите за социјални работи, таму се доведени поради малолетничка деликвенција, семејно насилство или сличен социјален проблем, а потоа низ разговор е утврдено дека употребуваат/инјектираат droги. Услугите кои центрите за социјална грижа ги овозможуваат (согласно измените во Законот за социјална заштита од 2004 година, за ЛИД, вклучувајќи ги АИД) се: дневно згрижување „на лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанци и на членовите на нивните семејства, советодавни услуги, информирање, советување и едукација, работно ангажирање, културно-забавни и рекреативни активности" (Трајаноски, 2005: 48). Но, се добива впечаток дека малкумината АИД вклучени во оваа програма се принудени да присуствуваат на советувањата, заради одредена законска казнена мерка и секогаш во присуство на родител.

Претходно прераскажаниот пример со Ева, ја истакнува незаинтересираноста на центрите за социјални работи за АИД и нивните потреби.

## Невладини организации

Многу АИД немаат сознанија за здруженијата на граѓани кои овозможуваат услуги и поддршка за ЛКД, ниту помислиле дека можат да добијат помош од ваквите организации. Оние АИД кои се запознаени со дејноста на граѓанските организации кои работат на проблематиката на дрогите, користат услуги само од програмите за намалување на штети и од советувалиштата за droги, и воопшто немаат сознанија за други организации кои нудат помош и услуги за АИД. Искористеноста на постоечките услуги за ЛКД е мала, најчесто заради законските ограничувања за работа со АИД, но и заради тоа што многу АИД сè уште не се идентификуваат себеси со ризиците од проблематичната употреба на дроги[16]. Ризикот предизвикан заради несоодветните закони се однесува и на набавката на стерилен прибор за инјектирање кој најчесто се купува од аптека или може да се добие од програмите за размена на прибор за инјектирање, но овде се појавува законската пречка за дистрибуција на стерилен прибор за инјектирање на лица помлади од 18 години (AU_KP_AID_007).

Сите испитаници изразуваат задоволство од работата на програмите за намалување на штети и ја нагласуваат потребата за проширување на нивните активности за соодветен одговор на потребите на АИД.

## Односи со полицијата

Сите АИД, кои имале контакт со полиција заради дроги или заради сомневање за дроги, изјавуваат дека биле психички и/или физички малтретирани, а доколку полицијата им најде дрога или прибор за инјектирање им ги одзема (AU_IS_AID_004).

Вклученоста на полицијата во политиката на намалување на побарувачката оди до таму што, регистрираните АИД ги пресретнува и претресува на јавни места настојувајќи да пронајде дрога кај нив. Интересно е што полицијата ја приведува Ева кога ќе ја фати со дрога, но не можеше да и помогне кога ја пријавила сопствената мајка за малтретирање и наведување на размена на сексуални услуги (Види: Студија на случајот, во претходниот текст).

Репресивните мерки кои полицијата ги користи за намалување на побарувачката на дроги предизвикуваат страв и поголема скриеност на АИД и ги прават тешко достапни за програмите и услугите за превенција на ХИВ/СИДА, хепатит Б и Ц и останатите КСПИ, а тоа особено ја потенцира нивната ранливост.

# ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА ВО КОРЕЛАЦИЈА СО РИЗИЧНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА АИД

Според Национална програма за сузбивање на злоупотреба на дрогата и недозволената трговија со дрога, уште во 1996 година било планирано донесување посебен закон за дроги но, и по сите напори во минатите години, таков закон сè уште не постои, а полицијата работи според застарени закони (Трајаноски, 2005, 1; 28). Со постоечките закони, покрај производството и трговијата со дроги, се казнуваат и поседувањето (независно од видот и количината на дрогата) и употребата на дроги[17], заради што има предвидено парични и затворски казни, но нивната примена влијае на продлабочувањето на маргинализација на АИД. Стигматизацијата кон осудуваните лица и лицата кои издржувале затворска казна, се надоврзува на стигматизцијата со која се соочуваат лицата кои употребуваат дроги, мултиплицирајќи ги на тој начин нивоата на маргинализацијата и отежнувајќи го процесот на ресоцијализација.

Голем број АИД во Македонија не ја познаваат законската регулатива за дроги, а и оние кои тврдат дека ја познаваат, не делуваат доволно информирани. Сите можат да направат груба категоризација на видовите дроги, но не можат да разберат како е можно сите дроги да имаат ист третман во законот. АИД сметаат дека нивниот пристап до програмите за намалување на штети и до други здравствени, социјални и образовни служби и услуги треба да биде регулиран со закон.

[16] Според Европскиот мониторинг центар за дроги и зависност од дроги, под проблематична употреба на дроги се подразбира „инјектирање или долгорочна/постојана употреба на опијати, кокаин и/или амфетамини" (EMCDDA, 2006).

[17] Според член 43 од законот за производство и промет со опојни дроги од 1991 година и според Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, поседувањето и употребувањето на дроги во Република Македонија се казнува со соодветна парична или затворска казна (Трајаноски, 2005: 35-38).

# Референци


Снежана ВРАНГАЛОВА
2006. *Мистеријата на сексуалната ориентација, современи концепти и македонски перспективи,* ЕГАЛ, Скопје, 2006, 228.

WHO (World Health Organisation)
1996. Commercial Sexual Exploitation of Children: The Health And Psychosocial Dimensions. (Paper presented at the World Congress against Sexual Exploitation of Children, Stockholm, Sweden)

Amanda Davies
2001. Sex Exchange Behaviour. On behalf of the Department of Families. Queensland

Grabosky, P., & et al.
1998. The Commercial Sexual Exploitation of Children: A stocktake and analysis for Australia's National Action Plan. Canberra: Australian Institute of Criminology.

Commonwealth of Australia
2000. Tomorrow's Children: Australia's National Plan of Action Against the Commercial Sexual Exploitation of Children., Canberra: Department of Family and Community Services.

Saunders, P.
1998. Sexual Trafficking and Forced Prostitution of Children. (Paper presented at the Journalists' Seminar, New York.)

Manderson, L., Bennett, L. R., & Sheldrake, M.
1999. Sex, Social institutions, and social structure: Anthropological contributions to the study of sexuality. (Annual Review of Sex Research, 10, 184-199.)

Деков В., Игњатова Л., Јанкулоски Х., Костовски Д., Тошева М.
2006. Намалување на штети и ХИВ: Прирачник, ХОПС, Скопје.

Network of Sex Work Projects in collaboration with AHRTAG
1999. Making sex work safe, London, UK

Славица ГАЈДАЅИС-КНЕЖЕВИЌ, Лилјана ИГЊАТОВА, Ставре ГРАМОВ
2005 Упатство со протокол за примена на метадонот при третманот на опијатна зависност, (Скопје: Центар за превенција и третман на злоупотреба и зависност од droги и други психоактивни супстанции во Кисела Вода, ЈЗО Психијатриска болница „Скопје", 2005).

Вања ДИМИТРИЕВСКИ, Елеонора СТОЈАНОВИЌ
2004 Ризично однесување на интравенските корисници на droги во Република Македонија и фактори кои доведуваат до ризичното однесување, (извештај доставен до ХОПС - Опции за здрав живот, во ракопис, 2004).

DRUG POLICY ALLIANCE
2006 Reducing Harm: Treatment and Beyond, Safer Injection Rooms, (Drug Policy Alliance, 2006), **http://www.drugpolicy.org/reducingharm/saferinjecti/.**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
2006 Потрошувачка кошница, цени и плати, јули, август и септември 2006, (Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2006), **http://www.stat.gov.mk/statistiki.asp?ss=08.03&rbs=1.**

Силвана ОНЧЕВА
2003 Ставови и однесување на младите во врска со дрогите и насоки за примарна превенција на злоупотребата на droги во Република Македонија. (Магистерски труд). (Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј, Медицински Факултет Скопје, 2003).

СЗО/УНОДС/УНАИДС
2006 Супституциона терапија за одржување во водење пациенти со опиоидна зависност и превенција на ХИВ/СИДА, Изложување на ставовите на СЗО/ОНКДК/ОНСИДА, (Скопје: Македонска мрежа за намалување на штети, 2006).
**(http://www.mhrn.org.mk/biblioteka/supstituciona_terapija_za_odrzuvanje.pdf).**

SCHAFFER LIBRARY OF DRUG POLICY
1988 How bad is Heroin Withdrawal, (Schaffer Library of Drug Policy, izvadok od: Jara A. Krivanek, Heroin, Myths and Reality, (Allen & Unwin, 1988)),
**http://www.druglibrary.org/schaffer/heroin/herowith.htm.**

Жарко ТРАЈАНОСКИ
2005 Политиката на Република Македонија за борба против дрогите, (анализа на законската регулатива за дроги во Република Македонија, во ракопис, 2006).

UNICEF
2002 Rapid Assessment and Response to Risk-Prone Sexual Behaviour and Use of Psychoactive Substances in Highly Vulnerable Groups of Young People Aged 10 To 24 in the Republic of Macedonia, UNICEF 2002,
**http:/www.cpha.ca/English/intprog/hiv_prev/rarmaced.pdf#search='RAR%20% Macedonia.**

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ
2006 Опијатно предозирање во Република Македонија, Преваленца, ризични фактори и интервенции, (Скопје: ХОПС - Опции за здрав живот, 2006).

# Листа на кратенки

АИД – Адолесценти кои инјетираат droги
АИЕА – Архив на Институтот за етнологија и антропологија
АНСУ – Адолесценти кои нудат сексуални услуги
АПНР – Адолесценти под најголем ризик
БЕП – Брза етнографска проценка
ЕГАЛ – Equality for gays and lesbians (Еднаквост за гејови и лезбејки)
ECPAT – End Child Prostitution, Child Pornography and Trafficking of Children for Sexual Purposes
ИД – Инјектирање дроги
ИЕ – Истражувачки единици
ИЕА – Институт за етнологија и антропологија
КИ – Клучен информатор
КПИ – Крвно преносливи инфекции
КСА – Комерцијални сексуални активности
КСЕД - Комерцијалното сексуално екплоатирање на децата
КСР – Комерцијални сексуални работници
КСПИ – Крвно и сексуално преносливи инфекции
ЛГБТ – Лезбејки, геј, бисексуалци и трансексуалци
ЛИД – Лица што инјектираат дроги
ЛКД – Лица кои користат дроги
МАССО – Македонска асоцијација за слободна сексуална ориентација
МВР – Министерство за внатрешни работи
МЗ – Министерство за здравство
МИА – Македонска интеретничка асоцијација
ММНШ – Македонска мрежа за намалување штети
МСМ – Мажи кои имаат секс со мажи
ПМФ – Природно-математички факултет
РЗЗЗ – Републички завод за здравствена заштита
СЗО – Светска здравствена организација
СИП – Специфични истражувачки прашања
СПИ – Сексуално Преносливи Инфекции
СР – Сексуална работа
СРЗ – Сексуално и Репродуктивно Здравје
ТИ – Теренски истражувачи
УКИМ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ХЕРА – (Асоцијација за здравствена едукација и истражување)
ХОПС – Healthy Options Project Skopje (Опции за здрав живот, Скопје)
ЦГЧП – Центар за граѓански и човекови права
ЦСР – Центри за социјална работа

# Историјат на Проектот

На почетокот на 2006 година, по иницијатива на Македонската мрежа за намалување на штети, практично претставувана од НВО ХОПС од Скопје, започнаа разговори со претставници од Институтот за етнологија и антропологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје. Целта на овие разговори беше да се отпочне со реализација на ефективно поврзување на невладиниот сектор и академските, научноистражувачки и образовни институции за да се подобрат повеќе аспекти од пристапот кон општествено маргинализираните групи во Македонија, ставајќи посебен акцент на одредени целни групи како што се адолесцентите кои, на било кој начин, се најизложени и подложни на ризиците од пренесување на ХИВ/СИДА и СПИ.

Притоа, беше утврдено дека овој процес на поврзување треба да се реализира како мултифункционален и повеќестепен приод, во кој континуирано ќе се реализираат практични програми низ кои ќе се надградуваат капацитетите на двете страни, како во сферата на практичното реализирање на истражувачки проекти, така и во практичната примена на добиените резултати, низ форми на планирање интервенциски стратегии и практична работа со општествено маргинализираните, ранливи групи во Македонија. На тој начин, двете страни сметаа дека е најдобро да се создаде јадрена група луѓе од сферата на науката и праксата со цел, покоординирано да се реализираат проектни активности, од креирање на истражувачки проект, преку негова реализација до практична имплементација и спроведување на интервенции на различни нивоа во државата, од локално до државно ниво.

Како резултат на овие разговори беше потпишан Договор за разбирање и меѓусебна соработка помеѓу ММНШ и ИЕА. Со тоа, меѓу останатото, ИЕА го отпочна процесот за создавање Центар за истражување и работа со општествено маргинализирани групи, како место на спојување на теоријата и праксата, на истражувањето и имплементација, на употребата на различни истражувачки методологии и анализи, место каде ќе се создаде јадрена група што ќе работи на проекти насочени кон подобрување на условите на општествено маргинализираните групи.

Паралелно со овие процеси, претставници на ММНШ и ИЕА започнаа со разговори и осмислување проект, чија целна популација ќе бидат адолесцентите кои се под најголем ризик од ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија, а притоа и избор на најсоодветна истражувачка методологија за добивање релевантни податоци од кои би се извлекле соодветни планови за создавање стратегии и интервенции за подобрување на условите на АПНР. На почетокот на 2006 година (јануари-март) започнаа разговори со претставници на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје како можна заинтересирана страна во финансирањето, но истовремено и нивно партнерско вклучување во реализација на Проектот.

### *Тренинг семинар за квалитативна студија на АПНР (Битола, мај 2006)*

Во мај 2006 година, во Битола, беше организиран Семинар за обука за квалитативна студија на АПНР, на кој присуствуваа претставници од иницирачките институции (ИЕА и ММНШ во која и формално членуваат сите подолу споменати НВО), како и од други релевантни институции поврзани со прашањата на АПНР и заштитата од ХИВ/СИДА/СПИ, Министерството за здравство (МЗ), Републичкиот завод за здравствена заштита (РЗЗ), Институтот за социологија, Институтот за социјална работа и социјална политика. Како претставнци на ММНШ присуствуваа невладини организации, посебно оние кои работат со специфичните целни групи, ХОПС (работа со лица кои инјектираат droги, програми за намалување штети и комерцијални сексуални работници), Центарот за социјални работници (СОС линија за помош и информирање на лица во врска со злоупотреба на droги и совети за намалување штети), ХЕРА (ХИВ/СПИ пиер едукација помеѓу школска младина и општествено маргинализирани групи), ЕГАЛ (работа на промоција на сексуалното здравје и правата на МСМ популацијата) и МИА (ХИВ/СПИ пиер едукација помеѓу школска младина и општествено маргинализирани групи ).

Во процесот на организирање на Семинарот, согласно претходно утврдените приоритети за реализација на Проектот, беа утврдени три главни цели:

I. Да се организира едукација за јадрената истражувачка група индивидуалци со различна стручна и научна провиниенција, како да осмислат и реализираат специфична истражувачка студија за АПНР со посебен акцент на реализирање *квалитативно истражување*;

II. Да се осмисли и развие истражувачки протокол (истражувачки прашања, методи и техники за собирање податоци, анализа, корелација на целите и резултатите, предлози за практична примена на резултатите и креирање интервенциска стратегија)
III. Да се разменат искуства околу предностите и негативните страни при користењето на квантитативната и квалитативната анализа во студија за АПНР и дискутирање на „најдобрите практики" при работа со АПНР.

Семинарот го водеше г-ѓа Јоана Буша (Joanna Busza) од Центарот за популациони студии (Center for population studies), при Лондонското училиште за хигиена и тропска медицина (London School for Hygiene and Tropical Medicine).

На Семинарот, најпрво беше организирана едукација и размена на искуствата помеѓу учесниците за реализација на квалитативни истражувања и анализи, разгледувајќи ги притоа позитивните и негативните страни на овој методолошки пристап, како и искуствата при работа со АПНР во други земји во регионот и во светот. Од страна на предавачот, беа презентирани неколку „најдобри практики" од квалитативни истражувања, кои, главно, беа резултат на нејзината лична теренска и научноистражувачка работа, што дополнително беше добар пример за илустрација на истражуваниот проблем. Исто така, беа презентирани и некои искуства од Македонија, посебно од дотогашните искуства на ИЕА во работата на истражувачко поле со АПНР.

Најцелисходната работа реализирана на Семинарот беше практичната подготовка и разработка на повеќе детали во врска со идејата, која претходно не беше доволно искристализирана, а беше поврзана со видот, целите и резултатите од истражувањето. На крајот на Семинарот веќе беше изработен генерализиран нацрт протокол за претстојниот истражувачки проект. Придобивките од овој дел од Семинарот се повеќекратни, со оглед на фактот што, за првпат непосредно учествуваа сите засегнати страни, од самиот почеток во процесот на креирање на проектната активност, чија главна цел е реализација на студија која треба да ја открие сликата и ситуацијата со АПНР во Македонија, нивното однесување, како и поврзаноста на влијанието на општествената заедница во зголемување на ризичното однесување кај оваа популација.

По разработката и финализирањето на нацрт протоколот и предлог проектот на ИЕА, кон крајот на месец мај, Проектот беше поднесен во Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје. Со потпишувањето на договорот за партнерска соработка помеѓу УНИЦЕФ и ИЕА, од 01. јули 2006 година започна реализирањето на проектот Мапирање и студијата заснована на истражувањето во заедницата на АПНР од ХИВ/СИДА/СПИ во Македонија.

### *Семинар за обука на теренски истражувачи (ТИ) (јуни 2006)*

Тргнувајќи од претпоставката дека целната група АПНР, посебно некои нејзини подгрупи, спаѓаат во категоријата *исклучително тешко достапни* за реализирање на истражување, како и поради фактот што реализацијата на Проектот беше планирано да се случува од базата (корените) кон врвот, сметавме дека, и теориски и методолошки, најцелисходно е теренското истражување во локалните заедници да го реализираат лица кои се припадници на локалната заедница и имаат директни врски со целната група. Поради тоа, се наметна потребата од воспоставување мрежа контакти со лица кои, или работат со целната група на терен (претставници на теренските работници на невладини организации), или се припадници, сегашни или поранешни, на целната група. На тој начин, сметавме дека најлесно ќе може да се воспостави директен контакт со припадниците на АПНР, кои во нашето окружување, посебно кога станува збор за адолесценти, се исклучително скриени, непрепознатливи, маскирани или се служат со мимикрија. Од друга страна, втората, но исто толку важна цел колку и првата, беше со вклучувањето на припадници од локалната заедница или од самата целна група во истражувањето, низ обуките и реализацијата на Проектот да се постигне зголемување на капацитетите и подобрување на нивото на едуцираност, со што во иднина би можело да се очекува поголема самоиницијативност, самостојност и подобар квалитет на реализираните проектни активности на локално ниво.

Во текот на месец јуни беше направена селекција на учесниците на семинарот за обука на теренски истражувачи, при што, главно беа повикани онолку лица колку, според протоколот, се потребни за непречена реализација на теренското истражување.

И покрај релативно воедначената истражувачка методологија при работата на терен, поради проблемски различните истражувачки содржини, последователно беа организирани три семинари за обука на теренски истражувачи (ТИ) кои ќе работат со МСМ, АНСУ и АИД. Причината зошто се реализираа три одделни семинари беше фактот што, во делот од практичната работа на учесниците, беа изготвени *специфичните истражувачки прашања (СИП)*, според кои ТИ ја организираа теренската истражувачка работа.

На обуките, најпрво се работеше на идентификацијата на секоја од одделните групи АПНР: МСМ, АНСУ и АИД, со цел теренските работници да можат самите, на терен, да проценат и идентификуваат припадници на целните групи. Во процесот на идентификација на целните групи се дискутираше за повеќе различни форми на идентификација, при што, посебен акцент беше ставен на идентификацијата на припадниците на одделните групи АПНР од страна на *пошироката општествена заедница* и *самоидентификација* што, практично и најчесто се разликува и, може да создаде повеќе конфузии доколку, истражувачите однапред не знаат некои теориски поставки во врска со тоа. Во нашиот случај, овој сегмент од обуката беше многу важен поради тоа што некои од теренските истражувачи се актуелни или поранешни, припадници на целните групи.

Втор значаен сегмент во обуките беше прашањето околу причините поради кои истражуваните целни групи во нашиот општествен, културен и политички контекст, помалку или повеќе, се *исклучително тешко достапни*, што значи дека тешко може да се идентификуваат и препознаат. На обуките подетално се разгледуваа причините кои, во нашето окружување, придонесуваат овие групи адолесценти да се толку прикриени. Беа изведени неколку заклучоци дека:

» Се обидуваат да го скријат своето однесување поради фактот што во некои заедници се смета за општествено неприфатливо или, од страна на државата, се смета за незаконско;
» Постојат лоши искуства со властите или со услугите на центрите (поголем дел од активностите што ги прават адолесцентите припадници на некои од овие подгрупи во нашата држава со закон се прогласени како неприфатливи, поради што адолесцентите тоа го прават скришно);
» Отсуство на чувство на припадност на ниту една заедница (главно поради негативниот став на заедницата кон нив и судирот на ставови на лично ниво);
» Не чувствуваат потреба да бидат достапни за било која потреба;
» Околината не знае дека воопшто постојат (главно поради игнорантскиот однос на заедницата кон овие појави или поради стереотипизираните претстави дека „такви групи луѓе" не може да постојат помеѓу нив, туку се некаде далеку од нив).

Како резултат на заклучоците за причините поради кои АПНР се исклучително тешко достапни, во текот на Семинарот, учесниците беа обучувани за можните начини, пристапи и практични техники и методи како да се стигне до испитаниците, а притоа да не се наруши, ниту методолошкиот протокол на истражувањето, ниту приватноста и анонимноста на испитаниците. Подетално во врска со методологијата на избор на истражувачкиот примерок, т.е. за техниките на вмрежување и регрутирање испитаници и за методологијата на реализирањето на теренското истражување е дискутирано во претходниот дел.

Потоа, се пристапи кон обука за практична теренска истражувачка работа и водење *теренски белешки*, при што беа разработени основните видови теренски белешки, како и етапите и начините на испишување на теренските белешки. Овој дел од обуката беше посебно акцентиран, со оглед на тоа што поголемиот дел од вклучените лица како теренски истражувачи немаа претходни, ниту теориски, ниту практични обуки а, од друга страна, создавањето етнографски запис е суштински за создавање релевантни извори за натамошна анализа. За поголем дел од применетите техники за собирање теренски податоци (како што се набљудувањето, мапирањето и сл.), теренските белешки се единствениот извор и сведоштво за реализираното теренско истражување. Добро направените теренски белешки се предуслов за добро заснована анализа и интерпретација на податоците.

На крај, во третиот дел од обуките, учесниците заедно со асистентите истражувачи и менторите, работеа врз создавање на *специфичните истражувачки прашања (СИП),* кои претставуваат основа за стандардизирано и унифицирано реализирање на теренското истражување, посебно при правење интервју, разговор со фокус група и сл. Значи, составени се прашалници, или поточно потсетници за водење разговор со информаторите, за секоја одделна подгрупа: МСМ, АНСУ, АИД, потоа составени се посебни прашалници за водење разговори со фокусни групи и некои други прашалници за работа со клучни информатори и други лица кои, на било кој начин, се поврзани со некоја од специфичните целни групи.

Во практичниот дел од обуката, учесниците вежбаа работа на терен користејќи ги совладаните теориски знаења и техничките средства за бележење податоци (дигитални диктафони) со кои, повеќето од нив, се сретнаа за првпат.

### *Обуки за работа со софтвер за квалитативна обработка на податоци (*Atlas.ti)

За полесна и професионална систематизација, класификација и обработка на материјалите се користи специјален софтвер за квалитативна обработка на податоци Atlas.ti. Поради тоа, пред почетокот на внесувањето на податоците во софтверот, беше потребно да се организираат обуки, на асистентите истражувачи и менторите, за практично користење на софтверот.

# ИЗВАДОЦИ ОД СНИМЕНИТЕ ТЕРЕНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

(AU_SJ_MSM_003_01.doc)

„**Истраж.:** Дали имаш нешто завршено?
**Инф.:** Само второ одделение.
**Истраж.:** Зошто само толку си завршил?
**Инф.:** Па бев во Германија и морав да заминам и така...
**Истраж.:** Дали живееше во Германија и колку време?
**Инф.:** Прво бев во Швајцарија седум години па после во Германија две години...”

(AU_DD_MSM_003_01.doc)

„Најчесто на интернет… Па вака, има значи мирц програма… И има канал *Gaymacedonia* кајшто геј-популацијата си остава никови и едноставно се бараат кој што сака со машко. И тука сум нашол доста од моите партнери во минатото… Мирцот значи од пред четири - пет месеци, сум направил и свој профил на *Gayromeo,* тоа е мислам германска веб-страна којашто помага за наоѓање на партнер или... партнер било за авантура, било за врска, зависи што сакаш. Оставаш свој профил, као кратка биографија, што бараш, што сакаш. Нормално дискретно е и имаш контакт со луѓе од целиот свет, па и од Македонија...” (AU_DD_MSM_003.doc)

(AU_ZJ_MSM_001.doc)

» Локација: *Кафуле*

„Па вака, имам преку другари запознаено и имам сретнато у кафичот, дискотеката кајшто излагаме, кајшто излагам. И така, оттаму...”

(AU_ZJ_MSM_002.doc)

„Па, ... Тоа е геј-клуб... Геј-клуб и тоа у центарот на Скопје, искачаат геј особи, многу пријатно...

(AU_GC_MSM_001.doc)

„...исто така, идеме и на журки, значи геј-журки коишто ги организираат...”

(AU_SJ_MSM_002_01.doc)

„СЈ: Каде се сретнуваш со сексуалните партнери?
?: Па поретко идам со непознати, а повеќе имам секс со дечко ми. Само некогаш ако се знам со некој повеќе од кај нас, во ромска населба од Скопје, тогаш идам со нив, ќе се сретнеме на улица, ќе си закажеме и тоа...”

(AU_DD_MSM_003_02.doc)

„**Инф.:** Сум слушнал за ХИВ/СИДА, значи сум слушнал преку училишта, преку списанија, преку медии, така да добро ми е познат поимот ХИВ/СИДА. Според мене као да е болест на дваесет и првиот век. Значи не се застапени само младите и старите. И тоа...
**Истраж.:** Што знаеш нешто општо за СИДА-та?
**Инф.:** За СИДА - та. Па за СИДА - та што да кажам...Таа е болест којашто се пренесува најчесто преку полов однос, било кај машко и машко или кај машко и женско, а не сум сигурен кај женско и женско... Значи се пренесува преку полов однос. Сум информиран дека во мали количини се пренесува и преку голтање на плунка, преку крвта. Значи најмногу преку аналниот или вагиналниот секс. И тоа. И дека е опасна. И дека е смртоносна болест. Сѐ уште нема лек...”

(AU_KI_MSM_001a.doc)

„Со отварањето на просториите на ЕГАЛ во една Ромска населба во Скопје, се сретнавме со малку поразлична група на лица, односно со ромската популација, каде што нивото на образование е многу пониско - просечното ниво на образование е многу пониско во однос на останатите да кажеме. И тука забележително се виде разликата во знаењето и во нив, значи интерната разлика во познавањата. Значи, најчесто оние лица кои посетуваат настава после основното образование имаат малку поголеми... не малку туку доста поголеми информации, додека кај оние кои своето образование не го завршиле, дури ни основното, или имаат само основно образование, имаат многу помала информираност за ХИВ/СИДА-та...”

(AU_SJ_MSM_003_02.doc)

**Истраж.:** Објасни ми малце повеќе што знаеш за СИДА?

**Инф.:** Како да ти објаснам?

**Истраж.:** Па како се пренесува?

**Инф.:** Па ако ти си заразен и ако ние имаме анален секс, орален секс, тогаш можам и јас да се заразам и толку. Што знам, сум заборавил. Само знам дека се умира од СИДАта.

(AU_SJ_MSM_001_02.doc)

**Истраж.:** Дали некогаш си слушнал за ХИВ/СИДА?

**Инф.:** Мене ми имаат кажано, но не ми е многу јасно.

**Истраж.:** Си слушнал ама незнаеш што е тоа?

**Инф.:** Да, ама ништо незнам.

(AU_AM_MSM_003_01.doc)

**Истраж.:** Дали си слушнал за некои сексуално преносливи инфекции?

**Инф.:** Па да. Хепатитис, сифилис, гонореја, кламидија... Доста ни тапанеа у школо.

**Истраж.:** Дали знаеш некои симптоми на тие инфекции?

**Инф.:** Па симптоми... Не знам, некои отекувања на половите органи, црвенила...

(AU_SJ_MSM_003_03.doc)

**Истраж.:** Дали си слушнал некогаш за преносилва инфекција?

**Инф.:** сум слушнал. Многу пати сум разговарал за инфекциите и ги имам запишано на хартија, во моментов ми е дома тоа.

**Истраж.:** Кои преносливи инфекции?

**Инф.:** сум слушнал за СИДА, за Трипер, вирусот ХИВ што се фаќа после СИДА и уште многу работи мислам дека сум слушнал, но во моментов не може да ми текне.

(AU_AM_MSM_003_02.doc)

**Истраж.:** А знаеш зашто се употребуваат?

**Инф.:** За олеснување на сексот. Најчесто се употребуваат при аналниот секс.

**Истраж.:** Добро. За...како мислиш за да го олеснат?

**Инф.:** Значи да...да овозможат значи по...полесно лизгање (се смешка), не знам како да кажам... Да го прошират анусот.

(AU_AM_MSM_003_03.doc)

**Истраж.:** Си слушнал ли за лубрикант и која е неговата намена?

**Инф.:** Да сум слушнал за лубриканти

**Истраж.:** За што го користиш?

**Инф.:** Па го користам за анален секс, подобро е за мене бидејќи не ме боли. И подобро е што не е на суво, така е полошо.

(AU_DD_MSM_001_01.doc)

„**Истраж.:** А која улога ја сакаш во сексот?

**Инф.:** Актив.

**Истраж.:** А што подразбираш под тоа актив?

**Инф.:** Значи јас сум доминантниот (се смее)..."

(AU_SJ_MSM_002_02.doc)

„**Истраж.:** Што мислиш, дали си припадник на ЛГБТ-популацијата?

**Инф.:** Не. Воопшто не сум, затоа што нејќам да сум познат и не е добро тоа.

(AU_ZJ_MSM_002.doc)

„**Истраж.:** А кога имаш секс која улога повеќе ја преферираш? Се мисли на активен, пасивен?

**Инф.:** Пасивна. (се смешка)

Истраж.:Пасивната улога. А си бил ли некогаш активен?

**Инф.:** Не."

(AU_AM_MSM_002.doc)

**Истраж.:** А кажи ми која улога повеќе ја сакаш при сексот? Актив или пасив? Шо поише ти одговара?

**Инф.:** Јас сум уни...

(AU_DD_MSM_001_02.doc)

„**Истраж.:** Добро. А кои начини најчесто ги корстиш како секс? Мислам орал, анал, мастурбирање, риминг? Или...знаеш ли што е риминг?
Инф.:Да.
**Истраж.:** Добро.
**Инф.:** Најчесто орален и анален."

(AU_RK_MSM_004.doc)

**„Истраж.:** А, начин на секс шо најчесто го користеш? Омилен тип на секс; анален, орален, мастурбирање или нешто слично?
**Инф.:** Сè. Орален не преферирам баш."

(AU_SJ_MSM_001_03.doc)

„**Истраж.:** Каков секс најчесто имаш? Значи: анален, орален или мастурбирање?
**Инф.:** Што најчесто?...Повеќе пушам.
**Истраж.:**Зошто најчесто орален секс?
**Инф.:** Затоа што некогаш кога немам во план, не сум спремен (клистриран) иначе би го направил.
**Истраж.:** А зошто сакаш анален?
**Инф.:** Само кога во моментот ќе најдеш некој.
**Истраж.:** Случајно?
**Инф.:** Да но друго е кога ќе ти каже некој однапред да се спремиш, и би направил сè."

(AU_ZJ_MSM_003.doc)

- Ситуација А: Одбивност – Македонец кон Роми

**„Истраж.:** Е сеа дали ти е битно каква е нивната етничка припадност?
**Инф.:** Ааа битно ми е, се разбира. (се смеат) Значи...Не знам, мислам дека никоаш не би имал сексуален однос со Ром.
**Истраж.:** Со Ром. Зашто?
**Инф.:** Не знам, не можам да си објаснам.
Истраж.:Имаш некоја предрасуда кон Ромите?
**Инф.:** Немам ни предрасуди ни стереотипи, туку некако одбивни ми се, не знам зошто. Стварно, навистина има што се навистина чисти значи, внимаваат на себе но... Не можам да си го објаснам тоа... Едноставно не можам да прифатам."

(AU_AM_MSM_003_04.doc)

- Ситуација Б: Одбивност – Македонец кон Албанец/христијанин кон муслиман

„**Истраж.:** Дали вршиш селекција кажи ми, на партнерите според нивната етничка и верска припадност?
**Инф.**:Па добро, да речеме, лично избегнувам контакти со припадници на...
**Истраж.:** Со Албанци?
**Инф.:** Со Алба... Не, општо, со муслимани...
**Истраж.:** Со муслимани.
**Инф.:** Е сеа тоа не е... Значи не го праам тоа свесно - дури откако ќе го напраам сфаќам дека е потсвесно затоа шо, како да кажам, така ме учеле и така... Не знам, имам некои, помалку имам некои предрасуди дека работите така идат и ние сме на една страна они се на друга страна - иако ја не се сметам за припадник на ниедна верска..."

(AU_DD_MSM_003_03.doc)

- Ситуација В: Прифаќање - Македонец христијанин со останати

„**Истраж.:** Добро. А дали вршиш селекција на партнерите според верска припадност?
**Инф.:** Не. Според мене сите луѓе сме еднакви без разлика на етничка, верска припадност. Значи немам граници, не сум расист едноставно."

(AU_ZJ_MSM_001_02.doc)

- Ситуација Г: Прифаќање – Македонци со Албанци

**„Инф.:** Мене не ми влијае, мада познавам многу на кои што им влијае. Значи многу другачие размислуваат ако дознаат дека е Албанец. Па имам доста пријатели, геј пријатели коишто многу поише се палат на Албанци отколку на некој кој што е од нивната, нели, етничка припадност. Не знам зошто е тоа така. Изгледа дека има наметнато некоја си варијанта као дека Албанците, нели, важат као за поголеми ебачишта... или... немам појма."

(AU_SJ_MSM_001_04.doc)

- Ситуација Д: Одбивност – Ром муслиман кон христијани

  „**Истраж.:** Дали некогаш си правел селекција на партнерите да е: Ром, Македонец, Турчин?
  **Инф.:** Да, само сечен да е.
  **Истраж.:** Зошто само муслимани?
  **Инф.:** Па подобро е кога ќе ја исечат кожичката, похигиенски е.
  **Истраж.:** Мислиш дека муслиманите повеќе внимаваат на хигиена?
  **Инф.:** Да. Почисти се.

(AU_SJ_MSM_003_04.doc)

- Ситуација Ѓ: Одбивност - Ром кон Албанци

  „**Истраж.:** Дали некогаш ги избираш твоите партнери, Македонец, Ром, Шиптар...? Дали тоа ти важно?
  **Инф.:** Па да ги бирам. Искрено да ти кажам повеќе одам со Роми, а со Шиптари помалку.
  **Истраж.:** Зошто?
  **Инф.:** Па се плашам од Шиптарите да бидам со нив.
  **Истраж.:** Зошто се плашиш?
  **Инф.:** Па незнам што може да ми направат, има гадни Шиптари, а со Ромите сум послободен бидејќи и јас сум Ром."

(AU_DD_MSM_001_03.doc)

„**Истраж.:** Како изгледа, дали ти е битен изгледот на партнерот? Да речеме стилот на облакање, на...
**Инф.:** Па тоа да. Мислам не е пак пресуден фактор меѓутоа је дел од...
**Истраж.:** Значи начинот на којшто се облекува?
**Инф.:** Па начинот на којшто се облекува, како изгледа значи..."

(AU_ZJ_MSM_003_02.doc)

**Истраж.:** ОК. А нивниот физички изглед?
Инф.:Значи претпочитам убави.
**Истраж.:** Да се убави. Убави според твојот критериум, така?
**Инф.:** Според мојот критериум, да."

(AU_GC_MSM_001_03.doc)

„Дали е феминизиран...? Значи јас бирам машка особа не бирам женска особа. Да бирам женска особа ќе сум бил бисексуалец, стрејт ќе сум бил, значи ќе сум одел со женски. Со самото тоа ако некој е феминизиран сака да наликува на женско. Значи бирам машка особа... Значи барам машко, не барам женско. Ќе повторам, дека да сум барал женско ќе сум бил сосема нешто друго, а не ова што сум сега."

(AU_DD_MSM_001_04.doc)

**„Истраж.:** А ти имаш желба за хетеросексуални мажи?
**Инф.:** Да, понекогаш.
**Истраж.:** Зашто па за нив?
**Инф.:** Па онака, ми се поатрактивни.
**Истраж.:** Во која смисла поатрактивни?
**Инф.:** Па...затоа што они се нели само хетеро определени додека јас сум нели како бисексуалец и некогаш ми се допаѓа нели таја одлучност, односно еднострана нивна определеност во смисла на сексуалната определба."

(AU_DD_MSM_002.doc)

**Истраж.:** Си бил некогаш со хетеросексуален маж?
**Инф.:** Не.
**Истраж.:** А имаш желба?
**Инф.:** Па...да. (се смешка)
**Истраж.:** Зашто, што е тоа што те привлекува кај него?
**Инф.:** Па што знам. Не знам, можеби затоа што е недопирливо нешто, нешто шо сакам да е...Не можам да ти објаснам сега меѓутоа би сакал.

(AU_ZJ_MSM_001_03.doc)

„Сум имал прилика да имам онака, преку интернет (се смешка). Онака, човекот беше доволно искрен и ми кажа дека е тоа така, дека он има брак, дека има деца. Ама не се чувствувам убаво додека го правам тоа. Тотално мислам дека е погрешно."

(AU_SJ_MSM_001_05.doc)

**Истраж.:** Си имал ли секс со некој кој е женет?

**Инф.:** Што е женет? Да. Ако ми се допаѓа, да.

**Истраж.:** Зошто?

**Инф.:** Па поискусни се. Знаат да те водат. Има и добри беќари, но женетите се поискусни, бидејќи имаат сè поминато. Знаат кога треба да свршат, а кога не. Знаат како да те превртат и тоа.

**Истраж.:** Како мислиш да те превртат?

**Инф.:** Па тој да те врти а не ти него.

**Истраж.:** Во што?

**Инф.:** Во секс да те води, да те сврти, сè да ти направи.

(AU_SJ_MSM_001_06.doc)

„Па имав некаде осум-девет години, имав со еден, тој ми беше братучед и со него првпат го пробав тоа, но тогаш не беше со моја волја туку беше со сила. Но јас така почнав...”

(AU_AM_MSM_002_02.doc)

„Моето прво сексуално искуство беше на тринаес и пол години... Коа почнав да осеќам дека ми се допаѓаат машки. И така, запознав преку интернет, се договоривме и отидов кај него, знаеш... Тоа беше првиот...”

(AU_ZJ_MSM_003_03.doc)

„Првиот сексуален однос, значи, ми беше со женско иначе сум... понатамошните со машко... Па кога почнав така прва година, пред да почнам прва дали една недела, навлегов во геј светот, но пред тоа значи бев чиста стрејт личност и значи сум одел со девојки и со нив сум имал сексуален однос...”

(AU_GC_MSM_001_04.doc)

„...често мењавање на партнери јас искрено не почитувам не знам некако ми е ко да употребиш мастика и да ја фрлиш. Мислам така се чуствувам како крпа некоја. Не сакам често мењавање на партнери може многу е смело и многу е смешно и дегутантно да прајме муабет можи јас сонувам за некоја врска. Несомнено е дека некој ден ќе се случи онака како јас што сакам, но тешко... Да, практикувам многу врски... неќам често мењавање на партнери но факт е дека во Скопје може тешко да опстане една врска да трае не, знам барем едно три-четири месеци. Тоа е многу тешко...”

(AU_SJ_MSM_003_05)

„Сега сум во врска со еден веќе две и пол години, но ако некој друг ми се свиѓа би бил со него еднаш да му завршам работа...”

(AU_SJ_MSM_001_07.doc)

„**Истраж.:** Колку често ги менуваш партнерите, на месец, на година или на ден?

**Инф.:** Па зависи. Некогаш на една недела, еден, некогаш на четири дена...”

(AU_ZJ_MSM_003_04.doc)

„**Истраж.:** Добро. Е сеа колку често со твоите сексуални партнери си користел кондом при сексот?

**Инф.:**Секогаш.

**Истраж.:** Секогаш? Никогаш не ти се случило...

**Инф.:** Секогаш. Никогаш не ми се случило.

**Истраж.:** Добро.

**Инф.:** Колку и да инсистира значи партнерот никогаш не ми се случило и нема ни да ми се случи. (се смешка)

**Истраж.:** Добро, тоа за аналниот секс збориме.

**Инф.:** Да...”

(AU_ZJ_MSM_002_02.doc)

„**Инф.:** Па практикувам да користам али некогаш, неколку пати не сум користел... Повеќе сум користел. Неколку пати... Два - три пати не...”

(AU_SJ_MSM_003_06.doc)

„**Истраж.:** Дали често користиш кондом за анален секс?

**Инф.:** Со дечко ми не користам.

**Истраж.:** Зошто?

**Инф.:** Затоа што знам што човек е. Веќе две и пол години сум со него и да ти кажам искрено, точно е дека треба да се заштитиш со кондом, но мене ми е подобро без кондом, но само со него, со другите го користам...”

(AU_DD_MSM_002_02.doc)

„**Истраж.:** А значи...користиш при орален секс заштита?

**Инф.:** Не.

**Истраж.:** Не? Никогаш?

**Инф.:** Па досега не...”

(AU_DD_MSM_003_04.doc)

„**Истраж.:** А при орален?

**Инф.:** Никогаш.

**Истраж.:** Зашто?

**Инф.:** Па не знам, мислам дека нема потреба. Иако знам дека е опасно, не користам кондом...”

(AU_DD_MSM_003_05.doc)

„**Истраж.:** Кога го бираш сексуалниот партнер дали ти е важно дали го познаваш или не? Значи дали си имал некогаш сексуален однос со партнер којшто не го познаваш, тогаш го запознаваш и одма си имал секс?

**Инф.:** Вака сега, гледајќи во... на пример, на геј светот во Македонија којшто е многу мал, којшто сѐ уште не е легализиран, би рекол дека нашата земја и нашиот менталитет не дозволуваат премногу да можеш да избереш или да го запознаеш, така да се е како на брзање или на...или со некој страв. И не знам како да кажам. Значи не дека...Значи сум имал секс буквално со луѓе што малку што ги познавам, би рекол.

(AU_AM_MSM_004.doc)

**Истраж.:** Кажи ми дали некогаш си имал партнер кој што не го познаваш? Е сеа овдека се мисли на тоа да, едноставно го собереш од некаде разбираш, го носиш дома и крај.

**Инф.:** Да те разбирам. Не. Претежно имам два-тројца другари на кои можам да им верувам и дека они влијаат на партнери и ако ми биде препоручен тогаш јас знам дека е ОК и можно е да се деси нешто уште првата вечер кое ја не практикувам. Многу ретко имам такви испади. Значи прво малку дружење...

(AU_AM_MSM_008.doc)

**Истраж.:** Кажи ми дали некад си имал партнер што не го познаваш, онака шо ти се свиѓа, се запознавате на некоја журка и идете у кревет без... малку муабет, без... запознавање?

**Инф.:** Аааа, конкретно без многу муабет, мислам... ааа... со прво запознавање ми се случило, да! Зависи дали...

**Истраж.:** Добро нели јас сум тој и тој, едноставно се свиѓате идете у кревет и толку!

**Инф.:** Па толку... не веднаш, али да се случило.

(AU_DD_MSM_002_03.doc)

„**Истраж.:** Добро. А дали некогаш си имал некакво сексуално искуство со партнер којшто не го познаваш? Не си го запознал претходно, значи не сте се дружеле, не си го...не знаеш ништо за него, а да имаш сексуален однос со него?

**Инф.:** Ми се случило.

**Истраж.:** Добро. И кога, како? Можеш да ми кажеш нешто за тоа повеќе?

**Инф.:** Па да, тоа беше пред неколку месеци и контактиравме со еден пријател, се видовме, пиевме кафе. Без многу муабетење и се случи тоа што се случи.

**Истраж.:** И тогаш користевте заштита?

**Инф.:** Да.”

(AU_AM_MSM_002_03.doc)

„**Истраж.:** Добро. Дали си имал сексуални односи со партнер којшто не го познаваш? Разбираш? Чисто онака идеш, на мирц пример еве, пошо ти одиш на мирц, ги запознаваш.

Инф.:Да.

**Истраж.:** Се запознаваш, се сретнувате и идете кај него на секс, разбираш? Без претходно да се запознаете, ова - она...

**Инф.:** Па не ми се случило.

**Истраж.:** Разбираш? Директно, ајде кај мене у стан, да завршиме работа и толку. Ти се случува тоа?

**Инф.:** Не. Не ми се случило.”

(AU_ZJ_MSM_002_03.doc)

„**Истраж.**: А ти треба ли некогаш или дали ти се случило некогаш да употребуваш стимулативни средства од типот на droги, алкохол, пред да имаш секс?

**Инф.**: Не. Не пијам, не се дрогирам. (се смешка)

**Истраж.**: Не мислев само на пиење. Може нешто и да шмркнеш. (се смее)

**Инф.**: Не, тоа не.

**Истраж.**: Таблетче некое, нешо?

**Инф.**: Не.

**Истраж.**: ОК. Кажи ми...а по твое мислење дали мислиш дека тоа, дрогата, алкохолот, кога би се напил повеќе, еве не употребуваш...досега не си употребувал никогаш дрога?

**Инф.**: Не.

**Истраж.**: Не. Алкохолот дали би можело да...А си пиел алкохол некогаш?

**Инф.**: Не. Освен она едно (неразб.) сокче. (се смее)

**Истраж.**: Добро. Значи во принцип не ни пиеш алкохол, така?

**Инф.**: Не..."

(AU_DD_MSM_001_05.doc)

„**Истраж.**: Добро. Кажи ми дали семејството, дали знае за тебе? Дали некогаш си помислил да кажеш за твојата сексуална определба?

**Инф.**: Моето семејство не знае меѓутоа...би сакал, меѓутоа не знам. Мислам дека нема да ме разберат така да...

**Истраж.**: Зашто мислиш дека нема да те разберат?

**Инф.**: Затоа што се...(се смее)...како да кажам, некако патријархално воспитани, којшо...за нив таа тема е табу така да...

**Истраж.**: Си пробал некогаш да...

**Инф.**: Според реакцијата, да речеме кога нешто ќе се слушне за такви луѓе, реакцијата нивна е таква што не би се осудил нити пак, би им кажал."

(AU_DD_MSM_003_06.doc)

„За мојата сексуална определба знае мојата сестра којашто го прифати тоа на сосема нормален начин, којашто е модерна, комуникативна, позитивна, пријатна. Секогаш ме поддржува. Значи со нејзе не споделувам баш се, меѓутоа можам да и се доверам, да и кажам за мои случувања и така. Многу поубаво е кога имаш некој со којшто можеш да разговараш на таа тема... Решив да и кажам, значи имав еден период на депресија, на недвоумица зошто сум геј, зошто ме привлекуваат машки. И едноставно бев сè уште неискусен и како да морав некому да се доверам. Мојата сестра е многу блиска со мене. Собрав храброст и решив да и кажам и мојот живот од тогаш па навака стана полесен во смисла на... Плачев значи и нормално, ме праша - зошто плачеш - као нешто, и викам, знаеш дека во... како... отпрво како заобиколување, значи не директно, зошто секогаш директното не е убаво, поготово за да и кажам као - јас сум педер, или нешто. Значи има вакви, такви луѓе, ова - она. И разговаравме значи на тема за лезбејки, за педери, за стрејт луѓе и као нешто ме потпраша - зошто баш на ова тема. И сега ја викам - ееej - као - даде, јас сум геј. И отпрвен значи као нешто малце се зачуди и рече - па добро, не си единствениот геј на овој свет. И ме прегрна и... едноставно осетив блискост и као понатака ми кажа - ја имаш мојата целосна дискреција во врска со тоа што си геј и мојата поддршка. Значи го прифати тоа не многу лесно сепак, меѓутоа доволно за мене."

„**Истраж.**: Добро, фино. А во школо можат ли...ти добацуваат ли некогаш, те приметиле ли дека...

**Инф.**: Па се случувало некогаш.

**Истраж.**: Да? Каков...тоа било инцидентно, некако...

**Инф.**: Па онака нешто да се прошушка, да промумлаат нешто. Така.

**Истраж.**: Си шушкаат меѓу себе. А...

**Инф.**: Па така некои, да.

**Истраж.**: Добро. А нешо тебе конкретно ти добацуваат, ти...се чувствуваш некогаш дискриминиран во таа средина?

**Инф.**: Па да. Понекогаш да.

**Истраж.**: Се оддалечуваат од тебе?

**Инф.**: Па некои да.

**Истраж.**: Или можеби воопшто не ни контактираат.

**Инф.**: Не ни конт...па не сум ни контактирал со нив и фала му на бога не, ни сакам да контактирам со нив (се смешка)"

(AU_SJ_MSM_001_08.doc)

„**Истраж.:** Дали твоите другари знаат за тебе?
**Инф.:** Ауу другарите? Па цела населба знае веќе (се смее), ама јас не дозволувам моето семејство и моите родители да дознаат."
**Истраж.:** А дали на работа знаат дека си...?
**Инф.:** Да, и на работа знаат?

(AU_SJ_MSM_003_07.doc)

„**Истраж.:** Дали твоите пријатели и околината знае дека спиеш со мажи?
**Инф.:** Па моите соседи знаат за мене, сите."

(AU_SJ_MSM_001_09.doc)

**Истраж.:** Дали некоаш си имал проблеми поради твојата определба?
**Инф.:** Да сум имал.
**Истраж.:** Какви проблеми имаше?
**Инф.:** (Се однесува на домашните) За мојот изглед, за моите веѓи, за моето однесување, за промената на гласот а тека да знаат што правам надвор... Што би направил потоа ако разберат...? Ете тоа е, го променив мојот имиџ и така завршија проблемите со моите родители. Тие видоа дека сите ги чупаат веѓите кај нас и се помирија.

(AU_SJ_MSM_003_08.doc)

**Истраж.:** Дали некогаш си бил навреден од околината, другарите или семејството поради тоа што си геј?
**Инф.:** Да ти кажам искрено јас повеќе сум навреден од родителите отколку од народот. Не ми воопшто важно што зборува народот.
**Истраж.:** Дали те навредуваат твоите родители?
**Инф.:** Па да, повеќе татко ми, често пати ми вика „буљаш„(педер). Во секоја расправија ми го збори истото: „Ќе те исфрлам од куќа". Знаеш, секогаш има по некој домашен проблем.

(AU_SJ_MSM_003_09.doc)

**Истраж.:** Дали на улица те препознаваат дека си геј и како реагираат?
**Инф.:** Има такви, има многу културни, има многу вулгарни кои викаат по тебе, но има и такви кои имаат добро однесување кон нас педерите, а има и такви кои викаат по нас: „Педер, педер што ми го пуши курот", извини што така се изразувам. И така...

(AU_GC_MSM_001_05.doc)

**Истраж.:** Дали ти се случило на пример да бидеш дискриминиран затоа што си многу помлада особа, затоа што си млад?
**Инф.:** Зашто дискриминиран. Јас баш за тоа што сум помлад многу добивам.
Истраж.:Да?
**Инф.:** Да. И горд сум на тоа.

(AU_SJ_MSM_00_0.doc)

„...Тој имаше дваесет години а јас седум-осум години, јас бев многу мал и ме тепаше нон-стоп, не еднаш, постојано, кога идев кај тетка ми на гости, немав мира од него, ме тепаше... Не знам... Прво ме мразеше... Не сум направил ништо... Неговата жена ќе ја избркаше, а мене ме злоставуваше... Јас бев мал и не знаев што чуствувам бидејќи тој ме тепаше и силуваше. Кога ќе ме повикаше, јас морав да одам бидејќи се плашев да не и каже на мајка ми. Тој ми викаше „Соблекувај се, соблекувај се да не те убијам". Неможев да побегнам од него. Ем беше женет, ем беше постар и поголем од мене. Што му можеш? Не можеш да го убиеш. Јас бев мал тогаш, не можев да се спротивставам иако јас викав во тој момент, но тој ми ја затвараше устата со рака и ме силуваше..."

(AU_SJ_MSM_003_10.doc)

**Истраж.:** Дали некогаш си бил физички малтретиран?
**Инф.:** Само од дечко ми... Затоа што не сакав повеќе да бидам со него. Претходно ти споменав дека чув дека е заразен од СИДА, за него ти зборувам. И така почнаа проблемите со тој човек кој имаше СИДА... Се најдовме во парк и му кажав дека не можам повеќе да бидам со него. Имаше многу луѓе во паркот, еден куп народ, народ...јас бев со една лезбејка... Тој почна толку да ме малтретира што не можев да се оттргнам од него. Ме влечеше за блуза, јас се развикав по него, а тој ме тргна на страна да позборуваме и му реков „Што ме тргаш на страна кога јас не сакам со тебе да имам повеќе ништо", бидејќи не сакав да имам секс со некој кој е болен. Тој почна да вика на мене да ме прашува што е проблемот, дека тој не е болен ова-она, јас не можев да му кажам директно дека е болен од СИДА па му реков дека е наркоман. Кога му го кажав тоа, се завртев

на страна, а тој ме фати за коса и почна да ме удара со клоци по лице, по глава... Ден денес не сум бил на доктор да видам што е со мене. Ден денес не ги чуствувам забите од лева стана, тој невнимаваше каде удира, целиот бев раскрварен и од нос и од уста. Почнав да викам „Пушти ме, пушти ме..” а тој беше сконцентриран на тепање, беше толку јак и загреан за тепање што не се тргна од мене и ме влечеше за коса до „Напредок” (стотина метри). По мене дојде еден другар кој почна да се расправа со него за тоа што сака тој од мене и едвај некако ме оттргне од неговите раце. Другар ми не можеше да најде вода да ме измие од крвта па ми ја изми со сок. Замисли моите родители да дознаат за тоа? Кога се оттргнав од него ми се закани да не кажувам на моите родители за да не ми направи поголеми проблеми. Јас ништо не сум кажал, добро е што немав големи модрици, имав само на раката, устата ми беше малце отечена како кога те боли заб. После тоа малтретирање што ми го направи, Господ ми го оттргна од мене и веќе две години не сме се виделе...”

(AU_DD_MSM_003_07.doc)

„Значи сум... Значи знам за две организации, тоа е МАССО и тоа е ЕГАЛ, меѓутоа нешто подетално за нив не би знаел да кажам освен тоа дека се организации коишто ја поддржуваат геј-популацијата во Македонија.”

(AU_GR_MSM_004.doc)

**„Истраж.:** Знаеш ли некои институции, организации шо нудат услуги на MSM популацијата?
**Инф.:** Знам, ама од Скопје, тука не.”

(AU_DD_MSM_002_04.doc)

„**Истраж.:** А кои организации ти ги познаваш коишто нудат услуги за МСМ популација?
**Инф.:** МАССО.
**Истраж.:** Само...мислам...
**Инф.:** Ѕуница.
**Истраж.:** Добро.
**Инф.:** И тие ми се чини дека се од Скопје ама не сум сигурен. Многу малку знам.”

(AU_ZJ_MSM_001_04.doc)

„**Истраж.:** Дали некогаш си побарал услуга од некаква институција или организација што се занимава со МСМ?
**Инф.:** Не сум побарал. Освен, не знам ХИВ-тестот... Уствари ми прават на мене услуги, пошто јас се тестирам. И тоа е услуга. И фала им (се смее).
**Истраж.:** На кого?
**Инф.:** На ЕГАЛ...”

(AU_RK_MSM_004_02.doc)

**„Истраж.:** Имаш потерано услуга од таква некоја институција?
**Инф.:** Па, индивидуално, преку МАССО.”

(AU_DD_MSM_001_06.doc)

„**Истраж.:** А сметаш дека се доволно доверливи тие организации? И дека би можеле да ти помогнат ако евентуално побараш услуга од нив?
**Инф**.:Па значи засега немам никакво искуство, не сум побарал помош, меџутоа не сум баш сто посто сигурен дека се сто посто дискретни.
**Истраж.:** А зашто мислиш дека не се?
**Инф.:** Па, не знам. Сепак значи немам доверба во никого освен во самиот себеси...”

(AU_DD_MSM_001_07.doc)

„Па што знам, некако малце сум скептичен околу тоа прашање така да... не знам, не би се осудил. Или ако евентуално би побарал не знам дали би било дис... дискрецијата тука, меѓутоа... не знам. Со текот на времето...”

(AU_SJ_MSM_003_11.doc)

„**Истраж.:** Дали имаш доверба во тие организации?
**Инф.:** Во почетокот немав, но сега да, имам доверба во нив…”

(AU_DD_MSM_003_08.doc)

„**Истраж.:** Дали мислиш дека е казнив сексуалниот однос меѓу двајца мажи?

**Инф.:** Значи според мене, за мене би изгледало нормално. Значи тоа за некој стрејт човек...би го осудил тоа, би го казнил во поглед што не е геј човек и не може да разбере дека и двајца мажи знаат да се сакаат и дека можат да имаат сексуален однос.

**Истраж.:** Добро. А законски мислиш дека тоа е казниво?

**Инф.:** Во Македонија мислам дека е казниво ама не сум сигурен."

(AU_ZJ_MSM_002_05.doc)

„Јас вака, би сакал да се признае тоа како и во други држави зашто кога двајца партнери се сакаат зошто да не им се дозволи тоа? Мислам дека, сепак, нешто ќе ги поврзува. Друго е на пример кога би биле у брак, друго е вака во врска. Може на пример тој и да се раскине нели. А вака у брак мислам дека сепак нешто ќе ги поврзува нешто поцврсто ама...Значи сакам тоа да се дозволи, и мене би ми годело (се смешка)..."

(AU_DD_MSM_003_09.doc)

„Па мислам, според мене, полова брачна заедница, нормална, значи, е помеѓу маж и жена коишто можат да основаат семејство. А брачна заедница на двајца мажи или на две жени никогаш не би требело да постои затоа што, сепак, тоа за мене како геј човек не е нормално... Да се живее со партнер, маж, во ред. Меѓутоа да... да има брак, за мене е несфатливо..."

(AU_ZJ_MSM_001_05.doc)

**„Истраж.:** дали сметаш дека има потреба од закон за истополови брачни заедници?

**Инф.:** Не. Океј е да се има. Ја не сум против тоа, али сметам дека у Македонија никој не би се осудил..."

(AU_DD_MSM_001_08.doc)

„**Истраж.:** Значи се чувствуваш спремен да го искористиш тој закон доколку се донесе?

**Инф.:** Па сѐ уште не сум размислувал меѓутоа мислам дека со текот на времето можеби би било изводливо.

**Истраж.:** А кај би живеле? Во...би останале во Гостивар или...

**Инф.:** Во секој случај не.

**Истраж.:** Да?

**Инф.:** Не, не.

**Истраж.:** Не. Каде би сакал да одиш?

**Инф.:** Значи би живеел на друго место да речеме, дали се работи...да речеме Скопје или друго место, само не од местото од каде што сум и каде што живеам..."

(AU_KP_ANSU_03)

„Па ете така, јас се фатив со една другарка, се дружев со неа, кај еден стар чоек идевме...Тој не викна еднаш и ние после стално идевме кај него, ко ќе зимаше пензија ни даваше.... И знаеш како ти е, единаес години. Шо имаш памет - ништо... „

(AU_KP_ANSU_09)

„.. Постојат. Постојат и повеќе за пари, некои за облека. Пример, тука (во населбата) има многу од девојчињата што одат за пари од четрнаесет години многу се млади, јас кажувам пример мојте другарки и ние бевме десет души...„

(AU_KP_ANSU_09_II)

„Па сега педери има по четернаесет години има и шеснаес, седумнаес, осумнаесет, де.. до деветнаесет па нагоре... Повеќе женски (има)... Од прилика, има машки до триесет (во населбата)...„

(AU_KP_ANSU_02_III)

„Завршено имав петто. И после почнав...татко ми да ме извади од школото оти бев болен од кучешка тенија... Ме извади од школото и коа се оздравив почнал да се кара со мене, да ме малтретира, да ги чувам браќата, да идам да питам...„

(AU_MC_ANSU_10)

„Татко и ја отпишал....Требаше сега за седмо оделение. А шесто значи не го завршила....Била малтретирана и немала сресва за да иде у школо. Значи облека, за јадење немала...„

(AU_KP_ANSU_09_III)

„Сите одат, ама кога почнеме за пари и мора да се бришиме зошто треба да работиме у кафана за да .. Јас отидев у школо кога имав дванаес години... Па кога полнев тринаес години престанав да одам у школо зошто тогаш почнав да, за пари да одиме...”

(AU_FN_ANSU_01c)

„Повеќето да (заб.одат на школо), ама обично не завршуват... Не завршуват поради тоа шо немат време. Не можат да посвети на школо или им излева работа шо е подобро платена у странство или ги превезуват макроа или ... Обично се тие најного причините.”

(AU_FN_ANSU_02p)

„Не одат на училиште поради тоа што...едноставно си дошле во раните утрински часови, се биле настрана некаде, не се можеле да стигнат за на училиште и така.”

(AU_MC_ANSU_10).

„Во перални кај што се мијат коли... Во населба . Тука имаме во населба кај бараките перална. И доле имаме, тетка ми кај што живее. И кога се стемнува значи внатре стават теписони . И таму во тој локал кај што се машините кај што е алатите на, за коли што се. Му стават само теписони и по нив водат секс..”.

(AU_FN_ANSU_02p)

„Зависи од самио клиент на пример. Некој може и у кола тва да ти го...това да го правеш, со некој може и у хотел да одеш и така натаму.”

(AU_KP_ANSU_09_IV).

„.. пример некои одат пример во Гостивар, зошто најмногу има во Гостивар што имаат повеќе пари. Тука во населба има помалце муштерии и мие пример кога одиме, ние женски таму се договараме колку пари пример да дават тие муштери, договараме преку телефон, пример кажува тој ајде да се најдеме пример во град и таму одиме со такси и он плати и ние се симниме и сите во хотели идиме...”.

(AU_KP_ANSU_12 - таксист)

„Има, има, ги возев, у Кичево ги возев. Таму работата му е... Во приватна кафана некоја. Па по двоица, троица некогаш паѓаат..” )

(AU_FN_ANSU_09c).

„од Бугарија идат, на пример, работат низ ноќни барови како стриптизети, нудат други услуги и навечер, си одат, нели, минат граница, Петрич, пример, им е блиску, Благоевград, другио ден пак доаѓат на работа. Исто и од селата. Ќе си оде со такси и другио ден пак си доаѓа на работа.... Да, да и пак се враќат дома, а некои има дури шо плаќат и стан. Шо ... да кажеме си плаќат кирија, се сместени во куќа, стан и така. Шо не си ни одат. Зависи од условите и парите.

**Истраж.:** А девојки од Струмица?

**Инф.:** У Бугарија. Може да се случи у Бугарија да одат и исто така, пак, нели, не ги знаат. У Струмица, као, наводно, нели, стварно некои не ги знаат, ама имам јас пријателки шо ми се доверуват и можат да ми кажат оти била, да кажеме, у Авалон, у дискотека у Петрич и оти заработила да кажам, некои две-триста лева и оти си купила другио ден добра чизма, добра кондура и така заработува. Зависи шо ... шо ѝ треба.”

(AU_FN_ANSU_09c_II).

„Еми, може ... ако, на пример одам јас сé у тај мотел конобаро ќе се погоде, на пример, два-три пати ќе ме виде истио конобар. А, Струмица маленко место, бла-бла-бла, ќе стигне до некој и за тва повеќе ги менуваме местата. Постоат ного места у Струмица, мотелчина, има на излезо од Струмица неколко, има места, мислам доволно.”

(AU_MC_ANSU_09)

„Е па има некој сега... повише ноќеска, а денски ретко има... Секој ден...”

(AU_FN_ANSU_09c)

„Па, можам да кажам – викендо: петок, сабота, недела. Тие три дена ни се ... нели, оти јас сам, пример, сам школарка и повиќе не ... Јас давам сексуални услуги и понеделник, вторник, среда, мож да се случе, нели, после школо, ама најчесто викедно се прават... И другите. И за другите можам това да го кажам, не само за мене.”

(AU_FN_ANSU_09c_III).

„На мене ми одговара да работам сама, оти ако сум у група се случува, на пример, ако сме ние три женски после се караме за паарте. Разбираш? Се случува: „Ее, де ма! Чеки, беа двеста евра. Требе да си ги поделеме!"

(AU_KP_ANSU_09)

„Зошто не сакаат никој да дознае и затоа идат сами..„

(AU_MC_ANSU_05).

„Пред Телевизија  секој ден сум... Сама... Сама сум, има уште девојки таму, ама јас сум посебно сама...

**Истраж.:** А те штити ако некој те нападне или нешто?

**Инф.:** Ако некој ќе го викам мојот и...Инаку он не стои таму. Ако има проблеми, го викам на телефон и одма доаѓа. Тоа да... Со него живеам..."

(AU_MC_ANSU)

„Повеќе сме во група. Сега сме осум девојчиња и јас девет.."

(AU_KP_ANSU_09)

„Во групи се собираме и.. пример одиме од куќа на куќа да ги викниме девојчињата и послем се пример кажува родители кај одите, и одиме да се прошетаме и се собираме сите.

Истраж.:Ако искочиш сама?

**Инф.:** Те прашуваат каде одиш."

(AU_MC_ANSU_09_I).

„Пример, она отиде со него му се случи пример лошо, и го знае и пример тој човек доаѓа сега, пример, кај мене, мене да ми праша ја не го знам, пример, и таа ќе ми рече немој со овој, пример, да идеш. ..."

(AU_MC_ANSU_10)

„... секогаш, ние кога се собираме нашата група што ви ја спомнав, секогаш си даваме меѓусебно совети со кого идеме да се пазиме. Да не имаме такви проблеми како што имаше нашата другарка..."

(AU_MC_ANSU_11)

„Другарка, таа има 21 година и она секогаш не советува како треба да изгледаме. Што треба да напрајме. Како да се заштитиме од клиентите тие што доаѓаат за пари. Понекогаш за да не учи доаѓа самата дома. Она доаѓа кај мене дома за да ме научи како треба да се средам за да ги привлечам моите клиенти што доаѓаат. И мајка ми тоа го примети и праша што бара она за да те спрема... И јас нормално не можам да и кажам дека идам за пари. И ја лажеме дека идеме у некој кафич да се седиме на некоја пијачка..."

(AU_MC_ANSU_09_II).

„Разни доаѓаат... Епа сеа, зависи на луѓе, има луѓе добро, ме сватиш, добра кола има пример убава, убава пример има некој знаеш дотерани пример, облечен убаво знаеш, има некои па како ќе доаѓаат од работа зависи од луѓето, за нас не не интересира.. (се смее)"

(AU_FN_ANSU_03).

„- Важно ли ти е од која вера и националност е клиенто?

- Не. Битно ми е да дојдам само до финансии."

(AU_FN_ANSU_10c).

„Еденјо тип има тука фабрика, огромна фабрика, продава коли. Такви коли и делови за коли и веспи, моторчина, нели, а другите се сè газ... бизнисмени, нели, и газди у Грција. Некој иде дури и од подалеките места, дури и од ... да кажеме не тука Солун, Атина и од подалеки места идат. Без проблем."

(AU_FN_ANSU_02p).

„Па нели жаргонски макро се нарекува на пример, тај дечко и...Неговата улога едноставно да ти каже клиенто шо сака, на шо повеќе да обрнеш внимание. Заштита некоја голема, мислам оти не нуде. Не е толку влијателен за да нуде заштита голема.

**Истраж.:** Како се стапува во контакт со т'ва лице, шо го кажа нели, макро?

**Инф.:** Па се разменуват телефони најчесто, ќе му се јавеш, ќе се најдете на некое место и ќе му кажеш дека сакаш тва да го работеш, а он ќе ти каже за колку време ќе ти најде клиент на пример, и дека пак ќе ти одврне со телефонски повик. И отпосле сам се наваѓаш ти со клиенто.
**Истраж.:** А зима ли одреден процент за т'ва шо го праве?
**Инф.:** Мислам оти зима од клиентите, чак и поголем е процентот од нас девојките шо го работеме това. Па од секое женско зима по...сигурно по дваесе, триесе евра, на едно обидување.
**Истраж.**:Казни за неисполенет договор?
**Инф.:** Да, добива. Еден период на пример апстиненција, добиве...добива помалку финансии, ја кратат тука и така. Од шо нема да и се јавуват, шо нема да ја повикуват.
**Истраж.:** Се е случило ли да тера...да ти каже как да се однесуваш, да ти нареде, да ти наредува шо да направеш, как да се облечеш?
**Инф.:** Да, да, да. Најчесто клиенто шо сака, така да се облечеш. Дали нападно да се нашминкаш, шо сака да му работеш, оти сигурно си ги они прават тие муабети меѓусебе, пред да га најдат...да не најдат нас, девојките.
**Истраж.:** И мора да го исполнеш тва шо ќе ти го каже?
**Инф.:** Па поголем дел, да. Пошто после он вика – јас имам проблем со клиенто."

(AU_FN_ANSU_07c).

„..тие, т'ва е у нас шо го викаме „пезевенк". Пезевенк шо наваѓе муштерии на момичките и само од неа мож да го зимаш ... Со момичката да се договориш - немаш шанси, оти тај го продава... Да, со него ќе се пазариш, он ќе ти каже коа цена и ако ти одговара ќе 'а зима момичката, ќе 'а однесе негде. Само со него.... Еми, они се наваѓат телефонски. Телефонски се наваѓат, оти он му најдел муштерија и излеват. Така се договарат... И сеа, он е способен за тие работи, а момичката не е способна за да се снајде, до пари да дојде. Оти момичката ако е сама не знаа дали ќе му дадат, дали пари ќе зима или не. Она оде, и можат да го лажат и за двеста динара и за триста динара. А, он ако го дава, ќе го дава за ногу поголеми пари и затова ѝ одговара и на момичката. И за т'ва се договарат они..
**Истраж.:** Се случува ли пезевенко да наметнува, да тере, да наредува как да се однесуваш?
**Инф.:** Се случува ако е ного запознат со човеко, он ќе ти каже така-и-така може само да направате и друго ништо. Он одговара и го знае човеко шо-е-и-как-е и он ..."

(AU_FN_ANSU_03)

„После това едноставно сами почнаа да идат клиентите. Си научуват едни меѓу други, си говорат, си терат женски, на пример за пари, ќе опита – има ли некоја шо знаеш? Ќе ме препорача мене. И тај самио шо е бил со мене, ќе ми се јаве да ми каже на пример – ќе ти даде повеќе, оди со него, ако сакаш, види, ја ти го бројо, запознајте се и така натаму."

„Најчесто...ми се е случило два случаја да препратам на мои познанички коишо знам оти сакат и они исто да одат за пари. Повеќе финансии сакат, немат да им дадат толку од дома, така да најчесто тие клиенти кои ми се поефтини им ги нудам, ако си најдам некој за повеќе пари."

(AU_FN_ANSU_10c).

„Да. Ми се е случувало и ми имат понудуване, нели, да ... „Сакаш ли, нели, има дојдено човеци, од страна." Ми га кажуват дури и цифра – „Ќе добииш двеста евра да имате секс. „И оти ... да ќе ... „Јас, вика, возам такси, ќе одаме, вика, со такси у Гевгелија, јас ќе седам, у ... доле ... нели, ќе пијам на шанко, ти оди, вика, горе заврши, вика, со човеко работа и па те враќам у Струмица. Значи, као и он е со мене, заштитена сам.

- А, он зима ли одреден процент за тва шо го ...?
- Таксисто? Сигурно! Он не ми кажува оти зима, само по пато ка се враќааме ми кажа: „Нема ли да частиш два-триесе евра сеа другар? Тоа ми го кажа. И јас му кажах: „Нема проблем! Не два-триесе, и пеисе ќе те частум." Земах двеста. А, сигурно он е земал од Грко, сигурно уше пеисе."

(AU_KP_ANSU_03_I).

„Го доживувам како дечко.(И?) Ништо, тој ме чека кога ќе искочам. Да не ми напраи нешто, да не ме излаже, му зима број од таблици, да не ме однесе негде на друго место. И така. Да, не следи тој со кола и не следи кај идеме ние. Или по телефон.
**Истраж.:** И ти него колку му плаќаш за тоа?
**Инф.:** Не му плаќам ништо. Бидејќи тој е со мене.
**Истраж.:** А му даваш дел од парите што ги заработуваш?
**Инф.:** Понекогаш му давам, понекогаш не.
**Истраж.:** Заедно ги трошите?
**Инф.:** Да.
**Истраж.:** Он се договара со луѓето или ти?

**Инф.:** Да. Тој...и јас одам после. Тој ми се јавува или понекогаш сме заедно ко ќе се договори со некој и така."

(AU_KP_ANSU_03_II).

„Па ете некој ги штити шо не работат со нив. На пример...како да ти кажам...Има...Па ете ако некој ги закача, тој е таму, седи до нив, да не ги закача некој. И така.
**Истраж.:** Дали му плаќаат за тоа?
**Инф.:** Па да, му плаќаат.
**Истраж.:** И кој го плаќа тој човек?
**Инф.:** Па тој...што ги носи женските (заб. макрото).
**Истраж.:** И што се случува ако на пример, тој не си ги исполни обврските? Ако на пример, еве заседне некаде и на пример не...не ги штити ко шо треба? Ако се пожалат девојките од него?
**Инф.:** Ќе го избрка од работа.
**Истраж.:** Аха. А освен што ги штити на пример, да не ги нападне некој, има ли и некоја друга улога тука?
**Инф.:** Не."

(AU_MC_ANSU_05_I).

„- Значи во кафаната работи. Одамна ја има кафаната?
**Инф.:** Да. Многу години.
**Истраж.:** Он си заработува од таму пари.
**Инф.:** Да.
**Истраж.:** А ти парите што ги заработуваш заедно ги трошите?
**Инф.:** Да. Све заедно, да.
**Истраж.:** И он што заработува?
**Инф.:** Да. Исто. Заедно све, до последен денар."

(AU_KP_ANSU_08).

„.. она парите ги зимаше и ја ништо, само со човекот ќе идев... само ја и она бевме, немаше други девојчиња, кога ќе излезовме таму доле, ми викаше немој случајно да му збориш на некого дека работиш за мене не знам што не знам што, ми се закануваше ја како мала се плашев... И сите ме прашуваа кој те носи тука, ја му викам сама доаѓам..."

(AU_KP_ANSU_03_III).

„- И послем тоа се фатив со овој таксистот и така. Тој почна да ме продава. И така... Јас не сакав али послем ми се заслади. (се смее)
**Истраж.:** А дали дел од парите шо ги заработуваш, шо ги заработуваше, кажи ми даваш на семејството?
**Инф.:** Не... за него ги заработував. Мислам така на мене коа ќе ми требаше нешто за облека или за јадење, тоа ми купуваше."

(AU_KP_ANSU_09_V).

„... Првиот пат немавме пари ние девојчињата се караме дома да ми дават пари, он кажа немаме пари што да прајме ние... за кај да се најдат пари и она кажуваше за, ајде да прашаме тој таксист знае, дали ќе.. Ајде ќе одиме во такси и прашуваме за него дали има девојчињата што одат за пари и он кажува да има. Сакате ли вие да работите? И сите сега девојчиња се гледаме на очи и прифативме сита да зошто немам услови за тоа, и он после доаѓа, пример, не чека пример, ние чека тука горе па се качиме во такси, па однесоа во хотел со тие муштерии и така си земавме пари и после..
**Истраж.:** А колку пари него му дававте?
**Инф.:** Па некој дават по илјаду денари, илјаду петсто има...
**Истраж.:** А кажи ми тогаш тој таксист колку време така со него работевте?
Инф.:Скоро пет години....Пример ако имам јас мои муштерии јас не му давам пари тогаш.
**Истраж.:** Не ти бара пари тогаш?
**Инф.:** Не, само за такси, ако он пример коа наоѓа муштерии ми бари пари и си зима пари."

(AU_MC_ANSU_09_VI).

„Кај центарот што е ако го знаеш, тоа Д се вика Н, ама така го викаат Д, на таа голема куќа, и избеглици седат горе, а доле таму се собираат...Има многу девојки, има една дури има дваесседум, дваесосум години и повише млади...има и плус жена тој човек има деца.
**Истраж.:** Значи всушност така заработуваат за живот чувајќи ги овие жени?
**Инф.:** Не, тие само ги чуваат така, тие не идат, ама има и женски што идат кај него така што седат, највише тие што се дрогираат, нема кај да иде и таму.."

(AU_KP_ANSU_09_VII)

„Пример сме ние во едно кафана десет души и он кажува ајде послем преку да затворат кафана и да излегуваме ван. И затвараме кафаната све...

**Истраж.:** На фајрон?

**Инф.:** Да, на фајрон кога беше и излегуваме со муштерии за пари и од кафана почнуват пример луѓето што доваѓат и прашуват само дали одат за пари.

**Истраж.:** А кого го прашуваат газдата во кафана?

**Инф.:** Газдата не се меша...Не, газда кажува пример ако сакате вие да земете пари повеќе одете јас не можам, јас на деца да праам муабет. Зошто дневницата во тоа во Гостивар, дневницата беше за нас: пијачка и иладу денари. За што ќе стиганат иладу денари, дали да даваме дома, дали за стан, дали за облека, ништо и мора...

**Истраж.:** А се случува да дојде муштерија и во текот додека си на работа во кафана да излезеш надвор па после да се вратиш?

**Инф.:** Да се случува.

**Истраж.:** И тогаш зимаш дневница пак?

**Инф.:** Не не зимаме дневница, излегуваме со нив и он ту муштерии и плус плаќа дневницата што изгубивме работа."

(AU_KP_ANSU_10).

„За секс по 1000, 1500 даваат

**Истраж.:** За секс нормален?

**Инф.:** Да... За пушење 500 денара зимаат...Све за 1000, 1500 денара, така се договара."

(AU_MC_ANSU_09).

„Саат време, тоа три илјади или, пример, како ќе се договараш знаеш, ако е, пример, странец тогаш три илјади давит има и некој од тука дават знаеш, до три илјади ама ретко човек дае, ме сватиш? Обично две илјади и петсто, две илјади и така (за во хотел)."

(AU_KP_ANSU_09_X).

„- А се случува да дојде муштерија и во текот додека си на работа во кафана да излезеш надвор па после да се вратиш?

- Да се случува....Не не зимаме дневница, излегуваме со нив и он ту муштерии и плус плаќа дневницата што изгубивме работа...Пример обично мене ми даде по две илјади, илјаду и петсто, некогаш кога има пари три илјади, така до три илјади ми даде."

(AU_FN_ANSU_10c)

„... сеа зависи спрема клиенто. Ама, најчесто, нели, ако ... најчесто се случува најмалко ме е сто ... најмалко – сто двајсе евра терам....За пушене, зависи, можам да му потерам пет-шеисе евра, може и сто евра. Зависи, ти кажах од човеко, и колку време го знам и как се понаша со мене, и ка изгледе, дури има клиенти шо ми се симпатични. Нели, шо така, ... нели, ... Ме разбираш, нели?

**Истраж.:** Им попуштеш на цена?

**Инф.:** Да.

**Истраж.:** На пример за вагинален колку зимаш, за анален колку зимаш?

**Инф.:** Зависи, се е ... ама, ти викам испод сто двајсе, двеста евра, двеста пејсе....Ама тие се луѓе шо сите имат фирми, фабрики, се јаки човеци, на них не им се битни парите уопште. И за тва тие имат толку пари, иначе моите колешки се случува, мож да зема и иљаду денара. Може да земе и петсто денара, нели, зависи со какви луѓе одеш. Дали ќе е од тука, од странство..

**Истраж.:** Дали освен пари, добиваш и друг вид надомест?

**Инф.:** Да. У Фри-шоп одеме, на пример, ќе ме закаре, ќе ми каже: „Избери си парфемче, земи си штека цигаре, алкохол, виски-миски", ако сакам, кармин, пудра, шо ти треба. Без проблем! Флевам у Фри-шопо и ми вика: „Пуни кошницата шо сакаш!" Цента него не му е битна. Ми се случило да плате шесто осумдесе евра у Фри-шоп за мене....Ако даде, да, мож да му кажам: „Дај ми оште двеста евра у Штип или у Струмица или било дека ми се ареса добар џемпер и ... без проблем – тап, ми дава, да си купам и плус шо сме имале .. нели, ... секс – тоа башка тие пари се."

(AU_KP_ANSU_09_XI).

„Да, а има муштерии со две сака со две девојчиња, така, на пример, сака лезбејки да бидеме, има такви има, само да гледа.

**Истраж.:** И плаќа повеќе?

**Инф.:** Да. На една три илјади. За двете шес илјади."

(AU_KP_ANSU_09_XII)

„Десет девојчиња, десет души бевме ние... Само девојчиња бевме. Меѓу нас, и никој не знаеше, од родители немавме услови, зошто родители кажеа немаме пари, зошто ние одеме во училиште, сакаме нели да се облечеме, да имаме пари, да одиме во дискотека, пример за книги па за родители да даваме пари, за јадење, зошто нема, сиромашни... Денеска ако донесам јас ќе јадат, ако не донесам јас нема со што, нема, ни пример да има работа, пример, едно социјално штоземаме."

(AU_FN_ANSU_02c)

„Мм ...па, не работе никој...Никој, ништо. Само јас...Немме буџет.

**Истраж.:** Дали добиваш џепарлк, од мајка ти?

**Инф.:** Не.

**Истраж.:** Значи ти шо си ги заработавиш паарте ...

**Инф.:** Да, тие ми се. И дома шо давам... Па, дома, за јадејне, за гардероба."

(AU_KP_ANSU_02_IV).

„И ме почнал тој да ми...да питам, да просам и све... По куќи, на семафори... Бев со двете братучетки, не е важно кој се... Отидов со нив, па и тие почнаа проститутија за пари. И така, ја видов од нив и јас си почнав така... Имаше едно газда, ќе ни платеше по две илјади денари за тројцата, шес илјади ќе земевме и ќе му се ставивме у однос. Ќе земавме пари, не му се доволни (на таткото), ни на другата, ни на другата, тројца бевме малтретирани. (Како?) На тепање... И ништо, после ќе му носиме пари, ќе се смее со нас, он ОК ова – она. Све ОК кога му носам пари. Све ОК. Тоа е....А кога не носам пари, дома сум малтретиран и..."

(AU_MC_ANSU_05)

„Со брат ми по улици највише спиевме, имав проблеми со родителите....Не пуштија да идеме да просиме, да праиме, да донесеме некои пари дома. И тогаш ге примат. Ако не носиме, не примат дома. И така спиевме со брат ми поголемиот по улица. Од малечка.."

(AU_MC_ANSU_13n).

„Па така мајка ми сега работи таа е учителка во градинка. Работи таму и зема 8000 месечно. Татко ми работи исто така. Јас се ќе си излегувам. Излегував со продавање нешто (заб. мисли на продавање гардероба низ населбата) така ама понекогаш си земам мислам за појче пари за мене."

(AU_KP_ANSU_09_XIII).

„Зошто пример ако му давам кондом ќе прашува од кај ти тие работи, зошто така за мене кондом, ќе свати нешто.."

(AU_KP_ANSU_03).

„**Истраж.:** А некој со кого не користиш заштита?

**Инф.:** Само со дечкото. (се смешка)

**Истраж.:** А зошто?

**Инф.:** Не сака тој. „

(AU_FN_ANSU_03p)

„Со дечко шо одам подолго време, знам оти е чис и не користам заштита со него."

(AU_MC_ANSU_10_I)

„**Истраж.:** А кажи ми дали користиш кондом?

**Инф.:** Кондом не.

**Истраж.:** А не се плашиш од болести од бременоси?

**Инф.:** Не знам.

**Истраж.:** А муштериите не побарале од тебе?

**Инф.:** Не. Ми бараше еден Албанец кондом. Јас му каже што е тоа кондом?! Он ми каже, за..., тоа е за СИДА . Јас му кажав јас сум не го примам тој кондом. Јас се плашам сега ти што ми кажуваш да барем СИДА."

(AU_KP_ANSU_07)

„**Истраж.:** Кажи ми дали користиш кондоми?

**Инф.:** Не.

**Истраж.:** А со никого досега, никогаш не си користела кондом?

**Инф.:** Не. Со никој. Све вака обично."

(AU_MC_ANSU_09_XIV)

„**Истраж.:** Што прво погледнуваш кога купуваш кондом?

**Инф.:** Не, го купувам и знаеш послем одам да работам... Не, не, па и да гледам не се разбирам (се смее) така."

(AU_KP_ANSU_09)

„**Истраж.:** А кажи ми знаеш дека за различен вид на секс постојат различни видови на кондоми? - Да.

**Инф.:** Какви кондоми има?

**Истраж.:** Па има како да кажам има обични кондоми има тие што поубави кондоми, поскапи.."

(AU_FN_ANSU_10c).

„Ми, можам да кажам оти повеќето сакат секс без кондом, ама, кој ги пите!? На мене ни е битно здравјето, нели?! Ако сакаш, ако не – чао!"

(AU_KP_ANSU_09)

„Некогаш прифатам некогаш не.

**Истраж.:** Во кои ситуациии прифаќаш а во кои не?

**Инф.:** Зошто кога имав пари некогаш јас не прифатов кога ми требаа многу пари јас прифатам, зошто мора."

(AU_MC_ANSU_05)

„**Истраж.:** Газдите кога велат за сигурен клиент, што значи?

**Инф.:** Сигурен, нема да се заразиш од него демек ако идеш без кондоми - ја го знам, другар ми е, го знам каков е. Демек не иде со секоја, чис е, ме разбираш? – Иди ти со него и нема ништо да ти биде. Така. Тоа е.

**Истраж.:** Ти се сомневаш во тоа, си мислиш дека не е сигурен? Или знаеш дека чим газдата вика дека е сигурен, сигурен е?

**Инф.:** Ааа чим вика газдата, да, да, да... Јас што ќе сомневам. Морам. Пак и да не е, мора пак да идам..."

(AU_FN_ANSU_07c)

„Има некои деца дават бесплатно кондоми и тие деца ги знаеме ние и зимам од них повеќе. Да се најде у џебо, зимам од них десетина-петнајсе да имам у џебо. Знам веќе кој дава у маалата кондоми сé од них зимам.

**Истраж.:** Купуваш ли кондоми

**Инф.:** Да. Најефтиното шо ми е, т'ва го зимам."

(AU_FN_ANSU_03c)

„Лично јас, пошто сум малолетна, ги наваѓам преку една моја комшика повозрасна така да...има една невладина организација „Избор" и ми зима у поголема количина, пеесе броја на пример ми донесе и имам презервативи у мене."

(AU_MC_ANSU_05_II).

„Секој ден идев, си купував таблети и дома. (А на лекар не беше?)..Не. Не идев ич...Сама... Знаев пред тоа и другари шо зимале....ми кажале, ми ги пишале – иди купи овие и да не зимаш више дрога, овие ќе ти помогнат. Трамадон, апаурин и овие...како се вика... Дијазапан.."

(AU_KP_ANSU_08_I)

„**Истраж.:** Зошто значи предходно не се пријави за метадонска терапија?

**Инф.:** Зошто незнаев... Не сум знаела тоа, тоа ми кажала од ваша страна, дека можам кога ќе излезам од затвор да барам од докторот оправдање дека сум на ептанон, со тоа потврда да идам у Кисела Вода и да се вклучам на хептанон, тогаш од вас сум знаела и тоа сум го направила, иначе пред, два пати кога сум била не сум знаела, од кога сум излезела, право у дрога сум идела, зошто не сум знаела дека можам, пошто сум слушала луѓе од дамна сум пишана таму не правам ништо, немав ни книшка ни ништо, ти викам со ваша помош на С извадив книшка, извадивме се што треба, еден месец дури без книшка ми давале, и на крај ми рекоа ако не донесеш книшка да знаеш дека ова се приватно ќе го платиш. Тогаш почнавме секој ден со С да трчаме со пари секој ден и...

**Истраж.:** По документи?

**Инф.:** Да ги напраивме сите тие е сега по терапија јас сум две години."

(AU_MC_ANSU_05)

**Истраж.:** А си пробала да најдеш помош, да се лечиш? Помош од некого?

**Инф.:** Најдев еднаш, тука од ХОПС, К ме однесе у Кисела Вода, преку нив, таму се лечев. Да. Таму се лечев и коа си дојдев, пак се заглавив. Од првиот ден уште почнав да земам пак."

(AU_KP_ANSU_05_III)

„Не е често. Ретко ептен. Кога има некоја веселба, така некој роденден. Така."

(AU_FN_ANSU_01c)

„Алкохол? Кога работам. Пред работа обично – да. Доброволно, да се опуштам."

(AU_FN_ANSU_03_I)

„Не, не. Секојпат практикувам да користам без разлика дали сум...најчесто сум под дејство на дрога. Не се губе осето мислам и..."

(AU_KP_ANSU_09_XV).

„Пример во Гостивар има село, таму има кафани, а во Гостивар таму каде што има град седиме во едно стан. Еден стан има пример петти... Пет соби и таму петнаес души по пет соби петнаес души..."

(AU_KP_ANSU_07)

„Ама сега газдата не плати, немаме хотел. Сега во кафана седиме...Има тие како фотељи, тие... Све во нив така. Све по столици спиеме.. (колку девојки?).. Па сега...сега за сега има две... А што беа тие, скоро имаше единаесет, дванаесет женски. Оти више имаше."

(AU_MC_ANSU_05_IV)

„Со сила ќе те зема, ќе те плати, ќе те качи у кола, со сила и ќе ти праи таа работа и ќе те тепа и парите ти ги зема и све. Има. Многу пута ме тепале, ме праиле, парите ми ги зимале. Тоа многу пута. Више да не кажувам.

**Истраж.:** А каде те носат најчесто?

**Инф.:** Па у некои шуми таму што знам, по некои скриени места, што се најскриени, далеку негде. Ќе викат некои души, некои другари и спијат со тебе и ќе те носат послем дома. И тоа ако те пуштат. Ако не, ништо."

(AU_FN_ANSU_01c_II).

„- Насилство, конкретно да сака да ме силува или нешто – не, ама има некои шо сум сретнала на пример, шо сакат, уживат у садомазохистички секс. Уживат у удар, при секс да ги ударат или да удрат. Ама не е било толку нападно, толку ...

**Истраж.:** Шо правиш у тие ситуации? Задоволуваш ли ги нивните ...?

**Инф.:** Па се трудам. До колку не ми остават лузни или белеци, се трудам да ги задоволам. Сé додека е безбедно, значи, се трудам."

(AU_MC_ANSU_05_V).

„**Истраж.:** И кога си лоша не те малтретира?..

**Инф.:** Не, не. Цук. Не, не. Се случува некад, човек не може све добар да биде. Мора некад да ти вика за нешто ама не е тоа тоа... Вика ама... За дома. За чистење, за тие работи. Највише за чистење, за хигиена, негови ствари едно – друго, да биде чисто едно – друго, мои ствари. Највише за тоа.

**Истраж.:** А не те удрил никогаш, значи само ти вика?

**Инф.:** Не. Ми вика само, не ме удира."

(TB_MC_ANSU_05)

„Кога кажува (заб. во претходната изјава) дека воопшто никогаш не е тепана од сегашниот маж, и дека само и вика и тој е многу добар човек, моја претпоставка на таа изјава е дека или во моментов е страшно малтретирана и се плаши да каже, или толку е апатична да не сака да зборува и да се потсетува."

(TB_MC_ANSU_07)

„Во интервјуто вели дека не ја малтретира дечко и, но, ние на терен сме ја виделе многу пати како плаче или дека е истепана од дечко и."

(AU_MC_ANSU_06)

„**Инф.1**: Има некој чисти, има некој смрдливи, се облекуват зашто морат малку и они да ги изазивет машките.
**Инф.2**: Некој се облакаат скинати панталони, сукни скинати...
**Инф.3**: Некој облекаат танга, со шарпа.
**Инф.4**: Има танга само шарпа си врзува...
**Инф.1**: Има танга ја извадат надвор вака да се гледат да ги зазиваат машките да одат машките по нив..”

(AU_FN_ANSU_06_II)

„Многу ретко, прво затва шо тие имат ставено маска некоа шо...шо знам, под која шо се кријат поради некој не знам, некојси срам, поради некој страх од дискриминација.”

(AU_FN_ANSU_06_III)

„**Инф.1**: Ако она тва го сфаќа дека нејзините родители на пример, не са обрнале доволно внимание и не и е потребно внимание и на тај начин она си наваѓа муштерии и нуде сексуални услуги.
**Инф.2**: Да. Може така да сака да го привлече вниманието на родителите.
**Инф.1**: Може да не добива доволно пари од дома. Може да не добива ич пари, може да има како шо кажа, семејно насилство. Може...има...
**Инф.2**: Не, не. Ама (неразб. – зборуваат истовремено)...внимание...
**Инф.1**: Има ги ногу, да.
**Инф.2**: Миљон опции.”

(AU_FN_ANSU_06_IV)

„**Инф.1**: Ама без разлика дали е од родителите повикана или од некој од страна, прва е полицијата. А за установи јас не сам чујала дека...
**Инф.2**: Може ама колку помагат тва не сам чујала.
**Инф.1**: Мислам дека ногу...ногу се однесуват, полицијата ногу некако дури и насилно да кажам, ако не физички, психички...психичко насилство постои или некоја дискриминација уште у очите на тај полицаец или инспектор и повеќе се трудат за да дознаат во врска со мрежата отколку да им помогнат на них и да ги упатат них.”
„Само мислам дека треба...треба да се преземат мерки у врска со сé и треба да се даде помош и треба да се биде малце поблизок со сите. На секој му треба помош, на секој еден, од било која област и уопште дискриминација дури и не треба да постое.”

(AU_BM_ANSU_02b)

„**Инф.**: Не го имаме у пато, пример, шо ќе ми беше женска, шо ќе ми биде или жена шо ќе ми биде, у пато не можеме да имаме однос со неа, чисто го имаме, дома морам да го носам ...
**Истраж.**: Да, заш ќе га женаш иии ... после ...
**Инф.**:...после можам да имам односи со неа и за т’вá повеќе имаме потреба на педери. За т’вá ...
**Инф.**: (неразб.) Еми, пример, јас шо ќе живéам ваа вечер со мојата женска, еми, шо имам потреба јас на педер? Еми повеќе души, иљáдници души имат потреба на ... на однос.
**Инф.**: Еми, чим не може да го има со неговата женска, мора да го има со некој! И дали ќе е ...
**Инф.**: ...дали ќе е сега курва, дали ќе е педер на него ... Т’ва е! Од повеќе работи – т’вá се случува.”

(AU_MC_ANSU_11_II)

„**Истраж.**: Дали знаеш каде да се обра... да одиш на лекар ако имаш проблем значи со женски болести?
**Инф.**: Пример знам, пример со вас пример.
**Истраж.**: Кои сме ние? (се смее)
**Истраж.**: или пример С......
**Инф.**:- Со ХОПС?
**Истраж.**: Да.
**Истраж.**: А сама ако треба да одиш?
**Инф.**: Сама никогаш не отидев пример, што да имав - никогаш не отидев сама.”

(AU_FN_ANSU_01c_II)

„Нема грешка. Зашто ќе им се други установи? Едноставо таа си е работа како и секоја друга работа. Треба ли посебни установи за тутунари, не знам, за земјоделци или за сметководители? Нели се исто шо и другите?”

(AU_KP_ANSU_07)

„**Истраж.:** Кога првпат побара помош од Центарот за социјална?

**Инф.:** Кога се родил малата.

**Истраж.:** Тогаш ти колку години имаше?

**Инф.:** 16 и пол толку. Кога отидев гледам да ја пријавам девојчето, не можам. Дај документи ќе ти ја пријавам. Немам, ти кажувам да е, ни пријавена не е, ни лична карта не ми дават, ни извод. Морам ја да работам, ништо, па да ја чувам девојчето. Плус парализа е. Работив малце и ја однесов на операција. Тоа е.

**Истраж.:** А како ќе ми го опишеш тој цел однос на социјалните работници кон тебе?

**Инф.:** Вика донеси ми документи и ќе ти ги прам. `Ај излези`- вика, `немаш документи` и така... Што да одам пак кога вака ми прат, кога немаш документи нема да прајш ништо.

**Истраж.:** Кажи ми дали во овој момент сега дали контактираш социјална установа?

**Инф.:** Само со вас."

(TB_MC_ANSU_11_III)

**„Истраж.:** А полицијата тоа што си малолетна..?

**Инф.:** Отидеја во родителите ја прашаја мајката оти е малолетна оди за пари. Прашувале дали знаат.(И?) Ништо.

**Истраж.:** А центарот за социјална работа?

**Инф.:** Не знае.

**Истраж.:** Не те викнаа не те проверуваа не зборуваа со тебе?

**Инф.:** Не." (AU_MC_ANSU_07)

(AU_KP_ANSU_08_II)

„**Истраж.:** Се јавија некогаш од центар за социјална работа, разговараше со некој?

**Инф.:** Не, не, не, не никогаш, прво што сум разговарала со вас (ХОПС), тоа ми било со вас што сум разговарала у друго место не сум идела нигде, не ме викнал никој, полиција дури ден денеска зошто сега сум малку посвесна, ден денеска нешто да пријавиш гајле не им е ич не те фермат од тука му влегува од тука му излегува..."

(AU_FN_ANSU_06)

„Засега јас можам да кажам ако некој ми е ногу, ногу помогнал у живото, шо не сум никако крвно поврзана со них, се „Избор" и ги осеќам сите лица шо се тука, дури и тие шо се на терапија, дури и тие шо се координатори и не знам психолози, доктори, сите шо се уклучени ги осеќам ногу блиски, повеќе од пријатели."

(AU_FN_ANSU_03_II)

„Па преку...пријателки, познанички кои исто така биле таму. Најпрво за невладината организација „Избор" дознав од мојата комшика којашто ми ги набавуваше кондомите, а и веќе се слуша низ градот за невладината организација, дека постои."

(AU_MC_ANSU_14n)

„Отидов еднаш така да им кажувам нешто така некој проблем. Не ми помагаа ништо.

**Истраж.:** Каков проблем?

**Инф.:** Па така на пример еве треба да ја менувам адресата знаш. Имам еден пасош овде еден во странство. И тој пасош ми остана немам на пример сакам да си вадам нов пасош тој ми е стар. Неможам да ја менувам адресата на пример . Рекоа дека помагат плаќаат за тоа знаш ти дават пари да извадиш ово оно. И отидов така ми ветија дека ќе дојдат во мојата улица така. Му дадов број улица знајш ... И ништо"

(AU_FN_ANSU_02p_II)

„Веднаш откоа се направи претресот кога ми го обрнаа станот наопаку, го известија најпрво татко ми кој сè уште работеше, бившо воено лице е. Татко ми веднаш дојде. Таа случка не можам да ја заборавам, така да...и него го држаа два часа во полиција, мене околу пет - шес часа. Му го одзедоа пиштолот иако службен, си има документ. Наводно муабети на него, јас демек да не напраам некоја беља. А на мене заради него...разочаран и...И по неколку дена му го вратија на многу груб начин, преку... на работа лично."

(AU_FN_ANSU_01c_III)

„Шо знам? Знам оти никој нема право мене (се накашлува) да ме малтретира, (кашла), ни физички, ни психички. Знам дека можам да го работам т'ва смо по моа волја, дека никој не може мене да ме присиле. Знам дека можам да се обратам за помош у ... не знам, тие јавни установи некои, знам оти можам да бидам член на невладина прганизација, знам дека можам да помагам на други. Т'ва шо го знам, едноставно шо е ... ного опипливо, шо го применувам секој ден. И оти сум рамноправна со другите."

(AU_FN_ANSU_03)

„Па да, знам дека на пример права има секој човек нели, на свој живот на пример, дека полицијата треба без разлика шо и да работеш, ипак коректно да се однесува со тебе. Не смее да те малтретира никој."

(AU_FN_ANSU_01c)

„..ного ќе помогне легализацијата на комерцијалното сексуално работење ...и малце повеќе да се обрне внимание на нивните права, на нивна заштита и ... на т'ва однесуване спрема них и да не биде т'ва само да се земат како ризична група и толку, ...И. ... туку да се оде малце понапред од т'ва не ... Едноставно да им се пруже помош и да бидат барем блиску до рамнопарвност со другите, поради т'ва шо тие се сметат некак под ниво."

(AU_FN_ANSU_01c_IV)

„Обично се смета т'ва за некое криминално дело и ... мислам дека треба да се ... главно да се обрне внимание на причините шо ги терат девојките, или момчињата, нели, да работат како ка-ес-ер (комерцијални сексуални работници), и треба да се говоре за нивните проблеме, да се говоре за нивна помош, за заштита, за организации, за права, за нивни слободи, за нивна рамноправност, а не само да се критикуват. (Т'ва шо ... шо се говоре на медиумите влијае ли некак на твојо живот и однесуване?) Па, нормално дека влијае. (неразб.) и ти ка ќе слушниш нешто за КСР (заб. комерцијални сексуални работнички) да каже некој, не знам, как се понашат спрема них и како и т'ва се смета за некој криминал, па се осеќаш и ти како криминалец. Тие, едноставно, имат влијание на твојата психа, ти си предмет на осуди и си ... си ... отфрлен, едноставно и секој пат, секој пат имам некое чудно чувство ка слушам за т'ва. Особено на медиуми или ка читем, дури и ка читам."

(AU_FN_ANSU_01c_V)

„Прво сакам да видам малце повеќе политичар да се позанимава со таа тема, да не а избегнуват, цело време да а кружат, ...Епа, едноставно, да се ставе ааа... малце на разгледуване таа тема, закон за легализација ... прво, да има повеќе дебати, да има повеќе програми у кои ќе учествуват дури и ка-ес-ер ...Па зависи как ќе се испонашат и медиумите у тај случај.. И колку ќе бидат они под ниво. Колку ќе се сметат за под ниво. Да има повеќе едукативни емисии, да има и стручњаци, што ќе разговарат значи,со них на таа тема, и ... малце повеќе. Да не биде т'ва табу-тема. Како шо е денеска... Да биде нешто сосем нормално шо ќе се разговара за него и ќе се изнајдуват решенија. Па акој некој рашил на тај начин да живее, па сигурно не е решил од лесно."

(AU_FN_ANSU_01c)

„Па би сакала да слушнам на пример, това, как да се заштитат, как треба да се однесуват, па и да дојде до това да се дискутира, за како шо спомна претходно у разговоро, да се покрене иницијатива за бесплатно правење на ХИВ и други сексуални преносливи болести на малолетници без родителска поддршка, знаење, потпис и така натаму."

(AU_IS_AID_002.doc)

„Да. Познавам. И тоа поголем број... Па, има, триесет посто (на возраст под 19 години, н.з.)... Па, поголем број машки се него женски. Женски..., малку. На..., што конзумираат."

„Да. Да. Много. Прво и прво, мое друштво што смо нели заедно, заедно што се фиксамо, заедно што конзумирамо дрогу, има малолетничка една од тринаесе и пол године, што..., потекнује од много богату фамилију. Много конзумира, на д`н може да се каже и по три, четири паковки. Има паре. Зима. И тој. Шеснаесе, седамнаесе, петнаесе. Тија су, тија смо у друштво обично... Што познавам ја, много. На моји другачки, пример сестре или братучетке што су многу помали, принудени су некој пут, они ги малтретирав, да зимав паре од дома, па навлечев ги. Као, наводно навлече те само колко да има приходи од куде да зима, материјално да ги користив. Тој су много мали деца. Па, минимално бројка иде негде до четрнаесе душе што смо такој у друштво. Што су помали дури од мене... Да. И принудени су. Колко пути избегав и од дома, криев се..., издрогирав се... Много, много малечки... Па, мушки дали смо пет, шест души. Толко дали смо. Други све смо женски... Добро. (се смее) Пет, шест, до осам дали сум мушки, друго све е женско... Да. Само е`дн што е постар од

нас, што има 21 годину. Други смо свите тиј. Генерација, помали, седамнаес, шеснаес. Тој ни е како што се вика, коловоѓа, главан, како да кажу, постар... Имамо и Албанци троица. Двоица мушкарци су Албанци, една Албанка, други сви смо Македонци. У друштво."

(AU_SD_AID_001.doc)

„Пф..., не многу... Два-тринаес луѓе... Машки (...се повеќе, н.з.)... Да. Под осумнаесет, под деветнаесет, да."

(AU_IS_AID_001.doc)

„Па..., дваесет, дваесет и пет души, така од прилика.... Па, повеќе се машки, отколку..., женски. Мислам..., четиринаесет се на пример, женски, други, останатите машки... А..., до деветнаесет години. Од четиринаесет до деветнаесет години... Има. Има Македонци, Албанци, Турци, Роми има."

(AU_IS_AID_004.doc)

„Па, јас знам едно..., десет..., десет луѓе што земаат... Знам три женски и седум машки... Па, од шеснаес до..., осамнаес години... Па, повеќето се Албанци."

(AU_KP_AID_008.doc)

„Да. Познавам. Има..., многу... Многу е. Многу. Скоро сите што ги знам се инјектираат..., го инјектираат дрогата... Па..., повише машки ги има. Него, од девојчиња... А, има и девојчиња... Македонци, Албанци, Турци..., Роми..."

(AU_KP_AID_001.doc)

„Имам..., завршено основно образование. А..., се..., потрудив да завршам средно образование, така да..., на трета година, ме фати професорот..., класниот со дрога и..., ме избркаа од средно образование. И така да, немам завршено средно. Али..., вака, три години имам..., учено."

(AU_RJ_AID_001.doc)

„Релативно. Можда, можда, може да се каже, порано дека имаше некои места, кај што се вртесва... Двоица... Или два дилера да кажеме, тај дел, па можеш да ги сретнеш туја од прилике... Али, у задње време е све више е тој растурено... Такој да... Друкше функционира више у задње време. Имаш мобилан телефон,..."

(AU_PP_AID_003.doc)

„...можеби кај некого дома, кај што нема никој, едноставно или..., одиме на некои места кај што е напуштено, запуштени места, некакви куќи, недоградени или такви работи."

(AU_RJ_AID_001.doc)

„У чаршију се сретнемо, се најдемо било куде и идемо после тражимо... У чаршију, било куде, на улицу."

(AU_AS_AID_003)

„Зашто..., имат тие Алфи доаѓаат. Знаеме дека доаѓат во тоа место Алфи... Ќе се удриме еднашка таму, па ќе идеме негде на друго место, ваму, таму и така. Понекогаш дома."

(AU_KP_AID_003)

„Да би било добро да има на пример едно место за као шо е на пример као фришоп. Да има место легализирано место каде што обожаватели на марихуана да си конзумираат. И ја мислам дека од безбедносни причини е подобро да има за ињектирање посебно некој простор каде ќе доаѓаат и ќе се ињектираат, пошто вака и по влезови боцкање. Се остава шприцот, тука у влез, ќе се фрли кукер, такви ствари и така да е ризично, ќе искочат мали деца, ќе згази на иглата ќе се повреди ќе напрај нешто. Така да, од безбедносни причини е подобро така да подобро е да се отвори некој таков центар легализиран. За едноставно да нема толку тензии, да едноставоно знаеш ако више конзумираш таа дрога имаш каде и како." (AU_KP_AID_003)

(AU_KP_AID_006)

„Мислам дека треба. Зашто на секаде има..., мислам, мене не ми се допаѓа тоа, има многу болести. Ммм..., можеш да најдеш шприц каде сакаш у Скопјево. Исто игла, може да се набодеш едноставно. Мислам дека треба. Ако више тоа, нека им дадат еден простор, нека се дрогирааат. Ако сакаат, ако си го избрале тој живот, нека се дрогираат. Само да не стане..., да не им прават на..., другите проблеми. Зашто да..., ако они се уништуваат, нека не уништуваат..., туѓи животи."

(AU_SD_AID_002)

„Барем ќе има некоја контрола разбираш.Нема да се фрла насекаде секаде и сешто нема да се фрла низ градов. Не дај боже да се боцне некој од таа работа само хепатит. Може да закачи сида некоја. Затоа подобро да биде означено тоа место али анонимно излегувањето да биде, наголи низ цел град да се прај карма кашара.”

(AU_PP_AID_004.doc)

„Па, да. Би сакала. Би сакала. Така би било многу подобро за сите. Тогаш значи, нели ние што користиме дроги, не би..., ете, би знаеле..., дека таму ни е (нејасно), дека таму можеме да ги правиме тие работи. И да не одиме..., кај што има..., народ, кај што може некој да не види, кај... Сепак тоа е неубава глетка. А, кога би постоеле такви места, би знале дека..., тоа место е за мене, таквите како нас и мислам дека многу подобро би било, да.”

(AU_KP_AID_004_ops)

Б- ...сега..., помалце... (пари им даваат родителите, н.з.) Ќе ти дадат со пола уста, ќе ти промрља нешто, ќе ти просере.

А- Да. Пази што ќе правиш со тоа.

Б- Да де, да. И помалце ти даваат. Знаат дека си џанки.

А- Страм ми е да ти дадам, ти вика.

(AU_IS_AID_002.doc)

„Па, се зависи од потребата. Сега зависи од количината на дрогата колку сум зел и колку ми останало. Се зависи. Може и сабајле, може и навечер. Напладне. Се зависи..., од робата колку ми е останато.”

(AU_PP_AID_003)

„Од лица што..., продаваат. Што користат. Еве на..., собираме пари. Или тие пари едноставно ја што сум ги зела, што сум ги набавила, како..., се знае више како. Ги давам на некое лице што користи, исто од друштвото мое и..., и ми набавува.”

(AU_RJ_AID_001)

„Па, да. Ако се снајдев или... Или купиш метадон..., или..., купиш..., рецепту... Што ја знам. Или да (нејасно) с'с њега, он даземе од аптеку или на моје име ако зему од доктора, мада тој потешко у задње време, да ми напише доктор рецепту. И да купу од аптеку.”

(AU_SA_AID_005)

„Па..., што знам... Од свугде можеш да најдеш, од некои људе. Знаемо ги тија што се хероинаши, од њима зимамо. А, они немам појма, од некоју аптеку..., а и плус на едно девојче мајка ву, у аптеку работи. И она исто, зима од тамо, мајка ву му донаса.”

(AU_KP_AID_003)

„Добро пак сакам да кажам или си кнап со пари или си давал кај дилерот си без пари доаѓаш тука зимаш чисто стерилно све. За да не дојде до ситуација да мораш да бидеш принуден поради кризи да земеш да се боцнеш со друга игла, од некој друг, со друг шприц и такви ред работи.”

(AU_SD_AID_002)

„Да еднаш ми се има случено само (да земе туѓ прибор, н.з.), и од тогаш закачив хепатит Ц ... Со иста игла.”

(AU_PP_AID_001)

„Не што сум ја нашол, али едно два-три пати ми се случило, а..., пред неколку време..., пред да дојдеме во вашата организација, отпос..., после тоа, кога слушнавме дека се даваат такви препарати, тогаш, од тогаш више не сум употребувал. Али ми се случило два, три, па и четири пати од дрога ...една инекција и..., и сме ја употребиле заедно.”

(AU_SA_AID_001)

„Па, зависи. Некад... К'д се нема. К'д се нема, да... Најчесто... Зависи. Некад и..., пушимо гу, некад..., зависи, како можемо и у криза ако не фати. На пример гледамо што побрзо да га завршимо, така да не гледамо како смо га тој направил, како смо га спремиле, најбитно е да се задоволимо што се вика... Така да зависи од ситуацију, од време.”

(AU_SD_AID_001)

„Да. Некад само... Еднаш ми се има случено... да..., да земам од туѓи... Од другар земав... Не, ми кажа дека има хепатит, а..., а у Државна му викале дека има хепатит, а у МАНУ му викале дека нема хепатит... Ама го исчистивме."

(AU_PP_AID_004.doc)

„Па, зависи. Претежно..., што ќе се малтретираме, еднаш, два пати, три пати, вака еднаш се полни и..., се шприцаме."

(AU_RJ_AID_001.doc)

„Не. Извлечу један приц, па после..., измеримо колко има и поделимо. И после од тој шприц сите се дрогират."

(AU_SA_AID_001.doc)

„Па, не. Некад се десило, пример с'тија што смо биле да користимо свите од један шприц. На пример, некад."

(TB_KP_AID_004)

„Кога конечно прочита дека внатре има 3,4 мл течност, го зеде третиот шприц и полна да го полни преку неговиот отвор за игла. Рамномерно ја подели содржината во двата шприца. Едниот му го даде на типот напред. Конечно дојде моментот на инјектирање."

(TB_NN_AID_005)

„Имено, дечкото кој ја возеше колата, претходно ми беше кажал дека не е негова, туку на татко му, а дека тој имал претходно Цитроен Ц2, но татко му му го продал. Па поради фактот дека утре татко му ќе ја вози колата, не оставаше ни малце простор за компромис да ни случајно игла или шприц или дури пластичното капаче на иглите останат во колата, било под седиштето, во страната на вратата или било каде. Па така, додека едниот ја спремаше робата, а овој напред ги подготвуваше гановите, неконтролирано истовремено фрлајќи ги најлончињата и капачките низ прозор, не забележа што и колку фрлил. Па во еден момент го фати паника, излеговме сите од колата, ги вклучи сите можни светла кои ја осветлуваат колата внатре и почнавме систематски да ја претураме колата барајќи го изгубеното капаче. Другар му цело време му кажуваше дека е во грешка, и дека се е во ред, но овој во моменти на акутна паника дури почна да се дере и вика по другарот како веќе никогаш нема да ја земе колата за да идат по роба и слично. За неколку мигови се се заврши среќно. Откако добро ја пребаравме колата и не најдовме ништо, сопственикот на колата се смири и сите влеговме назад во колата."

„Двајцата корисници кои заминаа во шумата да се боцкаат се вратија но не ми го вратија приборот. Кога ги прашав зошто не ми го вратија приборот ми рекоа дека таму имало еден куп шприцеви, па зошто тие да го вратат нивниот."

(TB_KP_AID_004.doc)

„Почнавме со делот за психичката зависност од хероин. Во тој момент, дечкото што седеше напред го спомна следново: „Тоа веќе ни е во психата, самата игла. Едноставно мораш да се боцнеш. Тоа некои го викаат игломанија!"."

(AU_AS_AID_001.doc)

„Па нормално како и сите родители шо, шо се родители на деца кои земаат дрога. Се во шок, не им се верува дека нивното дете го прави тоа. Потоа даваат се од себе за да се излечи. То повеќе му обрнуваат внимание на своето дете. Највероватно мислејќи дека детето почнало да се дрогира затоа што не му обрнуваат внимание. Меѓутоа не е заради тоа. Како што кажав родителите не им се верува ова дека нивното дете го прави тоа, се дрогира. И тоа дават се од себе да го спасат да го извлечат."

(AU_PP_AID_009)

„Моите родители? Јас..., јас ги жалам нив. Многу ми е тешко околу нив. Мајка ми е на умирање. Депресивни се, тажни што..., што се трудат да ми помогнат на секаков начин, ама..., некако џабе тоа. Нема резултати од мене. Не што не сакам, него..., се чуствувам немоќна во тој поглед. Тие се..., не знам..., можеби со премногу болка. Покрај се што имам направено, покрај сите тие..., лаги, сите тие..., крадења од дома, сите тие..., превари, глупости..., тие пак се, се фини со мене и се заборавија на тоа. Ми опростија само за да ми помогнат, ама..., без резулатати... Да ти кажам најискрено и... Делувам бурно понекогаш. Дури има после толку време, сама на себе да си признаам дека..., дека сум наркоман, дека..., јас зависам од тоа. Дека тие сакаат да ми помогнат само со тоа што го прават,... Ама, во некои моменти воопшто не ме интересира. Воопшто. Едноставно, не ги ни слушам..., така сум, незаинтересирана. Све исто ми е. (се смешка)"

(AU_PP_AID_001)

„Па, тие гледаат дека нешто не е во ред, но не се сигурни. И тие не знаат што се случува со мене. И..., и многу често зборуваме за тоа. Ја нормално, не сакам да кажам, пошто ќе имам и проблеми, не дека проблеми, тие нормално ме сакаат многу, али..., да не им објаснувам и јас сум во таква ситуација, морам да земам, лошо ми е, за тоа не сакам да кажам и... Ми треба помош."

(AU_RJ_AID_002.doc)

„Од стрико што ми е. Он је почнаја, међу први у Куманово, од `91 година се дрогира. Скоро петнаес године се дрогираше... Да. Имаше, беше много љубопитна, интересно би беше тој да гледам. Имала сам прилике да га гледам. У почетак. Тој е било, мислу за мене е било почетак, за њега је било крај фактички. Ја четири године еве како зимам, како му доваѓа, а он веќе пред крај беше с`с остављање. Да гледам фазе на његово боцкање, фиксање. Фактички од њега сам научила едноставно. Да виду како се користи, што е како.

Што познавам ја, много. На моји другачки, пример сестре или братучетке што су многу помали, принудени су некој пут, они ги малтретирав, да зимав паре од дома, па навлечев ги. Као, наводно навлече те само колко да има приходи од куде да зима, материјално да ги користив. Тој су много мали деца."

(AU_PP_AID_001)

„Па, јас доста долго се криев. Дека..., ова време..., така гледав во школо да бидам..., стабилизирана, по..., да не бидам толку отсутна. Така. Можеби тие сумљаа, претпоставуваа, ама никогаш не дозволив тоа да..., да се прави нешто муабет околу тоа и да бидат сто посто сигурни дека користам дрога. Се трудев да..., да не биде така тоа... Па, тогаш... Да, користев..., кога..., како што кажав поретко. Затоа што..., подобро ми беше, на пример да избегам од школо и да одам до дома да..., за да се средам, да ги тргнам тие кризи, отколку да седам по..., да ги правам сите тие работи. Многу, многу ретко ми се има случено, да, имам носено со себе..., тоа за секој случај, ама..., ретко ми се има случено, да више во ептен такви крајни случаи, кога не сум можела да издржам."

(TB_RJ_AID_003)

„Почнаа да ми раскажуваат дека некогаш земаат хероин и за време на часовите, т.е. за време на одморите помеѓу часовите и као го набавуваат. Дека некогаш се јавуваа по телефон на одредена личност (дилер) и истиот дрогата има ја донесува и во школото, што мене искрено многу ме зачуди."

(AU_RJ_AID_001.doc)

„На мене не, али..., на некои мои другари да. Затој што е наркоман... Па, еве на пример, еден дечко има на пример... Постар од мене. Али има проблеми с'с вене, ноге попуштене, појма немам... Не га примав у болницу да лега, затој што е наркоман. Не га примав да лега да се лечи тамо од туј болест..., затој што..., има..., наркоман и је на хептанонску терапију и не га примав на... Као ти си наркоман, овој..., значи ако си наркоман... нема да те лечу за тој што си наркоман. Сфаќаш?... Да. Да. Веќ ти си друго нешто болан. Тој друго што ти е, нема врску. И много..., уствари ми кажаја дека не га примиле затој што е..., овој. Мислим... Страшна работа е овој што се дешава, стварно не знам, мислу дека нигде у свет нема такви работи што се дешавав овдека."

(AU_KP_AID_007)

„адолесцентите под осумнаес годишна возраст ние не ги контактираме директно преку програмата за размена на прибор за инјектирање, зашто нели според законската обврска може..., а во тој случај треба да ги..., информираме нивните родители. А, единствено може само повремено, нели, за одредно советување од страна на здравствено лице, од страна на социјален работник и така натаму. Значи нема, нашата програма не е стрикно, т.е. нашите програми не се стрикно дизајнирани за луѓето под осумнаес годишна возраст. Не затоа што ние не би сакале, туку затоа што законски сме спречени."

(AU_IS_AID_004)

„Може. Еве, една случка баш тука во градот наш немаше..., а..., дро..., дрога, хероин немаше и морав да одам во друг град, во Тетово. Така да, кога се вратив, јас таму завршив работа, кога се враќам назад, тука на патарина, ме сопре полиција и..., едноставно ме зедоа у полиција, мислам ми го најдоа..., тоа..., дрогата и ме зедоа во полиција и многу..., психичко малтретирање. Мислам ме држеа многу, ме прашуваа од каде е, што е, зашто сме ја зеле. И така. Малтретирање мислам психичко, да."

(AU_IS_AID_002)

„Одвратен. Ама баш одвратен. Мислам одвратен е сега да се разбереме не ме тепаат, не ме..., мислам малтретираат, не ме малтретираат физички, ме малтретираат психички. Пошто, од кога имаме проблем тие не ...дрога или нешто, само ете..., онака. Наводно искази дека продавам дрога и такви работи. И поради тоа најчесто ние имаме проблем. Али..., без успешно ги извршуваат сите претреси, не е најдено дрога кај мене дека продавам, си инјектирам, тие познанства од време тоа од вчера или од завчера. Ама..., тоа е. (нејасно) Не бираат ни време, ни место.”